# Локална Агенда 21

## за Општина Велес




ВЕЛЕС 2005

# ЛОКАЛНА АГЕНДА 21
# ЗА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Велес
2005

**ЛОКАЛНА АГЕНДА 21 ЗА ОПШТИНА ВЕЛЕС**

**ИЗДАВАЧ:**
ЕД “ВИЛА ЗОРА“ ВЕЛЕС

**УРЕДНИК:**
БИЛЈАНА ШУРКОВА-МАНАСКОВА

**ТЕХНИЧКА ОБРАБОТКА**:
БИЉАНА КУЛЕВА
ADAM ROCKEL

**ЛЕКТУРА:**
БИЉАНА КУЛЕВА

**КОРИЦА**:
ФОРУМ ПРИНТ - КУМАНОВО

**ТИРАЖ:**
100 ПРИМЕРОЦИ

# *Предговор*

Одржливиот развој не е прашање на избор. Тој е императив. Мора да направиме се што е во нашите можности, дури и ако тоа би значело одредени жртви во периодот на промени и транзиција. На децата мора да им оставиме свет во кој вреди да се живее, свет со чиста и здрава животна средина и правично општество. Ова е наша должност која мора да ја оствариме. (*Романо Проди*)

Исправени пред предизвикот и чувствувајќи ја силината на овие зборови, ЕД "Вила Зора" во партнерство со Општина Велес започна да го трасира патот на стратешко планирање на локалната заедница во обласга одржлив развој.

Одржлив развој е развој што ги задоволува потребите на сегашните генерации, без да ја загрози можноста идните генерации да ги задоволуваат своите потреби. (Светска комисија за одржлив развој, 1987г.)

Во срцето на концептот е верувањето дека социјалните, економските и целите на животната средина треба взаемно да се надополнуваат и да бидат меѓусебно зависни во текот на целиот развоен процес.

Материјалниот просперитет треба да се постигнува паралелно со социјалниот напредок и грижата за животната средина доколку сакаме истиот да биде одржлив.

Општина Велес во минатото имала несинхронизиран развој кој создал крупни негативни последици.

Во седумдесеттите години во општината се извршиле крупни инвестициски циклуси, кои овозможиле добар економски развој. Од друга страна, во тоа време воопшто не се размислувало за последиците од засилениот економски развој врз животната средина и здравјето на луѓето. Денес загадувањето на животната средина продолжува, иако најверојатно е намалено, со оглед на тоа што еден дел од загадувачите не работат или пак работат со намален капацитет. Сепак, последиците од прекумерното загадување на животната средина ќе се чувствуваат уште долго време.

Комплексноста на проблемите кои влијаат во градот ги покажа ограничувањата на традиционалните форми на планирање. Денес методологијата еволуира и ги вклучува учесниците од сите сегменти во општеството во планирачкиот процес, не само заради постигнување на консензус за идните акции, туку и за да се земат во предвид сите политички, социјални, културни и технолошки потреби во локалната заедница.

На оваа методологија и пристап се креира ЛА 21 за Општина Велес.

Затоа, денес пред Вас е Стратегијата за интегриран и одржлив Велес.

Билјана Шуркова-Манаскова
Координатор на проектот

# ЧЛЕНОВИ НА ГРАЃАНСКИ КОМИТЕТ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

| Име и презиме | Организација | Сектор |
|---|---|---|
| Билјана Шуркова-Манаскова | ЕД“Вила Зора“ | НВО |
| Костадин Настевски | Општина Велес | ЛС<br>Урбанизам, градежништво и заштита на животна средина |
| Александар Костовски | Општина Велес | ЛС<br>Месни заедници |
| Сашко Ристевски | Општина Велес | ЛС<br>Локален економски развој |
| Јадранка Митевска | Општина Велес | ЛС<br>Центар за информирање на граѓаните |
| Горан Чучуковски | Општина Велес | ЛС<br>Информатички центар |
| Петре Најдов | Центар за вработување | Институција за вработување |
| Ѓоре Јорданов | ЈКП “Дервен“ | ЈКП |
| Вера Ристова | Завод за здравствена заштита | ЈЗО |
| Снежана Петрова | Завод за здравствена заштита | ЈЗО |
| Љубинка Попова | ШС “Бабуна“ | ЈП |
| Ефтимија Карбева-Лукарова | Дневен центар за деца со посебни потреби<br>Член на Совет на Општина Велес | Центар за социјални работи |
| Станка Амбаркова | ГП “Бетон“ | Градежно претпријатие |
| Петар Стојанов | СИЛХЕМ | Бизнис сектор |
| Слаѓана Никова | Ников Консалтинг | Бизнис сектор |
| Искра Данаилова | Дени инкубатор | Бизнис сектор |
| Димче Велев | Центар за поддршка на НВО - Велес | НВО |
| Александра Крстевска | Организација на жени - Велес | НВО |
| Лидија Пљакова | Асоцијација за демократски вредности | НВО |
| Александар Кукулев | Грин Пауер | НВО |
| Зати Рамаданов | ЗГР “Романи Бах“ | НВО |
| Томе Трајков | Феријален центар - Велес | НВО |

# СТРУЧНА ПОДДРШКА КОН СТРАТЕГИЈАТА

| Име и презиме | Организација | Категорија |
|---|---|---|
| Јордан Бајрактаров | РЕЦ - Канцеларија во Македонија | Методологија за изготвување на ЛА 21 |
| Весна Шкортова | Центар за поддршка на НВО | Методологија за изготвување на акционен план |
| спец. Родна Јанчева | Центар за социјална работа | Социјална состојба |
| д-р Вера Ристова | Завод за здравствена заштита | Здравствена заштита |
| прим. д-р Маријонка Дејановска | Медицински центар | Здравствена заштита |
| м-р Асен Прличков | ОУ "Васил Главинов" | Образование |
| Александар Костовски | Општина Велес | Месна самоуправа |
| Ѓоре Јорданов | ЈКП "Дервен" | Комунална инфраструктура |
| Соња Пренцова-Јуруковска | Општина Велес | Урбано планирање |
| Љубинка Поповска | ШС "Бабуна" | Шуми |
| д-р Бошко Ников | Ников Консалтинг | Заштита и унапредување на животната средина |
| Јадранка Митевска | Општина Велес | Локална власт |
| м-р Искра Данаилова | Дени инкубатор | Локална економија |
| Димче Велев | Центар за поддршка на НВО | Граѓански сектор |
| Дијана Иванова | ТВ "Здравкин" | Кампања за ЛА 21 |

## Активисти на ЕД "Вила Зора" кои дадоа придонес во проектот

| Име и презиме | Задача |
|---|---|
| Биљана Кулева | Техничка обработка |
| Наташа Здравкова | Анкетар |
| Александра Петкова | Анкетар |
| Драган Настовски | Анкетар |
| Подмладок на ЕД "Вила Зора" | Дистрибуција на пропаганден материјал |
| Адам Рокел - волонтер од Мировен корпус | Подготовка на пропаганден материјал |

# РАБОТНИ ГРУПИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

| Работни групи | Претседател | Членови |
|---|---|---|
| ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ | Искра Данаилова | Сашко Ристовски<br>Димче Велев<br>Маја Коцевска<br>Светлана Панова<br>Стојне Илиева<br>Сузана Тодоровска |
| СОЦИЈАЛА, ЗДРАВСТВО И ОБРАЗОВАНИЕ | Ефтимија Карбева-Лукарова | Лидија Пљакова<br>Петре Најдов<br>Зати Рамаданов<br>Снежана Петрова<br>Вера Ристова<br>Соња Гаврилова<br>Родна Јанчева<br>Маријонка Дејановска<br>Ненад Коциќ<br>Весна Дончевска |
| ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНА СРЕДИНА | Бошко Ников | Слаѓана Никова<br>Костадин Настевски<br>Снежана Петрова<br>Вера Ристова<br>Славчо Ристов<br>Љубинка Поповска<br>Александар Кукулев |
| УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ | Костадин Настевски | Томе Трајков<br>Александар Костовски<br>Станка Амбаркова<br>Соња Пренцова-Јуруковска<br>Ѓоре Јорданов |
| ЛОКАЛЕН ДЕМОКРАТСКИ РАЗВОЈ | Лидија Пљакова | Петре Најдов<br>Јадранка Митевска<br>Зати Рамаданов<br>Александра Крстевска<br>Димче Велев<br>Горан Чучуковски<br>Анида Цецева |

# Анализа и проценка на заедницата

# ДЕМОГРАФИЈА



# Демографски карактеристики на Општина Велес

- Според статистичките податоци од пописот во 2002г., по новата територијална поделба, Општина Велес брои 55 108 жители;
- 50,1% се од машки пол (27 632);
- 49,9% се од женски пол (27 476);
- Има вкупно 16 959 домаќинства;
- Вкупниот број на станови е 20 717;
- Просечната големина на семејство изнесува 3,25 члена и бележи тренд на опаѓање;
- Има вкупно 44 820 население на возраст од 15 и повеќе години, од кои економски активни се 24 248, а неактивни 20 572 граѓани;
- Во општината има вкупно 16 688 невработени лица, од кои 12 053 се од град, а 4 635 од село (податоците се од Агенција за вработување на РМ, состојба на 31.05.2005 г.);
- Националност:
  - 84,86 % Македонци (46 767)
  - 4,37 % Бошњаци (2 406)
  - 4,17 % Албанци (2 299)
  - 3,13 % Турци (1 724)
  - 1,45 % Роми (800)
  - 0,98 % Срби (540)
  - 0,62 % Власи (343)
  - 0,42 % други (229)
- Вкупно население (на возраст над 10 години) по пол и писменост:
  - писмени 47 655, од кои 24 104 се мажи и 23 551 се жени;
  - неписмени 1 399, од кои 406 се мажи и 993 се жени.
- Структура на население (на возраст над 15 години) според школска подготовка:
  - сеуште во процес на образование - 58
  - без никакво образование - 1 461
  - со непотполно основно образование - 6 243
  - основно образование - 12 401
  - со средно - 20 491
  - со вишо - 1 553
  - со високо - 2 770
  - магистратура - 40
  - докторат - 7
- Констатиран е значаен пораст на миграцијата од село во град до 90тите години, последните десетина години има обратна миграција, особено на постара популација;
- Констатиран е значаен пораст на миграција на работоспособно население од општината надвор од границите на РМ;
- Според планските предвидувања, населението во градот ќе се зголемува до 2010 год. Руралното население исто така ќе бележи пораст.

Забелешка: Податоците се од Пописот на населението, домаќинствата и становите во РМ, 2002 година, прилагодени на новата територијална поделба на РМ, дефинитивни податоци, мај 2005.

## SWOT анализа за категорија - демографија

| | |
|---|---|
| Сили<br><br>➢ 55 108 жители<br>➢ полова рамнотежа<br>➢ хармонизирана мултиетничка средина | Што да правиме за да ги искористиме силите?<br>➢ добри потенцијали за спроведување на концептот за одржлив развој (општина од средна големина)<br>➢ да се искористи рамнотежата за подеднакво вклучување на жената во родова сензибилизација на јавноста, подеднакво вклучување во јавна сфера и органи на одлучување<br>➢ искористување на добрите човечки ресурси како фактор за економски развој |
| Слабости<br><br>➢ 16 688 невработени, а работоспособни граѓани<br>➢ миграција на работоспособно население надвор од границите на државата<br>➢ 2,8% неписмено население (претежно од етничките заедници)<br>➢ 13,9% граѓани со непотполно основно образование | Што да правиме за да слабостите ги претвориме во сили?<br>➢ креирање на услови за нови работни места<br>➢ спроведување и почитување на законската регулатива за вработување<br>➢ отворање на едукативни центри за оваа категорија граѓани<br>➢ улога на НВОи за мотивирање на граѓаните за школување |
| Можности<br><br>➢ децентрализацијата како процес<br>➢ донатори<br>➢ Министерство за образование и наука<br>➢ Министерство за труд и социјална политика | Што да правиме за да ги искористиме можностите?<br>➢ интензивно лобирање за праведна застапеност на жената во сите сфери на живеење<br>➢ спроведување на законската регулатива за задолжително основно образование<br>➢ зајакнување на контролата на нерегуларно вработените лица |
| Закани<br><br>➢ неповолна економска состојба во државата<br>➢ рестриктивен државен буџет<br>➢ слаба кадровска екипираност на инспекторатите | Што да правиме за да ги избегнеме заканите?<br>➢ искористување на донациите (преку проекти, стратегии, планови) за спроведување на зацртаните активности |

# СОЦИЈАЛНА БЛАГОСОСТОЈБА



# Социјална благосостојба на граѓаните во општина Велес

Република Македонија, според соодветна категоризација, е означена како "држава на благосостојба" - државата издвојува средства за социјално загрозени и незаштитени индивидуи и заедници.

Во последните години на транзиција се случи:

- Преструктуирање на стопанството (индустрија и сообраќај) каде имаше голем број на вработени;
- Со згаснување на големите индустриски капацитети, голем број на граѓани останаа без работа.

Во овој момент, населението опстојува со државни мерки за заштита.

Сиромаштијата, невработеноста и социјалната дезинтеграција резултираа со изолација, маргинализација и насилство. Многу луѓе се соочуваат со својата неизвесна иднина.

Предизвикот поставен пред локалната заедница е како да се справи со овие процеси и закани за да се ублажат негативните последици по луѓето?

Со децентрализацијата се отвораат можности за подобрување на оваа состојба.

## Социјална состојба на населението

- 16 688 невработени - 50,1% мажи, 49,9% жени;
- 12 053 невработени се од градот, а 4 635 од село;
- 2 500 семејства се корисници на социјална помош;
- Корисниците се работоспособни, но немаат работа;
- Со помошта се остварува егзистенција сведена на биолошко опстојување (за прехрана, но не и за други потреби: хигиена, давачки за струја, вода, ТВ, весник);
- Дел од населението 12 години прима социјална помош која како мерка е донесена во 1992г.;
- Недоволните средства за живот од социјалната помош го туркаат населението во сива економија, од што државата и локалната заедница трпат голема штета;
- Заработувањето на нелегален начин е спротивно на законските и моралните норми;
- Се профилира лош модел - од личноста се прави модел на однесување кој се пренесува во семејството; децата се учат како да го изигруваат законот;
- Со ова се прави долгорочна штета на идните генерации;
- Голем дел на семејствата кои користат социјална помош имаат деца кои не посетуваат училишна настава.

## Социјална слика на општината

- 260 корисници на постојана парична помош (самохрани мајки со дете до 3год. возраст, изнемоштени стари лица);
- 768 лица за нега и помош од друго лице (хронично болни);

- Оваа помош не е лимитирана со материјалните средства на семејството, па и лица со големи примања се нејзини корисници;
- 55 деца згрижени во социјални установи или други семејства;
- 618 хендикепирани, од кои дел имаат способности сами да заработуваат. Тие треба да се вклучат во работните процеси;
- 54 лица под старателство (алкохоличари, болни од тешки неизлечиви болести, со тежок хендикеп). Старателството и со децентрализацијата останува под државна капа;
- 26 лица живеат во старски домови надвор од општината. Ова претставува висок степен на ризик за старите лица, кои најчесто поради неадаптацијата брзо умираат;
- 180 старски семејства кои имаат потреба од постојана помош;
- 80 малолетници - деликвенти. Деликвенцијата бележи голем пораст;
- 60 активни корисници на дрога (официјален број), неофицијален 5 пати поголем;
- 180 регистрирани пробатори на дрога;
- 45 лица се занимаваат со улична проституција;
- 2 000 социјално исклучени лица;
- 54 деца на улица (споредено со другите градови скоро на врвот);
- 17 бездомници;
- 98 семејства побарале помош од Советувалиштето за брак и семејство поради проблеми во бракот;
- 34 лица жртви на семејно насилство (жени и деца).

**Што со децентрализацијата?**

На локално ниво за грижа и заштита преминуваат:
- хендикепирани;
- стари;
- социјална патологија (бездомници, социјално исклучени, зависници, деликвенти).

**Која социјална политика треба локалната заедница да ја реализира?**

Законски можности постојат за:
- стручни лица како поединци да вршат работи од социјалната заштита (советувалишта по категории);
- јавни установи да формираат посебни оддели по категории;
- да се формираат институции на локално ниво. Како најефикасни се покажале дневните центри по посебните категории.

Во општината во овој момент има:
- Дневен центар за лица со посебни потреби (вонинституционална форма на заштита);
- Клуб на лекувани алкохоличари (невладина организација)

со позитивни искуства во работата.

Потребни се:
- дневен центар за стари лица; за деца бездомници; дневна болница за зависници; центар за згрижување на жртви од семејно насилство.

## SWOT анализа за категорија - социјална благосостојба
### Подкатегорија: социјална патологија

| | |
|---|---|
| Сили<br><br>➢ постојат социјални институции на локално ниво<br>➢ дневен центар за лица со посебни потреби со позитивни искуства во работата<br>➢ клуб на лекувани алкохоличари | Што да правиме за да ги искористиме силите?<br>➢ зајакнување на улогата на локалните социјални институции (особено на постоечките дневни центри и клубови) |
| Слабости<br><br>➢ 2 500 семејства се корисници на социјална помош<br>➢ недоволните средства од социјалната помош за живот го туркаат населението во сива економија<br>➢ се профилира лош модел на идните генерации<br>➢ деца на социјални корисници вон наставен процес<br>➢ 618 хендикепирани<br>➢ 180 старски семејства кои имаат потреба од постојана помош<br>➢ 60 активни корисници на дрога (официјален број), неофицијален 5 пати поголем<br>➢ 180 регистрирани пробатори на дрога<br>➢ 45 лица се занимаваат со улична проституција<br>➢ 2 000 социјално исклучени лица<br>➢ 54 деца на улица<br>➢ 17 бездомници<br>➢ 34 лица жртви на семејно насилство (жени и деца) | Што да правиме за да слабостите ги претвориме во сили?<br>➢ користење на корисниците од институциите за соодветни услуги<br>➢ локалната заедница да донесе соодветен акт за ослободување на % од давачките за сметка на бесплатни часови работа во јавните институции (ЈКП, ШС и др.)<br>➢ работоспособните да се вклучат во работните процеси<br>➢ обезбедување на нега на стари лица во домашни услови<br>➢ здравствено просветување на родителите и учениците за опасностите при конзумирање на дрога<br>➢ кампањи за борба против дрогата<br>➢ основање на дневна болница за лекување на зависниците<br>➢ формирање на дневни центри по соодветните категории од социјалната патологија |
| Можности<br><br>➢ децентрализацијата како процес<br>➢ законски можности<br>➢ донатори | Што да правиме за да ги искористиме можностите?<br>➢ на локално ниво за грижа и заштита преминуваат:<br>- хендикепирани;<br>- стари; |

| | |
|---|---|
| ➢ Министерство за труд и социјална политика<br>➢ национални НВОи кои работат со специфична социјална патологија (наркомани, хендикепирани, деца на улица)<br>➢ интернационални организации и фондации кои донираат проекти за специфична група на социјални категории | - социјална патологија (бездомници, социјално исклучени, зависници, деликвенти)<br>➢ со новата законска регулатива стручни лица како поединци имаат можност да вршат работи од социјалната заштита<br>➢ јавни установи да формираат посебни оддели по категории<br>➢ да се формираат институции на локално ниво<br>➢ зајакнување на контролата на злоупотреба на хендикепираните при вработувањето<br>➢ користење на искуствата на други НВОи и нивно спроведување на локално ниво<br>➢ користење на искуствата и донациите за подобрување на состојбата |
| Закани<br><br>➢ неповолна економска состојба во државата<br>➢ рестриктивна социјална политика на државата<br>➢ државата претставува транзитен центар на дрогата | Што да правиме за да ги избегнеме заканите?<br>➢ искористување на донации (преку проекти, стратегии, планови) за спроведување на зацртаните активности<br>➢ превенција кај младата популација преку кампањи, едукација |

## Здравствена состојба на населението

- Наталитет - број на новородени во 2003г.

13,7% - не бележи големи промени во последните десеттина години, но е помал споредено со републичкиот просек;

- Морталитет - број на умрени во 2003г.

8,9% - бројот е повисок во однос на републичкиот просек;

- Природен прираст - разлика меѓу новородени и умрени

4,8% - бележи тренд на намалување;

- Морталитет на доенчиња - многу важен индикатор

1991 - 20%
2003 - 10,2%
констатирано е големо намалување;

- Морталитет на доенчиња во град и село

Во село има поголема смртност на доенчиња отколку во град, но и таму смртноста бележи тренд на опаѓање;

- Причина за смрт (податоци од 1991-2003г.)

I место - циркулаторни заболувања
II место - малигни заболувања
III место - респираторни заболувања

- Морбидитет (заболувања) кај возрасно население

I место - болести на циркулаторниот систем
II место - неоплазми - се бележи пораст
III место - респираторни заболувања

- Болести кај деца од 0-6г.

I место - болести на респираторниот систем
II место - инфективни и паразитарни болести
III место - болести на кожа и поткожни ткива

- Болести кај училишни деца

I место - респираторни заболувања (во години на големо аерозагадување, овие болести се застапени со: 81,9% - 1994 г., 81,7% - 1995г.)
II место - болести на мускули, скелет и сврзно ткиво
III место - болести на око и атнекси

- Болести кај жени

I место - болести на генито-уринарен систем
II место - неоплазми на полни органи

- Неоплазми кај жена, бенигни и малигни, на дојка и полни органи:

1999г. - 11,6%
2001г. - 6,7%
2002г. - 8,8%
2003г. - 8,5%

Неоплазмите имаат висок процент на застапеност во однос на републичкиот просек.

- Стерилитет
  2001г. - 3%
  2002г. - 3,1%
  2003г. - 3,2%

Ова се официјални податоци, но голем дел од жените се лекуваат во приватни ординации и болници, така што неофицијалната бројка е поголема.

- Спонтани абортуси:

1999г. - 1,8%
2001г. - 1,5%
2002г. - 0,9%
2003г. - 0,9%

**Генерален заклучок:** загадената животна средина влијаела негативно врз здравјето на луѓето. Ова особено се констатира во периодот на интензивна работа на Топилницата, што кореспондира со бројките и статистичките податоци.

Иако заболувањата не можат да се поврзат само со загадената животна средина, туку и со социјалните, економските, хигиенските и др. фактори, сепак граѓаните сеуште ги чувствуваат последиците преку нивното нарушено здравје.

Од болестите кои бележат пораст во последните години се:

- болести на циркулаторен систем и малигни заболувања кај возрасното население (зголемувањето на заболувањата го следи трендот присутен во нашата држава и во развиените земји);
- неоплазми кај женска популација;
- респираторни заболувања кај детската популација од градот.

Со добивањето на ICP апаратурата која е сопственост на општината, а е дадена за работа на Заводот за здравствена заштита и со реализирање на "Програмата за интегрално следење на здравјето на населението и на следење на животната средина со тешки метали" (за што Владата оваа година одобри средства), ќе се добие комплетна слика.

Се појавува потреба од редовно систематско следење на здравствената состојба на населението. Воедно потребно е изготвување на Локален здравствен еколошки акционен план - ЛЗЕАП кој ќе ги прецизира, сумира и комплетира најновите податоци и ќе предложи акции за надминување на состојбата.

Забелешка: Сите наведени податоци се од Заводот за здравствена заштита - Велес.

## SWOT анализа за категорија - социјална благосостојба
### Подкатегорија: здравствена заштита

| | |
|---|---|
| Сили<br><br>➢ намален морталитет на доенчиња<br>➢ заразните болести ставени под контрола<br>➢ ICP апаратура за испитување на здравствената состојба на населението и следење на животната средина со тешки метали | Што да правиме за да ги искористиме силите?<br>➢ континуитет во активностите околу:<br>- редовна вакцинација;<br>- подобрување на комуналните услови;<br>- контролирано водоснабдување;<br>- стручно стопанисување со водата за пиење.<br>➢ резултатите од испитувањата со ICP ќе се искористат за превземање на активности за санирање на последиците од загадувањето |
| Слабости<br><br>➢ зголемен морталитет<br>➢ поголема смртност на доенчиња во село отколку во град<br>➢ болести на циркулаторниот систем на прво место како причина за смрт и како заболување<br>➢ неоплазмите кај женската популација во пораст<br>➢ бројот на респираторните заболувања кај детската популација кореспондираат со годините на интензивно аерозагадување<br>➢ загадената животна средина негативно влијаела врз здравјето на луѓето | Што да правиме за да слабостите ги претвориме во сили?<br>➢ подобрување на економската состојба на младото продуктивно население<br>➢ подобрување на условите за живот и здравствената состојба на старото население<br>➢ подобрување на здравствената заштита во селата<br>➢ здравствена едукација на месното население<br>➢ реактивирање на постоечките напуштени амбуланти во селата<br>➢ здравствена едукација на населението (избегнување на цигари, алкохол, брза храна, промовирање на движење во природа)<br>➢ унапредување на превентивната здравствена заштита<br>➢ набавување на неопходната апаратура за гинеколошки прегледи и прегледи на дојка кај жените<br>➢ кампања за здравствено просветување на жената<br>➢ задолжителен и партиципативен годишен преглед кај жените |

| | |
|---|---|
| | ➢ активности за борба против сидата како чума на 21 век<br>➢ подобрување и санација на состојбите со загадувањето |
| Можности<br><br>➢ децентрализацијата како процес<br>➢ законски можности<br>➢ Министерство за здравство<br>➢ Фонд за здравство<br>➢ Светска здравствена организација<br>➢ домашни и меѓународни организации и фондации кои донираат проекти за унапредување на здравјето<br>➢ медиуми | Што да правиме за да ги искористиме можностите?<br>➢ формирање на Диететски центар во рамките на Заводот за здравствена заштита<br>➢ проекти за набавување на:<br>o мамограф<br>o колпоскоп<br>o добар ехограф<br>➢ лобирање општината да се најде на приоритетната листа за санирање на здравствените последици кај граѓаните и унапредување на превенцијата<br>➢ соработка за промоција на здравјето |
| Закани<br><br>➢ рестриктивна здравствена политика на државата<br>➢ нефинансирање на програмата на ЗЗЗ во наредниот период од Владата | Што да правиме за да ги избегнеме заканите?<br>➢ искористување на донации (преку проекти, стратегии, планови) за спроведување на зацртаните активности<br>➢ превенција кај популацијата преку кампањи, едукација, промоција на здравјето |

## Образование и образовни институции

Реформата на локалната самоуправа во Република Македонија се одвива континуирано.

Во делот на реформите образованието и образовниот систем беа меѓу првите. За таа цел е изработена Националната програма за развој на образованието во Република Македонија (2005-2015). Истата претставува долгорочно планирање, со јасно определена визија и мисија. Сепак, секоја општина си има своја специфичност, барања и приоритети во делот на образованието.

Велес е општина која по сите параметри отиде најдалеку во делот на полесно приспособување и вклучување на образованието во процесот на децентрализација. Активностите кои беа превземени допринесоа за јакнење на организациската поставеност на училиштата во градот. За таа цел беа превземени следните активности:

- Форум во Охрид организиран од локалната самоуправа и ФИООМ за децентрализацијата на власта на кои беа присутни претставници и од образованието;
- Семинар во Врановци со учество и поддршка на локалната самоуправа за организациска трансформација на образованието во Велес, од кој како придобивка започнаа и развојните планирања на училиштата;
- Обука на вработените во училиштата за правење, водење и реализација на проекти;
- Форум на НВО сектор, локална самоуправа и образование за воспоставување на заедничка соработка.

Придобивките се огромни, но тоа е далеку од посакуваната цел.

## Вид на образование

**Предучилишно образование**

- Постојат и работат 6 организациони единици на предучилишната установа "Димче Мирчев";
- Во градинките се опфатени 655 деца во 43 возрасни групи;
- Просториите се естетски уредени, адекватни, одговараат на педагошките барања и норми според бројот на децата;
- Мебел, опрема и друг инвентар - задоволувачки;
- Дворни површини уредени со тревници и цветни алеи;
- Работно-едукативен материјал правилно распореден по катчиња;
- Расположливост со аудио-визуелни средства;
- Богат библиотечен фонд;
- Реализација на програма "Чекор по Чекор"- една организациона единица работи како модел градинка.

**Основно и средно образование**

- 6 основни училишта;
- 4 средни;
- 1 за образование на деца со пречки во развојот;
- Интернатско сместување на ученици од средното образование;
- Работнички универзитет за дообразование, учење на занаети, јазици;
- Нижо музичко училиште;

- Во минатото бил развиен образовен систем прилагоден за потребите на постојното стопанство, за големите индустриски капацитети;
- Сегашната стопанска слика е видно променета поради структурни промени во производството.

***Заклучок:*** потребна е реформа во општинскиот образовен систем.
Таа ќе биде насочена во следните клучни подрачја на интервенции:

**Образование за сите**
- Развој на образовните можности за сите граѓани;
- Продолжување на процесот на децентрализација во образованието;
- Подигање на образовното ниво на населението;
- Ставање поголем акцент на задолжителното образование.

**Унапредување на интелектуалниот раст и учењето**
- Унапредување на наставата и учењето;
- Зајакнување на системот за иницијална обука и професионално усовршување на наставниот и раководниот кадар;
- Обезбедување на контрола на квалитетот;
- Поврзување на формалното и неформалното образование;
- Промоција на доживотно учење;
- Развој на информациското општество (отварање на Е - библиотеки).

**Зголемување на можностите за партиципација**
- Поголемо учество и соработка на НВО секторот со училиштата;
- Зголемување на учеството на училиштата со проекти во разни фондации;
- Создавање на услови за доброволни активности. (Волонтирањето сеуште претставува негативен стереотип. Причините се ненаоѓањето на смисла за ангажманот кој не носи директен личен профит, што делумно е резултат на несоодветно презентирани вредности во текот на воспитниот сегмент во образованието. Кај голем број млади постои желба за партиципација преку НВО, но не и знаење како и каде да се вклучат);
- Спречување на ексклузијата - голем број млади и невработени немајќи познавање и доверба во разните форми на социјално организирање (НВО, здруженија, асоцијации, друштва) се понагласено мислат дека единствена сфера која е отворена е политичкиот ангажман. Затоа и возрасната граница на младите кои се политички партиципиенти се спушта се подолу. Во следниот период ќе се превземат мерки за да се овозможи зголемување и подобрување на социјалната инклузија низ следните форми:
    - афирмација на социјалниот ангажман како вредност низ содржините на наставниот процес;
    - афирмација и запознавање на граѓанскиот сектор и можностите кои ги нудат НВО низ процесот на образование;
    - практика во НВО секторот во текот на школувањето;
    - стимулирање на волонтерскиот труд, како механизам за придонес и подобрување на состојбите во пошироката заедница.

## Потреби за инфраструктурни зафати во училиштата

**ОУ "Ј.Х.К. Џинот"**

- Оградување и осветлување на спортските терени;
- Подобрување на просторните услови на училиштето во Башино село;
- Изградба на спортска сала - долгорочно.

**ОУ "Васил Главинов"**

- Промена на дограмата во делот на училишната зграда каде што се изведува предметна настава;
- Адаптирање на поливалентен простор за потребите на учениците;
- Завршување на започнатата изградба на нова училишна зграда во с. Бузалково;
- Изградба на тениски игралишта.

**ОУ "Трајко Андреев"**

- Изградба на мини-сообраќаен полигон со велосипедска патека за потребите на сите училишта од градот;
- Реновирање на санитарниот систем;
- Реновирање на системот за греење;
- Промена на сите врати и прозорци во училиштето.

**ОУ "Кирил и Методиј"**

- Реконструкција на санитарните чворови;
- Уредување на дворна површина;
- Реконструкција на кровна површина;
- Вградување на систем за затоплување на спортската сала;
- Уредување на пропратни простории во спортската сала;
- Реконструкција на системот за греење;
- Промена на подот во училниците;
- Реконструкција на училиштето во с. Црквино.

**ОУ "Благој Кирков"**

- Реновирање на фискултурната сала*;
- Реновирање на училишната зграда;
- Подобрување на состојбата со санитарните јазли во училиштето.

**ОУ "Блаже Конески"**

- Уредување на училишниот двор според постоечки проекти;
- Изградба на забавно - рекреативен парк.

**ОУ "Рајко Жинзифов" - с. Оризари**

- Изградба на ново училиште.

**ОУ "Стојан Бурчевски - Буридан" - с. Иванковци**

- Реконструкција на централното училиште;
- Уредување на училишниот двор и спортските терени.

**ПОУ "Маца Овчарова"** - регионално посебно ОУ со ученички дом за деца со интелектуални пречки во развојот

- Реновирање на фискултурната сала*;
- Реновирање на просторијата за дневен престој;

- Изградба на лифт за потребите на децата со целебрална парализа;
- Уредување на училишниот двор.

**ОУМ "Киро Димов"**
- Санирање на санитарен јазол;
- Менување на електрична инсталација;
- Промена на стари прозори.

**УСО "Коле Неделковски"**
- Промена на кровната конструкција на старата зграда;
- Реновирање на санитарниот чвор;
- Целосно оградување на училишниот двор;
- Ремонтирање на парните котли.

**УСО "Јовче Тесличков"**
- Реконструкција на фискултурната сала*;
- Реновирање на санитарниот чвор;
- Промена на кровна конструкција на стариот дел;
- Лоши просторни услови за нормална реализација на наставата.

**УСО "Димитрие Чуповски"**
- Промена на кровната конструкција;
- Реновирање на системот за греење;
- Доопремување на постојните кабинети и лаборатории;

**УСО Гимназија "Кочо Рацин"**
- Промена на кровната конструкција;
- Реновирање на системот за греење;
- Доопремување на постојните кабинети и лаборатории;
- Дефинирање на сопственоста и ингеренциите со хемиското училиште.

*една фискултурна сала која ја користат трите училишта

## SWOT анализа за категорија - социјална благосостојба
### Подкатегорија: образование

| Сили | Што да правиме за да ги искористиме силите? |
|---|---|
| ➢ доволен број на образовни институции за задоволување на потребите на граѓаните<br>➢ предучилишна установа инфраструктурно, едукативно - воспитно на високо ниво<br>➢ инфраструктура за основно и средно образование<br>➢ социјална инклузија на деца со посебни потреби (полесни форми) во редовно образование | ➢ одржување и унапредување на образовните институции во заедницата<br>➢ потреба за патронажна служба за индивидуална работа со овие деца |
| **Слабости** | **Што да правиме за да слабостите ги претвориме во сили?** |
| ➢ мал број на згрижени деца во градинките<br>➢ образование неприлагодено на потребите на локалната средина<br>➢ миграција на високообразовани кадри надвор од државата<br>➢ ученици од основно и средно образование учат во една смена во иста училишна зграда (ОУ "Благој Кирков" и средно економско училиште "Јовче Тесличков")<br>➢ руинирана спортска сала во ОУ "Благој Кирков"<br>➢ ОУ "ЈХК Цинот" не ги задоволува потребите за настава (училници, санитарни чворови, необезбедено и опасно игралиште за учениците)<br>➢ немање на високообразовна институција | ➢ подобрување на економската состојба на населението<br>➢ реформа во општинскиот образовен систем<br>➢ планирање на средното образование според потребите на заедницата (изучување на маркетинг, менаџмент, компјутери, повеќе јазици во образовниот процес)<br>➢ организирање на практична настава за учениците во летниот период во фирми и соодветни институции<br>➢ одвојување на ученици од основното и средното образование во истата училишна зграда<br>➢ организирање на превоз на ученици и студенти кои се образуваат надвор од Велес<br>➢ адаптирање на современа читална за ученици и студенти во рамките на Градската библиотека "Кочо Рацин"<br>➢ покренување на иницијатива за формирање на високообразовна институција во општината |

| Можности | Што да правиме за да ги искористиме можностите? |
|---|---|
| Можности<br>➢ децентрализацијата како процес<br>➢ законски можности<br>➢ Министерство за образование и наука<br>➢ домашни и меѓународни организации и фондации<br>➢ меѓународни културни центри | Што да правиме за да ги искористиме можностите?<br>➢ да се пројави интерес од страна на ученици, студенти, како и граѓански организации<br>➢ лобирање и аргументирано настапување кај надлежните интитуции за искористување на можностите на државата по основ на образовна проблематика |
| Закани<br>➢ неповолна економска состојба во државата | Што да правиме за да ги избегнеме заканите?<br>➢ искористување на донации |

# ИНФРАСТРУКТУРА



# Инфраструктура во општината

**Сообраќајната инфраструктура** е еден од најзначајните фактори за долгорочен развој на општината.

- Патниот сообраќај е застапен со магистрални, регионални и локални патни правци:
    - патишта одржувани од општината - 237,37 км
    - патишта одржувани од државата - 117 км
    - патишта и улици во урбаните средини - 104,8 км
    - патишта и улици во руралните средини - 54 км
    - локална патна мрежа - 132,57 км
    - асфалтиран пат во општината - 70,20 км
    - неасфалтиран пат во општината - 13,17 км
    - земјен пат во општината - 45,30 км
- Патната мрежа сеуште не е целосно изградена на современ начин и не овозможува добар и безбеден сообраќај во сите подрачја. Потребни се инвестиции во патната инфраструктура, особено во руралните подрачја;
- Јавниот транспорт е достапен за 50% од населението;
- Организиран е превоз на 60% од учениците;
- Железничкиот транспорт на подрачјето на општината се одвива преку железничкиот систем на РМ.

## Енергетска инфраструктура

- Во општината како енергент претежно се користи електроенергијата;
- Општина Велес потребите за електрична енергија ги задоволува од енергетскиот систем на РМ;
- Локалниот електродистрибутивен систем располага со разводна мрежа од 423 км и обезбедува квалитетно и стабилно снабдување со електрична енергија;
- Сите рурални населби во општината се електрифицирани;
- Потрошувачката на електрична енергија изнесува 128 000 MWh годишно;
- Специфичната потрошувачка по жител се движи околу 980 kWh годишно.

## Телекомуникации

- Развојот на телекомуникациите во општината оди во прилог на проширување и модернизација на телекомуникациската мрежа.
- Велес располага со пошта за контрола и вршење на сите поштенски активности, телефонски и други телекомуникациски врски.
- Во постојана телефонска мрежа опфатени се 55% од вкупниот број населени места.
- Има 25,5 телефонски приклучоци на 100 жители.
- Масовно се користат системите на мобилната телефонија, а во последно време и на интернет мрежата.

## Водостопанство и водени ресурси

- Хидросистемот "Лисиче" сеуште е во изградба.
- Градот се снабдува со вода за пиење од хидросистемот, со исклучок на летните месеци кога се користат и рени бунарите инсталирани на десниот брег на реката Вардар.
- 85,2% од населението во општината добива хигиенски-здравствено исправна вода за пиење од градскиот водовод.
- Од овој систем, во експлоатација е магистралниот цевковод од водозафатот до новоизградената фабрика за преработка на вода.
- Според динамиката на работите, се очекува системот да се финализира до крај на 2007г. со што ќе се реши долгорочниот проблем со водоснабдувањето.
- Системот е повеќенаменски и ќе обезбеди:
    - водоснабдување на градот и осум рурални населби;
    - наводнување на 4 100 хектари земјоделски површини;
    - ревитализирање на езерото "Младост" (посредно преку езерото и наводнување на 1 800 хектари лозови и др. насади);
    - биолошки минимален проток на река Тополка во сушните месеци од годината.
- Постоечката разводна градска мрежа за водоснабдување е застарена и предизвикува големи загуби на вода.
- За да се подобрат состојбите со водоснабдувањето, општината работи на реализација на проектот МЕАП за реконструкција на застарената водоводна мрежа.
- Контролата на квалитетот на водите е од аспект на физичко-хемиско и бактериолошко загадување.
- Состојбите со системите за водоснабдување во руралните средини се незадоволителни.
- Водите во селските бунари и чешми, како и во бунарите и пумпите во градот, со исклучок на Шорка и Башино село, многу често се бактериолошки неисправни и претставуваат особен ризик по здравјето на луѓето.

## Водоснабдување на населените места во општина Велес

Со територијалната поделба од 1996г., општина Велес има 35 населени места од кои 2 се мртви, а 8 се со помалку од 20 жители.

Во овие 10 населени места има вкупно 73 жители.

Проблемот со водоснабдувањето во изминатите децении го решиле 16 населени места од кои 6 имаат водоводни зафати и довод по гравитационен пат, 8 со изградени потисни водоводни објекти, а 2 се приклучени на градската водоводна мрежа.

Од населените места 13 имаат сопствен водовод без хлорирање на водата, а само 2 (Кумарино и Мамутчево) имаат сопствен водовод со хлорирање. Стопанисувањето со руралните водоводи е препуштено на населението (МЗ), што претставува голем здравствен ризик.

Потребно е воспоставување на контрола и одржување на системите за водоснабдување во руралните средини од соодветни институции.

Во овие 35 населени места живеат 12 602 жители во 3 019 домаќинства. Во 16 населени места кои го решиле проблемот со водоснабдувањето живеат 11 342 жители во 2 548 домаќинства или 90,004%.

19 населени места, со вкупно 1260 жители или 2,2% од вкупното население во општината, со вода за пиење се снабдуваат преку најпримитивни водоводни зафати, природни извори, копани и дупчени бунари без заштита од загадување.

**Комунална инфраструктура**

- Одведувањето на комуналните отпадни води од домаќинствата и од други потрошувачи се врши заедно со атмосферските води преку постојната каналска мрежа.
- Капацитетите директно ги испуштаат отпадните води во река Вардар без претходно прочистување. Во подготвителна фаза е реализација на проект за реконструкција и доизградба на градскиот канализационен систем, како и изградба на станица за пречистување на отпадните води.
- Руралните населби, освен Башино село, Караслари и делумно Превалец не располагаат со канализациони системи.
- Собирањето на цврстиот комунален и друг вид на отпад се врши колективно и индивидуално.
- Депонијата за цврст отпад не ги задоволува санитарно-техничките услови за експлоатација.
- Руралните средини се соочуваат со проблеми со собирањето на отпадот, а во некои од нив воопшто и го нема.
- Ова резултира со создавање на диви депонии кои ја загрозуваат животната средина и здравјето на населението.

**Управување со цврст отпад**

- Системот за управување со цврст отпад опслужува 48 500 жители. Овој систем го опслужува градот Велес (44 000 жители) и околните рурални средини (Башино село, Превалец).
- Просечната дневна количина на создаден општински отпад е 60 тони.
- Дневната количина на создаден отпад по жител во општината изнесува 1,2 кг/жител/ден и овој број е помал во однос на развиените земји во светот, но е 2 или повеќе пати повисок од најразвиените земји во светот.

| Бр. | Состав на отпадот | Масени удели (%) |
|---|---|---|
| 1. | Органски отпад | 23,84 |
| 2. | Хартија | 24,50 |
| 3. | Стакло | 6,76 |
| 4. | Мека пластика | 4,30 |
| 5. | Тврда пластика | 2,18 |
| 6. | Алуминиум | 1,36 |
| 7. | Старо железо | 4,70 |
| 8. | Природен отпад | 8,58 |
| 9. | Неселектиран отпад | 23,77 |

Што содржи секоја од наведените категории по состав?

| Вид на отпад | Состав |
|---|---|
| Органски материи | отпад од храна<br>синтетички материјали (бои, масла) |
| Хартија | весници<br>магазини<br>хартија за завиткување |
| Стакло | шишиња<br>тегли<br>искршено стакло |
| Мека пластика | полимерна пластика (кеси, ПВЦ покривки) |
| Тврда пластика | пластични садови,<br>ПЕТ шишиња<br>затварачи<br>ПВЦ цевки |
| Алуминиум | лименки<br>др. предмети од алуминиум |
| Старо железо | било кој вид старо железо |
| Природен отпад | гранки<br>листови<br>друг дрвенест материјал |
| Неселектиран отпад | урнатини<br>неселектиран органски отпад |

Три вида на отпад во депонијата имаат потенцијал за рециклирање: алуминиум, старо железо и хартија, а во последно време и ПЕТ шишиња (шишиња од пијалоци, минерална вода, масло за јадење).

- Контејнери за цврст отпад

ЈКП "Дервен" располага со еден вид на контејнери за собирање на цврст отпад.

Во општината има 98 контејнери со капацитет од 5м$^3$, распоредени на 59 локации и 13 возила за транспорт на отпадот (податоци од 2003г).

Од вкупниот број на жители, 16 500 жители го исфрлаат отпадот во пластични кеси. Тие живеат на тесни улички, стрмни терени.

Од контејнерите 22,45% се под просечната старосна граница од 5 години. Останатите се постари од 5 години. Поради високата старосна граница, 76 контејнери бараат што побрза замена.

Ако се има во предвид цената на чинење на еден контејнер од 700$, вкупниот трошок за замена на контејнерите кои ја надминуваат старосната граница изнесува 53 200$.

- Општинска депонија*

Депонијата е оддалечена на 4,5 км од град Велес. Таа е со површина од 8 хектари и функционира од 1976г.

Искористен е околу 38% од нејзиниот вкупен капацитет.

Депонијата не е целосно оградена така што неовластени лица може лесно да влезат во неа.

Не се направени геолошки студии на депонијата, вклучувајќи пропустливост на почвата, длабочина на подземни води, можни штетни влијанија врз подземните води и други фактори кои може штетно да влијаат врз животната средина.

Досега не се направени обиди за селектирање на отпадот од домаќинствата, бизнис секторот и индустријата.

Видот и количината на хемикалиите кои се одлагаат на депонијата не се познати.

Не постои алтернативна програма за одложување на штетниот отпад.

Постоечката депонија може да се експлоатира уште 20-30г. Но, македонските и европските стандарди за заштита на животната средина во иднина ќе бараат поинаков пристап на одложување на отпадот.

Бидејќи општинската депонија не ги исполнува стандардите на ЕУ, потребно е таа да се затвори и рекултивира, а да се изгради регионална депонија за неколку општини.

Општината треба да воспостави програма за рециклирање за да се намалат трошоците за транспорт и отстранување на отпадот.

*На 23.02.2005г. Општина Велес, Министерството за животна средина и просторно планирање и друштвото за производство, промет и услуги "ПОНЕ" ДОО Скопје склучија договор за поставување на инсталација за селектирање, преработка, третман и рециклирање на комуналниот отпад, како и чистење на депонијата во Велес.

Со овој договор на преработувачот "ПОНЕ" ДОО Скопје му се отстапува постојната депонија на користење и истиот е должен: да изработи Елаборат за оценка на влијанието на објектот врз животната средина; да постави инсталација за селектирање, преработка, третман и рециклирање на комуналниот отпад на начин што ќе ја зачува животната средина и природата; да обезбеди електрична енергија, оградување на депонијата; да воспостави база на податоци за количините на депониран и третиран комунален отпад; да преземе обврска за вработување на лица потребни за работење на инсталацијата; да овозможи непречено одлагање на опасен и медицински отпад се до моментот на нов третман на овој отпад што ќе се уреди со склучување на посебен договор.

Договорот е со важност од 5 години, со можност за продолжување на истиот, но доколку Општина Велес стане дел од регионален пристап за третман на отпадот, овој договор нема да претставува пречка за идната развојна политика на општината за управување со цврстиот отпад.

- Финансирање на програмата за цврст отпад

Давачките се базирани на следната формула:
домаќинства - 0,02 $/м^2
правни лица - 0,26 $/м^2

ЈКП "Дервен" секој месец доставува фактури до домаќинствата и правните лица кои содржат две ставки: вода и цврст отпад.

Пред 1992г. наплатата изнесуваше 96%. Од 1992г. до денес процентот на наплата значително опаѓа и изнесува 55%. Намалување на економската моќ на граѓаните и фирмите е главна причина за намалување на наплатата. Ако корисниците не ја платат сметката после 5 месеци, предметот се доставува до суд.

- Идни програми и препораки

Во Македонија не постои регулатива во врска со рециклирањето. Законот за комунални работи ја намалува способноста на општината да формира и работи на програми за рециклирање. Овој закон не е во согласност со политиките и регулативите во другите земји од видот "загадувачите плаќаат" и "плати колку што фрлаш".

Постојните регулативи во Македонија не креираат регулаторно окружување за рециклирање на цврстиот отпад.

Во општината постои можност за рециклирање на хартијата, старото железо и алуминиумот кои имаат пазарна вредност како секундарни суровини.

Во програмата за рециклирање постои можност:

- приватни комерцијални субјекти да вршат купување на материјали кои можат да се рециклираат, или
- општината да набави контејнери за отпад кој може да се рециклира.

Програмата за рециклирање е најдобар метод за намалување на количината на цврст отпад.

Општина Велес може да започне со ограничена програма за рециклирање користејќи постари контејнери за производи кои може да се рециклираат. Програмата би вклучила и поставување на помали пластични контејнери во јавните згради.

Може да се започне програма за да се поттикне правењето на компост од природно ѓубриво од домовите и деловните субјекти. Компостот може да се користи за зелени површини во образовните установи или за уредување на земјиште.

- Собирање на отпадот

Отпадот не се собира доволно често, во несоодветни возила, не е соодветен за потребите на жителите заради што постои опасност од појава на заразни болести.

- Препораки за општината

Се препорачува Општина Велес да усвои стратегија за користење на регионална депонија.

Ако општината ја одбере опцијата за изградба и користење на општинска депонија, наместо регионална, треба да се направат соодветни критериуми за избор на локацијата. Но, во Македонија не постојат упатства и регулативи за изградба и функционирање на една депонија.

Регионален пристап за делење на трошоците за изградба и работење на депонија е поприфатлив пристап од економска и еколошка точка на гледање.

- Опасен отпад

Општината нема податоци за видовите на опасен отпад. Се претпоставува дека извесна количина на опасен отпад како: растворливи супстанции, бои, лакови, разредувачи, пестициди, инсектициди, флуоресцентни ламби, екрани од телевизори, боци, кондензатори, трафомасла, се одложува на депонијата.

Сегашната депонија не може да спречи истекување на хемикалии во надземните и подземните води со што е значително влијанието врз животната средина.

- Медицински отпад

Во градската болница и пред поликлиниката "Уред" постојат прописни и соодветни контејнери за собирање на медицинскиот отпад, но отпадот не се третира прописно (каков што е случајот со постројка во депонијата "Дрисла"), туку се транспортира до градската депонија заедно со останатиот отпад. Овој отпад е инфективен (игли, шприцеви, отпад од инфузиони раствори и системи за дијализа) и за него треба соодветен третман.

Во Заводот за здравствена заштита постои посебна апаратура "Автоклав" во која се третира отпадот (кој е силно инфективен) под висок притисок до инертна состојба.

**Урбана уреденост на просторот**

- Изготвени: Просторен план на општината и Основен урбанистички план за Велес.
- Квалитетот на пределот на градот и неговото непосредно окружување е суштествено нарушен, бидејќи 22% од територијата на градското подрачје е ангажиран за индустрија и услужни сервиси.
- За домување е ангажирана 44% од вкупната територија и тоа главно за индивидуална градба.
- Констатиран е висок процент на субстандарден станбен фонд, бесправна градба, недостаток на слободен простор во станбените зони.
- Зелените површини се многу мали.
- Општината превзема постепени активности за азеленување на нови зелени површини, изградба на терени за спорт и рекреација.
- Се препорачува зголемување на површините за просторна и духовна рекреација, која е особено значајна за урбани агломерации со загадена животна средина.
- Предностите што ги има градот во текот на Вардар се слабо искористени, со исклучок на изградба на мал дел од течението во кеј и изградба на Мало мовче.
- Крајбрежјето на реката не е пејсажно обработено и уредено, а на некои места е и крајно запуштено.

## SWOT анализа за категорија - инфраструктура

## Подкатегории: сообраќајна и енергетска инфраструктура, телекомуникации

| | |
|---|---|
| Сили<br><br>➢ транзитен центар во државата<br>➢ 90% од руралните средини обезбедени со асфалтни патни правци кои одговараат на потребите на граѓаните<br>➢ постои инфраструктура за јавен транспорт<br>➢ општина со 98% електрифицирани населени места | Што да правиме за да ги искористиме силите?<br>➢ анализа за воспоставување на нова регулатива за јавен сообраќај<br>➢ адекватен автобуски распоред<br>➢ поставување на информативни табли за релации и време на поаѓање |
| Слабости<br><br>➢ недоизградена патна мрежа<br>➢ отежната пристапност до цркви и гробишта<br>➢ источна страна на градот во полоша состојба<br>➢ неестетски изглед во одделни колективни станбени зони (непостоење на пристапни патеки, зелени површини, паркинг простор)<br>➢ левиот и десниот дел на градот недоволно поврзани<br>➢ железниот мост ризичен за сообраќај и за граѓаните<br>➢ узурпација на општествено земјиште<br>➢ непостоење на алтернативно искористување на друг вид на енергија освен електричната<br>➢ недоволно користење на моќта на електронските комуникации од страна на органите на управа и општествените институции | Што да правиме за да слабостите ги претвориме во сили?<br>➢ креирање на стратегија за сообраќајна и патна инфраструктура со одредување на приоритети<br>➢ изградба на добра патна комуникација во населба Речани<br>➢ заживување на урбанистичкиот план за населба Речани<br>➢ физибилити студија за пренамена на мостот за железнички сообраќај и за патници<br>➢ интервенција на градежна инспекција по брза постапка<br>➢ подигнување на јавната свест за алтернативни енергетски извори (особено сончева)<br>➢ пилот проекти за поставување на соларни колектори<br>➢ поставување на интернет во институциите за комуникација со граѓаните |
| Можности<br><br>➢ искористување на гасоводниот систем како енергент "пријателски" кон животната средина | Што да правиме за да ги искористиме можностите?<br>➢ лобирање за проширување на гасоводниот систем на РМ до општина Велес<br>➢ студија за изградба на систем за централно греење во индустријата и домакинствата |

| | |
|---|---|
| Закани<br>➢ политика на државата кон капиталните инвестиции<br>➢ монопол на одредени институции | Што да правиме за да ги избегнеме заканите? |

## Подкатегории: водостопанство и водени ресурси

| | |
|---|---|
| Сили<br><br>➢ хидросистем "Лисиче" во завршна фаза на изградба<br>➢ МЕАП - проект на општината за реконструкција на застарената водоводна мрежа<br>➢ 90% од руралните средини имаат систем за водоснабдување<br>➢ изградба на колектор за отпадни води од населените места Мамутчево, Сујаклари, Отовица, сателитска населба на езеро "Младост" со пречистителна станица<br>➢ ЈКП "Дервен" врши редовно одржување на здравствената исправност на водата<br>➢ ЗЗЗ-Велес врши редовна контрола на здравствената исправност на водата | Што да правиме за да ги искористиме силите?<br>➢ продолжување на зацртаните активности со цел граѓаните да добијат чиста вода за пиење до 2007г.<br>➢ продолжување на активностите во МЕАП и нивно завршување до 2006г.<br>➢ заштита на езеро "Младост" со изградба на пречистителна станица |
| Слабости<br><br>➢ според проектот, во хидросистемот нема обезбедено средства за:<br>o мелиоративен систем;<br>o ревитализација на езеро "Младост"<br>➢ во летниот период за водоснабдување сеуште се користат рени бунарите<br>➢ освен во две села, стопанисување со руралните водоводи е препуштено на населението (МЗ) што претставува голем здравствен ризик<br>➢ во руралните средини и во | Што да правиме за да слабостите ги претвориме во сили?<br>➢ обезбедување на средства за комплетно завршување на сите фази од хидросистемот<br>➢ воспоставување систем на контрола и одржување на системите за водоснабдување во руралните средини од соодветни институции<br>➢ подигнување на свеста на граѓаните за користење на градскиот водовод како постојано контролиран и најисправен<br>➢ одржување на бунарите и чешмите од соодветни институции |

| | |
|---|---|
| градот сеуште се користат бунарите и чешмите кои се со непостојан квалитет и непостојана бактериска исправност | |
| Можности<br><br>➢ локални и национални фондови<br>➢ грантови од меѓународни фондации | Што да правиме за да ги искористиме можностите?<br>➢ изготвување на проекти |
| Закани<br><br>➢ политика на државата кон капиталните инвестиции | Што да правиме за да ги избегнеме заканите? |

**Подкатегории: комунална инфраструктура, управување со отпадот и урбано уредување на просторот**

| | |
|---|---|
| Сили<br><br>➢ проблемот со комуналната инфраструктура е воочен од ЈКП "Дервен" и започнати се проекти<br>➢ колектор за отпадни води од населените места Мамутчево, Сујаклари, Отовица, сателитска населба на езеро "Младост" со пречистителна станица во изградба<br>➢ со МЕАП ќе  се работи на одвојување на фекална од атмосферска канализација на 7-8 зафати во централно градско подрачје<br>➢ кредитот за овие активности веќе се отплаќа од граѓаните и нема нивно дополнително задолжување<br>➢ општина на врвот во Македонија по градска чистота<br>➢ отпадот во општината има потенцијал за рециклирање<br>➢ постои приватна иницијатива | Што да правиме за да ги искористиме силите?<br>➢ проблемот со комуналната инфраструктура да се решава долгорочно и доколку се создадат услови<br>➢ изготвување на поопсежна проценка за интегрално решавање на одвојувањето на атмосферската од фекалната канализација (економска исплатливост, земање во предвид на високите, старите делови на градот)<br>➢ донации<br>➢ да се продолжи со активностите од МЕАП<br>➢ зголемување на површините за просторна и духовна рекреација<br>➢ искористување на предностите на градот низ течението на река Вардар |

| | |
|---|---|
| за собирање на отпад за рециклирање (железо, алуминиум, хартија, пластика)<br>➢ во градската болница и поликлиниката "Уред" има специјални контејнери за собирање на медицински отпад<br>➢ донесени: Просторен план на општината и Основен урбанистички план<br>➢ зазеленување на нови површини, изградба на терени за спорт и рекреација<br>➢ изградба на дел од кејот на Вардар | |
| Слабости<br><br>➢ одводен систем поразителен (атмосферски и отпадни води се мешаат и се одведуваат преку ист канал)<br>➢ пречистителните станици преработуваат 30% ваква вода<br>➢ ниедна фабрика нема своја пречистителна станица<br>➢ во руралните населби нема фекална канализација, постојат непрописни водопропусни септички јами<br>➢ во рурални средини во кои се изведува фекална канализација не се прават и пречистителни станици со што се прави огромно негативно влијание врз животната средина (реки, подземни води, почва)<br>➢ нема методологија на видот, стандарди за пречистителните станици кои се инсталираат со што нивната основна функција трае кратко време<br>➢ со непречистени отпадни води направена е голема деградација на река Вардар и животна средина<br>➢ отпадните води од Горно Врановци, Дреново, Горно и Долно Јаболчиште предизвикуваат загадување на акумулацијата на ХС "Лисиче" | Што да правиме за да слабостите ги претвориме во сили?<br>➢ раздвојување на фекалните од атмосферските води<br>➢ во руралните населби управувањето со отпадот и отпадните води да се даде под концесија<br>➢ да се создадат критериуми од страна на општината за видот пречистителни станици кои ќе ја оправдаат намената<br>➢ ЈКП, инспекција и стручни лица да вршат надзор над работата на концесионерот<br>➢ локалната самоуправа да создаде локална регулатива за оваа проблематика<br>➢ поттик и поддршка на Граѓанскиот советодавен одбор на ЈКП "Дервен" (зајакнување на едукација и информираност на граѓаните)<br>➢ собирањето на отпадот да се врши ноќе на пристапните терени во градот<br>➢ изработка на проектна документација и финансирање на управување со цврст отпад и отпадни води во селата кои гравитираат и ја загадуваат акумулацијата "Лисиче"<br>➢ НВОи да работат на подигнување на свеста на граѓаните за одлагање на |

| | |
|---|---|
| ➢ буџетот на ЈКП "Дервен" е нетранспарентен за граѓаните<br>➢ застарени контејнери за отпад во недоволен број<br>➢ отпадот се собира дење наместо ноќе<br>➢ контејнерот на ул. "Благој Ѓорев" и ул. "Орце Мартинов" црна точка<br>➢ во општината не постои програма за селективно собирање на отпадот<br>➢ свеста на граѓаните за селектирање и рециклирање на отпадот е на многу ниско ниво<br>➢ не постои алтернативна програма за одложување на штетниот отпад<br>➢ медицинскиот отпад од приватните амбуланти се одлага заедно со останатиот отпад<br>➢ градска депонија без санитарен систем и без соодветна опрема, не ги исполнува ЕУ стандардите<br>➢ во депонијата се одлага и медицинскиот отпад<br>➢ до сите главни инфраструктурни објекти (со исклучок на ОУ "Васил Главинов") нема пристапни рампи за хендикепирани лица<br>➢ индустриска зона во градот не соодветствува на местоположбата и просторот | отпадот<br>➢ развивање на стратегија за имплементација на управувањето со отпадот во образовниот систем и меѓу граѓаните (интелигентно купување, рециклирање, правилно отстранување на отпадот)<br>➢ општината да состави буџет за капитално подобрување со управувањето со цврстиот отпад<br>➢ општината "индустриската зона" да ја преименува во зона на ситно стопанство<br>➢ да се усвојат локални критериуми за видот на стопанство во оваа зона |
| Можности<br><br>➢ позитивна законска регулатива за индустриски отпадни води (според ЕУ стандарди)<br>➢ изградба на пречистителна станица за отпадни води од градот<br>➢ иницијатива за промена на законската регулатива на употреба на пластични кеси и шишиња | Што да правиме за да ги искористиме можностите?<br>➢ локалните потреби да се децентрализираат<br>➢ донации и меки кредити за изградба на пречистителна станица на река Вардар<br>➢ лобирање за интегрално решавање на проблемот од Вруток преку Велес до грчко-македонска граница<br>➢ Општина Велес да усвои статегија за користење на регионална депонија во централното подрачје на РМ |

| Закани<br><br>➢ политика на државата кон капиталните инвестиции<br>➢ лоша економска состојба на граѓаните<br>➢ не постои регулатива во врска со рециклирањето<br>➢ Законот за комунални работи не е во согласност со ЕУ политики и регулативи<br>➢ во Македонија не постои регулатива во врска со отстранување на цврстиот отпад во депонија | Што да правиме за да ги избегнеме заканите? |
|---|---|

# ЖИВОТНА СРЕДИНА



# Животна средина: природни ресурси во општината

### Климатски услови

- Во општината владее континентална клима, со просечна годишна температура од 12 до 15°C.
- Доминантните ветришта се од север и северозапад, со средно годишна брзина од 2 м/с.
- Просечна годишна количина на врнежи е 477 мм.
- Снежната покривка се задржува просечно по 12 дена во годината.
- Просечното годишно траење на сончевиот сјај изнесува 2 148 часови.
- Маглата не е честа појава и просечно ја има по 13 дена во годината.

### Хидрографија

- Општина Велес ги опфаќа подрачјата на поголемите водотеци Бабуна, Тополка и Отавица, кои заеднички припаѓаат на сливот на реката Вардар. Геолошкиот состав, слабиот вегетациски покривен слој и неправилното користење на земјиштето предизвикале голем дел од општината да биде зафатен со ерозивни процеси.
- Вкупната годишна продукција на ерозивен нанос изнесува 688 000 $м^3$. Ерозивните процеси предизвикуваат голема загуба на плодно земјиште, осиромашување на подлогата и појава на оголени, суви и ненаселени предели.

### Река Бабуна

- Реката Бабуна е прогласена за карактеристичен пејсаж од Советот на Општина Велес, но се соочува со узурпација на државно земјиште на нејзиното крајбрежје и диво изградени викенд куќи кои ја нарушуваат животната средина што претставува голем проблем во општината.
- Локалитетот "Пешти" кој се наоѓа на река Бабуна е живеалиште на белоглавиот орел кој е ендемичен вид и го нема на ниедно друго место на планетата, но се соочува со закана од целосно истребување. Друг ендемичен вид во регионот на општина Велес е и црниот штрк.

### Езеро "Младост"

- Локалитетот се наоѓа покрај вештачката акумулација езеро "Младост", северно од градот Велес, на земјиште кое е во сопственост на РМ.
- Сообраќајниот пристап е преку асфалтиран локален пат од правец на Велес кој оди по брегот на езерото, минува низ браната и продолжува до автопатот Скопје-Велес. Во рамките на локалитетот постои асфалтиран пат кој го поврзува локалниот пат со комплексот на мотели.
- Локалитетот е поврзан со локалната 10kw мрежа, до него постои телефонска мрежа. Во хидрографски поглед локалитетот се наоѓа покрај акумулацијата "Младост" на реката Отавица.

- Планиран урбанистички развој на езерото

Урбаното планирање опфаќа: сателитска населба за домување, комерцијални содржини, угостителство и зона за спорт и рекреација.

*Урбана единица 1*

Зоната за домување изнесува 8,25 хектари. Во склоп на оваа зона се предвидуваат семејни куќи на парцели од 500 до 600 м$^2$. Во опфатот предвидени се содржини за заеднички потреби на жителите. Планирано е зоната да има комерцијални содржини од трговски карактер и јавни објекти: банка, пошта, објекти за дневно снабдување и мали комерцијални угостителски објекти.

Зоната за комерцијални објекти од угостителската дејност е со површина од 1,72 хектари и во неа се наоѓаат постојните мотели.

Зоната за спорт и рекреација изнесува 2,23 хектари и е лоцирана непосредно до комплексот мотели. Во неа се предвидени спортски терени и придружни објекти за спорт.

*Урбана единица 2*

Зоната за комерцијални објекти од угостителска дејност е со површина со 4,67 хектари и во неа се предвидува камп населба.

Зоната за парковско зеленило изнесува 1,93 хектари и претставува постојна озеленета шумска површина со квалитетна борова шума. Во ГУП опфатен е патот Велес-езеро “Младост“, тротоари и велосипедска патека од 2 метра од едната страна и постојни и ново проектирани станбени улици. Комплетната сообраќајна сигнализација на улична мрежа и паркинзи, како вертикална и хоризонтална, треба да се изведе согласно сообраќајните прописи.

Локалитетот има водоводна мрежа, не постои фекална канализација, но со ГУП е планирано сите отпадни води да се канализираат во пречистителна станица и пречистени да се испуштаат во испустот на езерото како краен реципиент.

- Мерки и средства за заштита и санација на животната средина на езерото

Просторот што го зафаќа планот е на вкупна површина од 24,87 хектари и е неизграден. Основни загадувачи на просторот претставуваат постоењето на моторен сообраќај и предвидените содржини во зоната. Може да се изврши поделба на три основни групи на загадувања, основни смерници и мерки за заштита на истите.

*Аерозагадување и мерки за заштита*

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата, но со оглед на минималниот сообраќај, тие се занемарувачки. За подобрување на квалитетот на воздухот на локалитетот, на сите слободни површини предвидени се зелени површини.

*Загадување на почва и подземни води и мерки за заштита*

Со приклучок на дел од зоната на канализационен систем ќе дојде до намалување на загадувањето на почвата во дозволени граници, а за цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно одложување до депонија. Со цел да се зачува фондот на извориштата на вода, сите отпадни води треба да се прочистат до посебен степен.

*Извори на бучава и мерки за заштита*

На локалитетот не се предвидени содржини кои би можеле да бидат извори на штетна бучава.

*Заштита од пожари*

Сообраќајниот систем во локалитетот се состои од улици кои овозможуваат лесен пристап на пожарните возила до објектите. Со планирањето на хидрантската мрежа, задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар, но нема изготвено техничка документација која треба да е во согласност со законот за заштита од пожари.

**Шуми**

- Република Македонија е земја богата со шуми. Шумите се национални природни ресурси. Локалната самоуправа нема надлежности во управувањето и стопанисувањето со шумите.
- Во општина Велес со шумите стопанисува шумското стопанство "Бабуна".
- Велешката општина (според старата територијална организација) има 55 000 хектари уредена шумска површина. Во однос на сечата, се постапува по Законот за шуми (процентот на сеча не смее да биде поголем од годишниот прираст на шумите). Шумското стопанство има обврска за годишно пошумување во согласност со исечениот етат. Овие пошумувања се на територија од каде е извадена (исечена) дрвната маса, а тоа не е непосредната околина на Велес.
- Уредувањето на шумите е законска обврска на шумското претпријатие и се состои во: уредување на шумските површини и шумскиот фонд, квалитетна дрвна маса по вид, процент на дрвна маса по површина и потреби, одгледување на шумите, нивно проредување (се вадат стебла кои се стари, заболени и непотребни за шумската заедница, а се оставаат виталните дрвја и на тој начин се унапредува квалитетот на шумската заедница).
- При стопанисувањето со шумите се прават и пристапни патишта за граѓаните.
- Општината Велес располага со 40% дабова шума, 50% букова шума, 10% пошуменост со црн бор. Овие шуми служат за спречување на ерозијата, за смена на микроклиматските влијанија (во летниот период ја намалуваат температурата за 5°C, а во зимскиот ја зголемуваат за 5°C). Со тоа успешно ја извршуваат својата функција.
- Општината, според категоризацијата, е средно пошумена. Најголема пошуменост има по течението на реките Бабуна и Тополка.
- Во непосредната околина на езерото "Младост" во 2003 година извршено е пошумување на 40 хектари со багрем.
- Во 2004 година шумското стопанство пошумило:
    - 20 хектари на Вршник;
    - 20 хектари село Ногаевци;
    - 70 хектари на Св. Илија (пролетно садење);
    - 130 хектари на Св. Илија (есенско садење).
- Општината се соочува со бесправни сечи, од кои што најголемата е во месноста во близина на селата Ѓрлевци, Карабуњиште, С'лп, Белештевица и Бреза, каде што се уништени 3 000 хектари дабова шума. Ова е сериозен еколошки проблем.
- Губитокот на шумскиот фонд може да биде и како резултат на непогодните климатско-метеоролошки услови, загадувањето на воздухот, киселите дождови, болестите на шумите и честите опожарувања.

- Штетното делување на ентомолошките инсекти, бубачките и фитопатолошките габи дополнително ги усложнуваат проблемите со шумите.
- Најопасен непријател на шумите сепак се пожарите кои во краток временски период уништуваат големи шумски комплекси создавани со децении.

### Активности на Комитетот за пошумување при локалната самоуправа и организирани граѓански акции за пошумување

Во рамките на ЛС формирано е Координативно тело за пошумување кое активно работи во областите - пошумување и озеленување на територијата на општината и нејзината непосредна близина.

Пошумувањето се јави како неопходна потреба заради загадување на градот Велес, како и заради геолошката подлога на околината на градот позната како "ризично еродирано земјиште околу урбаната средина".

Активностите започнаа во 2001г., со донесување на Програма за пошумување и озеленување на град Велес.

Во програмата се идентификувани приоритетни објекти:

- Локација "Автопат" - 300 хектари
- Локација"Дурутовец - депонија" - 100 хектари
- Локација "Св. Илија" - 150 хектари
- Локација "Вршник" - 50 хектари
- Локација "Гроот" - 400 хектари

По завршените пошумувања, во програмата е предвидено нивно активно одржување во период од 13 години од нивната возраст т.е. до период на нивно уредување од страна на државната комисија за уредување на шуми при МЗШВ.

Пошумувањето се спроведува единствено преку донирање од институции кои активно работат на територијата на Велес: ЈП "Македонски шуми", ЈКП "Дервен", ЛС.

**Реализирани пошумувања**

2002 есенско садење на локација "Автопат" - извршено пошумување на 30 хектари претходно опожарени шумски култури

2003 пролетно садење на локација "Дурутовец - депонија"- 20 хектари

2004 пролетно садење на локација "Св. Илија" - 150 хектари

2004 есенско садење на локација "Вршник" - 50 хектари

2005 пролетно садење на локација "Гроот" - 15 хектари

Сите овие површини се засадени со високо квалитетен сертифициран посадочен материјал.

Од видот е избран багрем (70%), од причина што багремот има зголемен коренов систем и извонредна моќ на заштита на теренот од ерозија и за вегетативна самообнова од било каква оштета.

30% од површините се пошумени со зимзелени видови од црн бор и чемпрес заради разбивање на листопадниот багрем кој изобилува со лисна маса.

**Процент на зафатеност**

90% - 1 700 садници на хектар кој ги задоволува стандардите за пошумување.

**Одржливост на пошумениот терен**

Шумочуварската служба од 2002г. до денес нема ниту една пријава во поглед на испаша на крупен и ситен добиток.

Шумските култури не се заболени, ниту од фитопатолошки, ниту од ентмолошки заболувања. Низ нив има стандардна патна мрежа со двојна намена: за активно движење на населението, достапност низ шумските култури, а и како противпожарни појаси во случај на пожар за идниот период.

Секоја година се следи и прирастот на шумските култури коишто за првите пет години ги задоволува просечни прирасти.

**Минерални ресурси**

- Општина Велес нема позначајни појави на метлични минерални суровини. Состојбата со неметаличните минерални суровини е многу поповолна.
- Меѓу минералните суровини доминира талкот со утврдени резерви во локалитет Извор-Никодин, поголеми од 3 милиони тони. Во експлоатација е лежиштето кај село Извор со годишен капацитет до 12 000 тони.
- Приближно исти резерви имаат лежиштата на туларски глини во регионот Горна Брца и Чашка, како и покривни шкрилци во локалитетот Крнино.
- Варовниците се експлоатираат во локалитетот Превалец, каде се утврдени резерви од 2 милиони м$^3$. Кварцот е истражен во локалитетот Орешје, по долините на реките Бабуна и Тополка, како и во локалитетот Чичево. Вкупните резерви се оценети на околу 60 милиони тони.
- Од украсните камења актуелни се мермерите од околината на Нежилово, а појава на јаглен е утврден во терциерниот басен на Чашка.

**Земјоделско земјиште**

- Вкупната земјоделска површина изнесува 1071км$^2$ или 69% од вкупната површина на општината во поранешен состав.
- Како земјоделско земјиште се третираат 370 км$^2$ или 34,5% од вкупна земјоделска површина.
- Земјоделските површини од еколошки аспект имаат поволна структура поради големото учество на ливади и пасишта.
- Во последните години обработливото земјоделско земјиште е намалено, што претставува негативен тренд од аспект на обезбедување поповолен економски и социјален статус на локалното население.
- Главни носители на земјоделското и сточарското производство се индивидуални земјоделски стопанства. Најголемиот агрокомбинат "Лозар" е во стечај.

# SWOT анализа за категорија - животна средина
## Подкатегорија: природни ресурси

| | |
|---|---|
| Сили<br><br>➢ богатство на природни ресурси (води, чешми, реки, руди, минерални суровини, ливади и пасишта)<br>➢ река Бабуна прогласена за карактеристичен пејзаж од Совет на Општина Велес<br>➢ донесен ДУП за езеро “Младост“<br>➢ колекторски систем со опфат на сателитска населба, села и пречистителна станица (заштита на езерото од загадување)<br>➢ организирани граѓански акции за пошумување за деновите на пролетта<br>➢ противпожарна заштита со новиот закон за ЛС е во ингеренција на ЛС | Што да правиме за да ги искористиме силите?<br>➢ потенцијал со кој Велес може да опстојува при недостаток на вода (да се зачува, уреди и оплемени)<br>➢ процентот на зафатеност на засадените садници во граѓанските акции за пошумување задоволува и истите треба да продолжат и во наредните години |
| Слабости<br><br>➢ плажата на езерото “Младост“ узурпирана од индивидуалци<br>➢ индивидуален објект (брод) ја узурпира плажата<br>➢ комплетно нарушен пејзаж и биодиверзитет во крајбрежниот појас на езерото<br>➢ мал број на контејнери на езерото<br>➢ немање на корпи за отпадоци<br>➢ ниска свест на граѓаните за чување на природните реткости<br>➢ околината на Велес гола, непошумена (нема зелен појас)<br>➢ чести пожари во околината на Велес предизвикани од човечки фактор<br>➢ загаден долен тек на река Тополка со суспендирани материи, голема штета на рибниот фонд во реката<br>➢ узурпација на државно | Што да правиме за да слабостите ги претвориме во сили?<br>➢ донесување на урбанистички план за крајбрежниот појас<br>➢ средување на езерото (влезот на плажата, милта)<br>➢ редовно собирање на отпадот од страна на ЈКП “Дервен“<br>➢ донесување на стратегија за пошумување во наредните 5 години на околината на градот<br>➢ пошумување на голините на Велес<br>➢ формирање на доброволни противпожарни друштва<br>➢ подигнување на свеста на граѓаните за зачувување на природните реткости<br>➢ изградба на канализација во населба Превалец<br>➢ проблемот со дивата сеча не може да го реши општината, таа може само да укаже на него<br>➢ законската регулатива против дивите сечачи да се |

| | |
|---|---|
| земјиште на крајбрежје на река Бабуна со диво изградени викенд куќи<br>➢ планината Бреза испуштена од контрола, уништени 3 000 хектари дабова шума | спроведува доследно<br>➢ едукација на децата за негување на зеленилото од најрана возраст |
| Можности<br>➢ донации од Министерство за животна средина и просторно планирање во вид на садници<br>➢ донации од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br>➢ меѓународни донатори за финансирање на приоритетни проекти за заштита на природни ресурси | Што да правиме за да ги искористиме можностите?<br>➢ проекти |
| Закани<br>➢ нерешен статус на езерото<br>➢ преклопување на ингеренциите на министерствата за државните ресурси<br>➢ неактивност на градежната инспекција<br>➢ неактивност на шумската инспекција во одредени региони во општината | Што да правиме за да ги избегнеме заканите? |

## Животна средина: локални медиуми од животната средина

Генерална оценка е дека локалните екосистеми на градот Велес се силно загадени со тешки метали и сулфур диоксид и дека регионот има силен кумулативен (натрупувачки) и силен синергетски (вкупен) негативен ефект од делување на тешките метали во изминатите триесетина години.

**Загадување на воздухот и земјиштето**

- Регионот на Велес претставува "најжешка еколошка точка" во Република Македонија. Неповолните еколошки состојби се резултат на досегашниот економски развој на градот кој не кореспондирал со концептот на одржливиот развој.
- Загадувањето на екосистемите главно потекнува од индустриските капацитети кои претежно се сместени во урбаната средина. Меѓу нив како далеку најголем загадувач се јавуваше локалниот топилнички комплекс на цинк и олово.
- Животната средина најмногу е загадена со тешки метали и "кисели аеродепозити" во воздухот, водите и земјиштето.
- Според изготвениот кумулативен биланс, во периодот 1973-1995 година во екосистемите на Велес просечно на час се емитирани 236 кг олово, 5 кг кадмиум, 1 200 кг сулфур диоксид.
- Иако топилницата веќе две години не работи, неповолните еколошки состојби укажуваат дека апсорпциониот капацитет на природата за дополнително прифаќање на токсични резидуали е на гранично ниско ниво (при рестартирање на Топилницата), па поради тоа е неопходно воспоставување на похармоничен однос помеѓу економската сфера и животната средина преку:

(1) еколошко растоварување на просторот на градот Велес со тешки метали и сулфур диоксид од наредните производствени активности;
(2) спроведување на опсежна технолошка ревитализација на локалниот топилнички капацитет;
(3) опсежно и комплексно испитување на содржината на тешки метали во почвата во поширокиот регион на Велес
(4) воспоставување на континуирано, систематско следење на контаминацијата на животната околина со токсичните тешки метали: олово, кадмиум, цинк и други, како и сулфур диоксид.

**Загадување на воздухот од металуршкото производство на цинк и олово во регионот на Велес во услови на долготрајно работење на Топилницата**

- Загадувањето на воздухот во Велес е резултат на интензивниот индустриски развој на градот во седумдесетите години на минатиот век.
- Загадувањето на воздухот посебно го зајакнува несоодветно избраната локација на топилничкиот комплекс, неповолните локални климатско-метеоролошки услови и непогодната конфигурација на теренот на градот Велес.
- Квалитетот на воздухот најмногу се деградира со гасови и прав, а како загадувачи најчесто се среќаваат сулфур диоксид и оксидни соединенија на олово, кадмиум и други тешки метали во форма на аеросоли и

аеросedименти. Во загадениот воздушен басен над градот Велес често се јавува т.н. "фотохемиска магла" која е компонирана од гасовити соединенија на сулфур, азот и аеросоли на соединенија на тешки метали.

- Присуството на чад во воздухот на Велес има сезонски карактер. Концентрации повисоки од МДК се регистрираат само во грејната сезона и тоа при лоши метеоролошки прилики. Годишните просечни среднодневни концентрации се во граница на здравствено-безбедните вредности препорачани од СЗО.
- Денес Топилницата не работи. Во тек е тендерска процедура за продажба на истата на домашен или меѓународен купувач.
- Надлежните во Министерството за животна средина и просторно планирање велат дека имаат изготвено листа на "еколошки барања" до идниот купувач, кои не се ставени на увид на јавноста.
- Посебен проблем е депонијата на Топилницата каде годишно, при нејзино работење, се исфрлаа 40 000 тони на згура во чиј состав има: железо, силициум, цинк, олово, бакар и сулфур. Иако концентрациите на тешки метали не се значителни, самото присуство на овие опасни материи укажува на негативно влијание врз животната средина: воздух, подземни води, почва (бавчите во околните населени места).

## Контаминираност на почвата со тешки метали во атарот на Велес

- Геохемиските истражувања од 2000г. за дистрибуција на тешки метали во почвата во регионот на Велес укажуваат на висока контаминираност. На испитуваниот простор од 270 км$^2$ земени се вкупно 468 проби. 50,6% од испитуваната површина е контаминирана со олово со повеќе од 90 мг/кг (ppm) сува почва, при што од категорија на загадување со 357 ppm олово се зафатени 9%; од категорија со 180 до 357 ppm 16%; од категорија со 90 до 180 ppm 25,6%.
- Најзагадено подрачје со олово е градското подрачје кое отпочнува од Башино Село, продолжува преку Речани и завршува кај манастирот Св. Димитрија, односно кај фабриката за кожа "Димко Митрев". Одвоени површини со највисока концентрација на олово се јавуваат и во подрачјето помеѓу селата Оризари и Раштани, како и југоисточно од устието на реката Бабуна во Вардар, кај с. Караслари и мотелот "Македонија".
- Кадмиумот и цинкот најмногу се регистрирани во централното градско подрачје, тргнувајќи од Башино Село, низводно по долината на реката Вардар, со гранични појаси - Вршник на десната страна и манастирот Св. Илија на левата страна на р. Вардар.
- Пределите околу езерото "Младост" и фабриката "Порцеланка", според досегашниот степен на истражување можат да се оценат како подрачја кои се релативно малку загадени со тешки метали.
- Сите содржини на олово во земјоделските култури ги надминуваат граничните количини (според научни сознанија тие изнесуваат до 5 мг/кг), а најмногу е регистриран во тутунот (72 до 87 мг/кг), кај спанаќот (59 до 81 мг/кг) и кај зелката (22 до 51 мг/кг).
- Цинкот најмногу е застапен во тутунот (340 до 650 мг/кг), потоа во магдоносот (190 до 240 мг/кг), спанаќот (92 до 129 мг/кг) итн. Просечната оптимална содржина на цинк во растенијата се движи во рамки од 20 до 100 мг/кг сува материја.
- Присутната неповолна состојба бара итно спроведување на нови испитувања на содржината на наведените тешки метали во почвата и земјоделските култури, а со цел да се изврши зонирање на контаминираните површини, да

се дадат препораки за одгледување на земјоделски култури зависно од контаминацијата и да се предложат мерки за биолошка деконтаминација на почвата.

- Таму каде што се наоѓаат повеќе од 2 мг кадмиум на кг почва, употребата на таа почва за одгледување на растенија за прехрана не е можна. Во ваков случај се вршат понатамошни испитувања за присуство на тешки метали и во растенијата.

**Загадување на река Вардар**

- Според сите досегашни податоци и извршени анализи, еколошката состојба на р. Вардар во регионот на Велес се оценува како катастрофална. Регионот претставува зона на интензивно загадување на животната средина кое и по многу години тешко ќе може да се отстрани.
- Податоците за содржината на тешки метали во седиментот од р. Вардар укажуваат на драстично зголемување на кадмиум, цинк и олово во седиментот на оваа река во регионот на Велес.
- Во подготвителна фаза е имплементирањето на проект за доизградба на канализациониот систем и изградба на пречистителна станица за овие води од градот.
- Останатите индустриски капацитети проблемот со сопствените отпадни води ќе треба да го решаваат автономно со поставување на сопствени пречистителни станици.

**Загадување на подземни води**

- Влијанието на квалитетот на подземните води произлегува од повеќе извори: комунални отпадни води, индустриски отпадни води, депонии на отпад (комунален и индустриски), отпад од сообраќајниците, атмосферски врнежи.
- Најкарактеристични влијанија врз подземните води се можни на терасата на Тополка на потегот Превалец-Порцеланка, каде што во функција на фабриката за вар заедно со населбата, се случуваат комбинирани загадувања од комуналните и индустриските отпадни води.
- Од отпадните води каде што канализацијата ги собира и атмосферските води, влијанијата се очекуваат низводно кон Градско.

**Правни аспекти на заштитата на животната средина во општина Велес**

- За остварување на целите на заштита на животната средина на градот Велес неопходно е доследно применување на правото како суштинско средство и основна рамка во спроведувањето на политиката и активностите на државните и локалните органи при заштитувањето и унапредувањето на животната средина.
- Со пакетот закони од областа на животната средина кои се хармонизирани со законите во Европската унија, се очекува посоодветен пристап кон загадувањето и загадувачите.

**Препораки**

- Ревизија на ЛЕАП, Акционен план за санација, ревитализација и превенција од загадувањето;

- Изготвување на ЛЗЕАП - Локален здравствен еколошки акционен план за Велес во кој точно ќе се утврди кои здравствени индикатори ќе се следат, морбидитет на одредени заболувања, одредени популациони групи итн.
- Воспоставување на еден похармоничен однос помеѓу економската сфера и животната средина може да се обезбеди доколку се спроведе план за еколошко растоварување на просторот;
- Евидентирање на сите загадувачи во заедницата (катастар на загадувачи), вклучувајќи ги и бројните помали загадувачи (авто-сервиси, разни производни погони и инсталации во индустриските зони);
- За успешно спроведување на политиката на заштита на животната средина и одржливиот развој потребни се квалитетни, исцрпни и ажурирани информации за состојбата со животната средина и просторот, изворите на загадување, преку воведување на информативен систем за следење на квалитетот на животната средина и нејзиното влијание врз здравствената состојба на населението во надлежност на локалната самоуправа;
- Разработка и донесување на локални емисиони стандарди и стандарди за ефлуент;
- Зонирање на контаминираните површини, давање препораки за одгледување на земјоделски култури зависно од контаминацијата и предлагање на мерки за биолошка деконтаминација на почвата;
- Обработливите загадени земјоделски површини да се пренаменат и засадат со отпорни сорти на дрвја кои ќе имаат значајно влијание на микроклимата во градот, ќе го насочат струењето на ветерот, ќе го намалат загадувањето;
- Финансирање на еколошките приоритети преку посебен Локален фонд за заштита на животната средина со средства од локални такси, даноци и казни;
- Зајакнување на одговорноста на локалните инспекциски служби, обвинителството и судството при водењето на прекршочни и кривични постапки поврзани со заштитата на животната средина;
- Максимално вклучување на јавноста во спроведувањето на секторските локални политики и стратегии.

## SWOT анализа за категорија - животна средина
### Подкатегорија: локални медиуми од животната средина

| Сили | Што да правиме за да ги искористиме силите? |
|---|---|
| ➢ значително подобрување на квалитетот на воздухот заради неработењето на Топилницата<br>➢ претпоставено подобрување на квалитетот на река Вардар заради отсуство на отпадни води од загадувачот<br>➢ ICP апаратура<br>➢ програмата за интегрално испитување на контаминацијата на животните медиуми започна да се реализира<br>➢ поставени се две автоматски станици за воздух, како дел од Националниот автоматски мониторинг систем на РМ<br>➢ третиран е површинскиот слој на депонијата за згура со што е спречена миграција на штетните компоненти на згурата во воздухот<br>➢ климатска рехабилитација на приоритетна загрозена група на 100 деца две години наназад<br>➢ реализиран пилот проект за третирање на градинарските култури со препарати за инхибиција на тешките метали | ➢ добиените резултати од испитувањата ќе ја прикажат комплетната состојба со присуство на тешки метали во медиумите<br>➢ од резултатите ќе се креираат следните чекори за санација |
| Слабости | Што да правиме за да слабостите ги претвориме во сили? |
| ➢ апсорпциониот капацитет на природата за дополнително прифаќање на тешки метали е на гранично ниско ниво<br>➢ почвата е високо контаминирана со тешки метали (кумулативен биланс кој многу тешко се ревитализира)<br>➢ немање на податоци на концентрациите на тешки метали во необработлива почва (училишта, градинки)<br>➢ депонијата за згура на Топилницата претставува | ➢ изготвување на стратегија за еколошко растоварување на просторот на градот со тешки метали и сулфур диоксид при евентуални производствени активности<br>➢ зонирање на контаминираните почвени површини<br>➢ мерки за биолошка деконтаминација (биоремедијација) на почвата<br>➢ мерка за санација е ревитализација на депонијата за згура (биоремедијација)<br>➢ озеленување на околината, |

| | |
|---|---|
| закана за животната средина со вкупно 1 400 000 тони згура, не е заштитена и не е по стандарди<br>➢ депонијата на ХИВ е голем проблем<br>➢ иако топилницата не работи, кругот на фабриката сеуште предизвикува загадување со: отвореното складиште за концентрати, присуство на мил во резервоарите за сулфурна киселина со висока отровност и концентрации на материи.<br>➢ околу стопанските субјекти нема зелен појас<br>➢ немање на квалитетни, исцрпни, ажурирани информации за состојбата со животната средина, изворите на загадување (вклучувајки ги и малите загадувачи) | подигање на нови зелени површини во градот<br>➢ воведување на локален информативен систем за следење на квалитетот на животната средина и здравјето на населението |
| Можности<br>➢ Закон за локална самоуправа (ингеренции во животната средина)<br>➢ позитивни законски прописи (пакет закони за животна средина) | Што да правиме за да ги искористиме можностите?<br>➢ формирање на Локален фонд за животна средина со прибирање на средства од локални такси, даноци и казни<br>➢ донесување на подзаконски акти |
| Закани<br>➢ еколошките барања до идниот купувач на топилницата не се ставени на увид на јавноста<br>➢ државата одлучува за нас (ресорните министерства)<br>➢ економските критериуми се пред еколошките<br>➢ рестартирање на Топилницата без преземање на соодветни заштитни мерки | Што да правиме за да ги избегнеме заканите?<br>➢ консолидирање на редовите пред продажбата<br>➢ кадровско и стручно екипирање на инспекциска служба за животна средина |

# ЛОКАЛНА ВЛАСТ



# Локална власт

Локалната самоуправа претставува стремеж на граѓаните да управуваат, повеќе или помалку самостојно, со работите на локалната заедница. Во процесот на управување граѓаните учествуваат преку своите претставнички органи формирани преку слободни и демократски избори.

**Правна рамка**

- Општината Велес е единица на локална самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа. Правото на локална самоуправа се остварува преку:
  - претставници во органите на Општината и
  - непосредно учество во одлучувањето.
- Органи на Општината се: Совет на Општината и Градоначалник.
- Советот е претставнички орган на граѓаните. Него го сочинуваат 23 членови - претставници на граѓаните, избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање. Мандатот на членовите на Советот трае 4 години. Членот на Советот не може да биде отповикан. Советот избира претседател од редот на членовите на Советот со мандат од 4 години.
- Советот на Општината ги врши следните работи:
  1. Го донесува Статутот на Општината и други прописи;
  2. Донесува Буџет на Општината и Годишна сметка на Општината;
  3. Ја утврдува висината на сопствените извори на приходи за финансирање на Општината, во рамките утврдени со Закон;
  4. Основа јавни служби во рамките на надлежноста на Општината и врши надзор над нивната работа;
  5. Менува членови во управните одбори на јавните служби, кои ги основа;
  6. Усвојува програми за работи и финансиски планови за финансирање на јавните служби, кои ги основала Општината;
  7. Ги усвојува извештаите за извршување на Буџетот и Годишната сметка на Општината;
  8. Одлучува за давање дозвола за вршење дејност од јавен интерес од локално значење, во согласност со закон;
  9. Ги усвојува извештаите за работата и Годишните сметки на јавните служби, кои ги основала Општината;
  10. Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на Општината;
  11. Одлучува за начинот на вршење на финансиска контрола на Буџетот на Општината, во согласност со закон;
  12. Го избира лицето кое раководи со подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во Општината, во согласност со закон;
  13. Го разгледува и усвојува Годишниот извештај за јавната безбедност на подрачјето на општината, кој го доставува до Министерот за внатрешни работи и народниот правобранител;
  14. Може да дава препораки на раководното лице на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот;
  15. Врши и други работи.

- Советот работи на седници. Седниците на Советот се јавни. За исклучување на присуството на јавноста се одлучува ако за тоа постојат оправдани причини - прашања од доверлива природа од областа на безбедноста и одбраната, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот.
- На расправата за Буџетот на Општината, Годишната сметка на Буџетот и за урбанистичките планови, присуството на јавноста не може да се исклучи.
- За претресување на прашања од своја надлежност, Советот формира Комисии. Комисиите на Советот се формираат како постојани и привремени. Мандатот на постојаните комисии трае колку и мандатот на членовите на Советот. Составот и времетраењето на мандатот на повремените комисии ќе се определи со одлуката за нивно формирање.
- Постојани комисии на Советот се:

  - Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој;
  - Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина;
  - Комисија за општествени дејности;
  - Комисија за Статут и прописи;
  - Комисија за мандатни прашања, избори и именувања.

  Комисиите се составени од 5 членови, освен Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, која брои 3 члена.
- Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој ги разгледува прашањата во врска со финансирањето на Општината, буџетот и Годишната сметка, како и прашањата од планирањето и програмирањето на локалниот економски развој.
- Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина ги разгледува прашањата од урбанистичкото планирање, прашањата од работата на јавните служби, прашањата од комуналното уредување на градот и населените места и прашањата од заштита на животна средина и природата.
- Комисијата за општествени дејности ги разгледува прашањата од надлежност на Општината, а кои се однесуваат на културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштитата на децата, образованието, здравствената заштита, јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот, цивилната заштита, противпожарната заштита, како и прашањата за доделување признанија и награди.
- Комисијата за Статут и прописи:

  - го утврдува предлогот на Статутот на Општината, ги разгледува иницијативите и предлозите за измена на Статутот и ја следи неговата примена и ги разгледува начелните прашања од статутарен карактер;
  - го утврдува предлогот на деловникот на Советот;
  - подготвува Предлог-мислење по предлог законите кои се однесуваат на Општината;
  - разгледува и други општи акти од надлежноста на Советот на Општината;
  - ги утврдува пречистените текстови кои се објавуваат во Службен гласник на Општина Велес.

- Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања:
  - ги разгледува и подготвува предлозите кои се однесуваат на мандатните прашања;
  - разгледува и подготвува предлози за избор и именување и разрешување од надлежност на Советот на Општината;
  - определува плати, надоместоци и други примања на избрани и именувани лица;
  - ја определува висината на надоместокот на патните и дневните трошоци на членовите на Советот, како и на трошоци направени во извршувањето на задачите што им ги доверил Советот.

Претседателот и членовите на комисијата ги избира Советот на својата прва седница.

- Градоначалникот се избира на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање, во согласност со законот, за период од 4 години. Градоначалникот својата функција ја извршува професионално.
- Градоначалникот во рамките на своите надлежности:
  - ја претставува и застапува Општината;
  - ја контролира законитоста на прописите на Советот;
  - ги објавува прописите на Советот во службено гласило на Општината;
  - го обезбедува извршувањето на одлуките на Советот;
  - го обезбедува извршувањето на работите кои со закон и се делегирани на Општината;
  - иницира и предлага донесување на прописи од надлежност на Советот;
  - го предлага Годишниот Буџет и Годишната сметка на Буџетот на Општината;
  - го извршува Буџетот на Општината;
  - избира директори на јавните служби кои ги основала Општината врз основа на конкурс;
  - редовно го известува Советот за извршувањето на своите надлежности во согласност со Статутот;
  - решава во управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица во согласност со законот;
  - донесува Правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;
  - одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација, доколку поинаку не е определено со закон;
  - обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста во согласност со закон и статут и
  - врши и други работи утврдени со закон и овој Статут.

Градоначалникот може да овласти раководен службеник на Општината да ја води постапката и да решава во управни работи, како и да потпишува акти.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС**

Претседател → Членови

Тела на Советот →

- Одбор за финансии и Буџет
- Одбор за јавни и комунални дејности
- Одбор за урбанизам и заштита на животната средина
- Одбор за месна самоуправа
- Одбор за занаетчиство, угостителство и туризам
- Одбор за општествени дејности
- Надзорен одбор за вршење надзор над материјално-финансиското работење на Општина Велес
- Статутарно-правна комисија
- Комисија за давање предлози, именувања и мандатни прашања
- Комисија за работи од именувања и разрешувања на управни и административни органи на Општината
- Граѓанско-советодавен одбор за работата на ЈКП "Дервен"
- Комисија за заштита на правата на потрошувачите
- Координативно тело за борба против наркоманијата и другите болести од зависност
- Комисија за полова рамноправност

Со конституирање на новиот Совет на Општина Велес (24.03.2005 год.) се воспостави нова структура на помошните тела на Советот согласно новиот Закон за локална самоуправа кој е наведен претходно.

**Општинска администрација**

Работите и задачите што произлегуваат од надлежностите на Општината Велес ги вршат Административно-Управните органи, основани од Советот на Општината, и тоа:

- Административни органи
- одделение за административни и општи работи и финансиски буџет
- Управни органи
- одделение за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина - комунална и сообраќајна инспекција

**Месна самоуправа**

Урбаните и месните заедници претставуваат посебен облик на месна самоуправа во која граѓаните одлучуваат за работи од секојдневно и непосредно значење за нивниот живот и работа во местото на живеење.

Во општината постојат следните заедници:

- 14 во градот (урбани заедници) и
- 20 во населените места (месни заедници).

Орган на урбаните и месните заедници е Советот составен од 3-7 члена. Советот се избира на собир на граѓани.

Во сите урбани и месни заедници има раководства кои функционираат со различен обем на активности.

**Урбани и месни заедници**

| ***Урбани заедници*** | ***Месни заедници*** |
|---|---|
| “Алексо Демниевски“ | “Башино село“ |
| “Богдан Каракостев“ | “Бузалково“ |
| “Васа Кошулчева“ | “Горно Оризари“ |
| “Димче Мирчев“ | “Долно Караслари“ |
| “9ти Ноември“ | “Иванковци“ |
| “Керамидна“ | “Кумарино“ |
| “Родна Ивева“ | “Крушје“ |
| “Славе Петков“ | “Мамутчево“ |
| “Трајче Панов“ | “Отовица“ |
| “Трајко Капчев“ | “Ораовец“ |
| “Тунел“ | “Раштани“ |
| “Шорка“ | “Рлевци“ |
| “Мирка Гинева-Превалец“ | “Рудник“ |
| “Дурутовец“ | “Сливник“ |
| | “Слп“ |
| | “Сујаклари“ |
| | “Црквино“ |
| | “Челошево“ |
| | “Џидимирци“ |
| | “Новачани“ |

## Здруженија во коишто членува општината

Општината Велес е членка на:

- Пактот за стабилност на земјите од Југоисточна Европа;
- Заедница на единиците на локална самоуправа - ЗЕЛС.

## Општини со кои соработува

Општината Велес соработува со сите општини во Македонија, особено е развиена соработката со соседните општини, општините со кои реализира заеднички проекти, општините со кои е регионално поврзана и општините кои произлегуваат од поранешната општина Титов Велес.

- Регионално поврзани општини се општините од Повардарјето: Кавадарци, Демир Капија, Неготино, Гевгелија.
- Општина Велес остварува заеднички проекти со општините: Куманово, Штип, Гостивар, Битола, Струмица, Струга.
- Збратимени градови: Свиштоф - Бугарија, Термаикос - Грција, Слобозија - Романија, Сарајбашче - Турција и обновени се збратимувањата со Целје - Словенија и Самобор - Хрватска.
- Општина Велес соработува со градовите: Казанлк, Стара Загора од Бугарија и со сите членки на Пактот за стабилност.

## Непосредно учество на граѓаните во одлучувањето

Со воспоставувањето на новиот општествен поредок во Македонија, од периодот на нејзиното осамостојување (1991 година) со воведување на плурализмот и граѓанскиот концепт на државата, доаѓа до израз непосредното учество на граѓаните во одлучувањето. Различните форми на здружување на граѓаните, од најмалата клетка, месна самоуправа, па до највисоката во организираниот систем на управување, гарантираат максимална слобода во предлагањето и реализирањето на волјата на граѓаните.

Формите низ кои се покренуваат тие иницијативи и предлози се јавни, а начинот на изјаснување во принцип е тајно гласање за да се гарантира слободата во изјаснување.

Формата на непосредно одлучување е различна (граѓанска иницијатива, собир на граѓани, референдум, анкети, трибини и сл.), но целта е иста - да се овозможи вклучување на граѓаните во демократските процеси.

### Облици на непосредно учество на граѓаните во одлучувањето на Општината

#### А. Граѓанска иницијатива

Граѓаните имаат право да му предложат на Советот и Градоначалникот на Општината да донесат одреден акт или да решат одредени прашања од своја надлежност. Советот е должен во рок од 90 дена да расправа по иницијативата на граѓаните, доколку истата е поддржана од најмалку 10% од

избирачите од Општината, односно на месната самоуправа на која се однесува определеното прашање. За решенијата по поднесената иницијатива, Советот ги информира граѓаните. Граѓанска иницијатива не може да се поднесе за кадровски и финансиски прашања.

**Б. Собир на граѓани**

Собир на граѓани свикува Градоначалникот, по своја иницијатива, на барање на Советот, или на барање на најмалку 10% од избирачите на Општината, односно на месната самоуправа на која се однесува определеното прашање. Собир на граѓани може да се свика за подрачјето на целата општина или за подрачјето на месна самоуправа.

**В. Референдум**

Референдум може да распише Советот, по своја иницијатива, за прашања од негова надлежност. Советот е должен да распише референдум на барање на најмалку 20% од избирачите на општината. Право на гласање на референдумот имаат граѓаните кои имаат избирачко право.

**Г. Претставки и предлози**

За работата на органите на Општината и општинската организација, граѓаните имаат право, поединечно или заеднички со другите да доставуваат претставки и предлози. Претставките и предлозите се поднесуваат во писмена форма или усно на записник, поединечно или групно, до Градоначалникот. За претставките и предлозите не се плаќа такса.

**Д. Јавни трибини, анкети и предлози**

Органите на општината, при донесувањето на прописи од својата надлежност, претходно можат да организираат јавна трибина, да спроведат анкети или да побараат предлози од граѓаните. Јавна трибина се организира кога се донесуваат прописи за прашања од локалниот економски развој, комунални потреби и други прашања од пошироко локално значење.

Анкета се спроведува за донесување урбанистички планови и други прашања од локално значење.

Прибирање предлози од граѓаните за решавање на прашања од локално значење се врши преку објавување на соопштение со кое ќе се повикуваат граѓаните да даваат свои предлози.

## Центар за информирање на граѓаните

Центарот за информирање на граѓаните кој функционира во рамките на ЛС дава информации и ги упатува граѓаните кон други надлежни органи, подрачни единици на министерствата и установи.

# SWOT анализа за категорија - локална власт

| | |
|---|---|
| Сили<br><br>➢ локалната власт е лидер во Република Македонија<br>➢ има изградено имиџ<br>➢ има доверба и поддршка од донаторите<br>➢ пилот општина во одредени сегменти при децентрализација<br>➢ се труди да биде транспарентна (извештаите за работата на ЛС се доставуваат до сите граѓани преку ЈКП “Дервен“)<br>➢ буџетот за наредната година, програмата за култура, спорт и градежно земјиште се носат во две фази: нацрт и предлог фаза<br>➢ центарот за информирање на граѓаните ја оправдува улогата<br>➢ информатички центар ја оправдува улогата<br>➢ солидна соработка со НВО секторот во локалната заедница | Што да правиме за да ги искористиме силите?<br>➢ да се негува имиџот<br>➢ уште повеќе да се унапреди транспарентноста со вклучување на јавноста (граѓаните) за прашања од локално значење<br>➢ центарот за информирање на граѓаните треба уште повеќе кадровски да зајакнува и да ги зголемува услугите што ги дава (front office) |
| Слабости<br><br>➢ транспарентноста е добра, но не е доволна<br>➢ граѓаните не се доволно информирани за надлежностите на Градоначалникот<br>➢ граѓаните не ги знаат надлежностите на локалната власт по децентрализацијата<br>➢ граѓаните ги поистоветуваат институцијата Градоначалник и Советот на општината<br>➢ недостаток од човечки ресурси<br>➢ несоодветна стручна структура на вработените | Што да правиме за да слабостите ги претвориме во сили?<br>➢ изготвување на пропаганден материјал за надлежностите на Градоначалникот и Советот<br>➢ вработување на стручни, тесно специјализирани кадри согласно Законот за државни службеници |

| | |
|---|---|
| Можности<br>➢ позитивна законска регулатива<br>➢ присутност, заинтересираност на донатори<br>➢ соработка и користење на искуства од збратимени градови (размена, бизнис зделки) | Што да правиме за да ги искористиме можностите?<br>➢ изработка на планови, проекти, стратегии<br>➢ имплементирање на акции од стратегии |
| Закани | Што да правиме за да ги избегнеме заканите? |

# ЛОКАЛНА ЕКОНОМИЈА



# Локална економија

Во минатото, индустрискиот развој имал голем придонес за економскиот развој на општината преку зголемување на број на вработени, пораст на БДП, подобрување на животниот стандард на населението, развој на услужни гранки.

Сега, стопанството на општина Велес се наоѓа во општа стагнација на развојот, со слаба акумулативна способност, во зона на дезинвестиции, без обртни средства и со значајна амортизираност на опремата.

И покрај силната поддршка во изминатите неколку години, позначајни резултати на планот на развојот на малото стопанство не се забележани.

Состојбата во транзитниот туризам во општина Велес е неповолна, главно како резултат на безбедносната состојба во регионот.

Покрај економските и социјалните проблеми, населението на Велес и блиските населби се соочува и со многу сериозен проблем на живеење во загадена животна средина. Голема е концентрацијата на индустриски капацитети кои ја загадуваат животната средина.

Заради ова, потребно е изработка на стратегија за локален економски развој, кој ќе ги опфаќа приоритетните проблеми и можните решенија за нив. Секоја општина има атрибути кои го забрзуваат или попречуваат локалниот економски развој, како човечките ресурси, бизнис клима, вклучување на локалната самоуправа во ЛЕР-от.

Во рамките на локалната самоуправа е формирано одделение за ЛЕР кој ќе го иницира изработувањето на стратегијата за ЛЕР за општина Велес.

## Компаративни предности и лимитирачки фактори за развојот

Регионот има значајни природни и човечки ресурси и создадени вредности за остварување подинамичен развој на скоро сите стопански гранки.

Како посебни компаративни предности за остварување на економскиот и социјалниот развој се оценети потенцијалите на постојните индустриски капацитети на металургиската, хемиската, керамичката, текстилната и кожарската, прехранбената, тутунската индустрија и на индустријата на градежни материјали.

Од големо значење се и потенцијалите на развиената сообраќајна и друга инфраструктура.

Како лимитирачки фактори на развојот на општината се оценети недоволната акумулација и незавршениот процес на сопственичка трансформација на претпријатијата, високите долгови на поголемите стопански субјекти поради загуби во работење и други основи, технолошкото заостанување и високата амортизираност на опремата, големата зависност од увоз на суровини и енергенти, ниската побарувачка на малиот по обем домашен пазар и ниската буџетска потрошувачка.

Тешките проблеми во социјалната сфера предизвикани од високата невработеност, како и политичката нестабилност на Балканот, не одат во прилог на брзо активирање на развојниот циклус на стопанството на Општина Велес.

Остварувањето на развојните цели во основа ќе се реализира преку ревитализација и осовременување на постојните индустриски и други стопански капацитети по пат на технолошко преструктуирање и

сопственичко трансформирање, како и со позабрзано формирање на нови мали и средни производствени фирми на современото претприемништво.

Општина Велес потребно е:

- да креира развојна визија преку чија имплементација општината ќе ја оствари својата стратешка цел да стане попросперитетна и да го подобри стандардот и квалитетот на живот на своето население;
- да овозможи привлекување на нови бизниси, како и задржување и проширување на веќе постоечките фирми;
- да оствари социо-економски развој;
- да формира нови локални институции за стимулирање на економскиот развој;
- да создаде услови за продуктивна работа и вработување;
- да ја промовира мобилноста на трудот, да се спроведува преквалификација и оспособување на работниците, да се одржуваат адекватни нивоа на социјална заштита во услови на промена на работното место на работникот. Посебно внимание треба да се даде на ризичните групи;
- да поддржува програми за техничка помош, за стручно оспособување и за развој на занаетчиството, прилагодување на образованието на младите со потребите на пазарното стопанство.

Во спроведувањето на овие принципи, општината треба да оствари комплексен пристап заснован на: (1) искористување на расположивите компаративни предности што произлегуваат од локалните природни и човечки ресурси и создадените вредности, (2) постојано надоградување на знаењето и вештините, (3) доминантно инвестирање со средства од локални извори, (4) поддршка на бизнисот и иноваторството, (5) спроведување на секторскиот развој, (6) обнова на заедницата, (7) проширување на инфраструктурата и (8) спроведување на комплексна локална еколошка политика која е базирана врз стандардите на Европска Унија.

**Стратегија за развој на индустријата**

- Индустрискиот развој ќе се потпира на ревитализација на постојните поголеми индустриски претпријатија и проширување на нивната дејност, како и на формирање на нови индустриски претпријатија од секторот на малото стопанство. Односот меѓу двете групи претпријатија предвидено е да се подобрува во полза на малите и средните претпријатија.
- Поради изградената сообраќајна и друга инфраструктура, како и поседувањето на квалитетна работна сила, постојат поволни можности за економски развој.
- Формирање на нови мали и средни претпријатија од областа на агроиндустрискиот комплекс во руралните населби.
- Значаен фактор за динамизирање на индустрискиот развој во општината ќе претставува и производното, комерцијалното и финансиското поврзување на претпријатијата од општината со други поголеми претпријатија од земјата и од странство.
- За остварување на планираните развојни цели од особено значење ќе биде навременото реактивирање и ревитализирање на постојните индустриски капацитети.

- Искористување и реактивирање на едуцираната работна сила, која во меѓувреме е прогласена за технолошки вишок.
- Завршување на процесите на сопственичко преструктуирање.
- Современо маркетиншко работење.
- Стандардизација на извозните производи.
- Техничко-технолошката модернизација.
- Промотивна активност на локалните индустриски производи на домашниот и особено на странските пазари.
- Запирање на процесот на напуштање на селските населби во северозападните ридско-планински предели на општината и воспоставување на реверзибилен процес на враќање на населението, живеење во предели со чиста животна средина.
- Унапредување на стопански капацитети од терцијарниот сектор (туристичко стопанство, природни компаративни предности што ги нудат Јакупица, Солунска глава, долините на реките Бабуна и Тополка, езерото "Младост" и локалитетот "Стоби").
- Локалната самоуправа, преку поддршка на развојни активности, може да го поттикне и разрешувањето на проблемот на невработеноста преку создавање на материјални услови и спроведување на мерки за стимулирање на користењето на работната сила (даночни олеснувања, премии за субјекти кои вработуваат нови лица, обука и преквалификација на работна сила и сл.)

### Стратегија за развој на малото стопанство

Економското преструктуирање на стопанството на општина Велес и натаму ќе се врши со приватизација на постојните претпријатија и отворање на нови приватни претпријатија. Денес во општина Велес постојат повеќе успешни мали фирми во сите сектори на стопанството во обласна на прехранбената индустрија, текстилната индустрија, градежништвото, трговијата.

Можностите за натамошен развој на приватната иницијатива при стопанисувањето во општината произлегуваат од компаративните предности на самата општина. Природните и човечките ресурси, поврзаноста со железничка пруга и главните сообраќајници во земјата, постоечката индустриска инфраструктура, постоењето на реката Вардар, близината до главниот град и аеродромот "Петровец", како и местоположбата во централниот дел на земјата, треба да бидат сила на севкупниот иден економски развој на општина Велес.

Врз основа на претходно детално истражување и анализа на резултатите од истото, како приоритети во развојот на малото стопанство на општина Велес се одредени следните:

1. Развој на мали бизниси;
2. Негување на сите форми на интересни здружувања на малостопанствениците;
3. Развој на институции за помош и поддршка на малото стопанство во обласна на информирањето, перманентното образование, промоцијата на извозот и промовирањето на малото стопанство преку афирмативен пристап во медиумите.

Значајна улога во поддршката има деловниот инкубатор.

Инкубаторот им овозможува на малите бизниси да отпочнат со работење без да мораат да ги сносат сите трошоци за отпочнување на бизнис. Инкубаторите им обезбедуваат на бизнисите:

- Простор
- Техничка и раководна поддршка

Инкубаторите изнајмуваат простор по цена под пазарната цена на наемнини, совети за раководење и консултации, давање на општи услуги по ниски трошоци: сали за состаноци, телефони, фотокопир машини итн.

За подобрување на можностите и проширување на активностите на бизнис инкубаторот, општината ќе треба поактивно да се ангажира околу поширока промоција и анимирање на населението за можностите кои ги нуди оваа институција.

Во општина Велес постојат добри услови за развој на кооперантски односи со големите претпријатија и тоа посебно во прехранбената, керамичката, текстилната, кожарската и металопреработувачката индустрија. Во агрокомплексот кооперантските односи особено можат да се развиваат во производството на вино, сточарството и пчеларството, а постојат и добри перспективи за развој на цвеќарството и организираното производство на печурки.

Велес, како град познат со традиционално искуство во керамичката, текстилната и кожарската индустрија, планирано е да продолжи да го имплементира ова искуство и традиција во нови капацитети во секторот на малото стопанство. Големиот број на отпуштени работници со своите квалификации, знаења и способности, преку сопствено работно ангажирање и со финансиска помош од разни програми, фондови и банки, можат да отпочнат сопствени мали бизниси особено во делот на производство на суровини и репроматеријали за стопанството на општината, финализација на производните програми и збогатување на асортиманот на производи, производство на соодветна амбалажа и овозможување квалитетни и брзи транспортни и други услуги.

Развојот на малото стопанство во руралните средини нужно треба да биде во насока на искористување на расположивите ресурси за развој на земјоделството, особено сточарството, пчеларството, цвеќарството, лозарството, градинарските култури, печуркарството и повисоките фази на преработка на овие производи, но со одржлив пристап.

Велес е град со богата занаетчиска традиција, но денес некои занаети се во подем, а други изумираат. Оставени на маргините на општествените збиднувања и не водејќи грижа за нивната древност и традиција, старите занаети полека, но сигурно го губат својот идентитет. Во минатото најзастапени биле: грнчарскиот, коларо-ковачкиот, лимарскиот, сарачкиот, часовничарскиот, тенеќицискиот, кујунџискиот, кондурациските, за сметка на денешните занаети во подем како: пекарскиот, берберо-фризерскиот и слаткарскиот.

Велес и понатаму треба да го поддржува развојот на занаетчиството преку одобрување на локации за градба и обезбедување на деловен простор, микрозаеми и даночни олеснувања. Особено внимание треба да се обрати на заживувањето на старите занаети, кои треба да станат заштитен знак на велешкото поднебје и да придонесат кон подобрување на економската состојба во општината.

Малото стопанство во Велес е предвидено да се развива и во областа на трговијата и услугите, и тоа особено во областа на транзитниот туризам и угостителство. Природните потенцијали, културно-историското наследство и комуникациската поврзаност на општината со поширокиот регион,

претставуваат фактори кои овозможуваат остварување на значително подинамичен развој на оваа стопанска гранка. Подобрување на состојбите се предвидува да се постигне и со доизградба и доуредување на туристичко-рекреативниот комплекс на езерото "Младост", кој истовремено ќе ги задоволува и рекреативните потреби на граѓаните на општина Велес.

**Стратегија за развој на транзитниот туризам**

Местоположбата на општина Велес во централниот дел на Република Македонија, близината на магистралата Е-75 која е главна оска на комуникациите во нашата држава и мошне интересните локални природни и антропогени вредности, претставуваат основна предиспозиција за развој на транзитниот туризам во општина Велес.

За подобрување на туристичкиот развој се предлага:

- формирање на информативно-туристичко биро за информативно-пропагандни активности;
- лоцирање на информативни пунктови во централното градско подрачје;
- дистрибуција на информативни содржини до граничните информативни пунктови, центрите за информирање во градските средини, како и во странство;
- обезбедување сигнализација и обележување на туристичките локалитети и објекти во општина Велес.

**Стратегија за заштита на животната средина во локалниот економски развој**

Во создавањето на концептот за интегрален развој на општина Велес, треба да бидат вградени и сите аспекти за заштита и унапредување на животната средина преку:

- одржлива експлоатација на природните ресурси со почитување на природни процеси и законитости;
- рамномерно распоредување на стопанските дејности и инфраструктурни системи;
- воведување на почисти технологии;
- проширување на зелени површини во населбите;
- создавање на зелени појаси околу индустриските капацитети, туристички населби и сообраќајници;
- формирање на санитарно-заштитни зони околу изворите за водоснабдување.

## SWOT анализа за категорија - локална економија

| | |
|---|---|
| Сили<br><br>➢ Студија за економски развој на општина Велес<br>➢ Одделение за ЛЕР<br>➢ Центар за поддршка на мали и средни претпријатија (Дени инкубатор) и др. центри за поддршка на МСП секторот<br>➢ Одбор за ЛЕР во рамките на ЛС со советодавна улога и донесување на економски политики на локално ниво<br>➢ човечки ресурси<br>➢ развиена сообраќајна, енергетска и друга инфраструктура<br>➢ формирани мали и средни претпријатија кои добро работат (градежништво, текстил, трговија)<br>➢ богата занаетчиска традиција<br>➢ природни, културно-историски и комуникациски потенцијали за развој на транзитен туризам | Што да правиме за да ги искористиме силите?<br>➢ студијата да се операционализира<br>➢ изработка на стратегија за ЛЕР<br>➢ добра основа за развој на локалната економија, но да се зајакне промовирањето на програми, идеи, дистрибуција на информации и финансиски можности помеѓу локалната заедница и бизнис секторот<br>➢ инкубаторот има лимитиран капацитет кој не е доволен за инкубирање на дополнителни бизниси<br>➢ подобрување на општата бизнис клима во општината, давање на поддршка и помош за задржување и проширување на веќе постоечките фирми - зголемување на нивните капацитети<br>➢ стимулирање на занаетчиството<br>➢ стратегија за развој на транзитниот туризам |
| Слабости<br><br>➢ комплетна деиндустријализација на општината<br>➢ општинската политика и надлежностите во рамките на ЛЕР не се до крај дефинирани<br>➢ немање доволно критична маса во општината да се повлече економијата<br>➢ немање на партнерство помеѓу јавен и приватен сектор<br>➢ дисконтинуитет во комуникацијата и соработката (Центрите за поддршка на мали и средни претпријатија со ЛС и други национални и локални институции, агенции и фирми) | Што да правиме за да слабостите ги претвориме во сили?<br>➢ креирање на јасна визија и насоки за економскиот развој во локалната заедница<br>➢ подигнување на јавната свест на населението за отварање на мали и средни претпријатија и инвестирање во приватниот сектор<br>➢ формирање и зајакнување на партнерства<br>➢ воспоставување на долгорочна соработка помеѓу инкубаторот и ЛС (работење на заеднички проекти)<br>➢ тесна специјализација на инкубаторот и други центри за две до три основни дејности во општината |

| | |
|---|---|
| ➢ центрите за поддршка на МСП секторот неможе да даваат поддршка во вистинска смисла на зборот на различни дејности (немање на технички можности и капацитети да се опслужуваат голем број на сосема различни дејности)<br>➢ немање на пошироки партнерства и мрежи (немање проток на информации помеѓу институциите асоцијациите и фирмите т.е. јавниот и приватниот сектор)<br>➢ 17 000 невработени<br>➢ немање права слика за невработеноста во општината (голем дел од невработените работат на диво)<br>➢ на локалните бизнис луѓе не им е јасна намената на ЛЕР<br>➢ знаењата за ЛЕР помеѓу пошироката заедница се многу мали<br>➢ краток временски период во функционирањето на ЛЕР-от<br>➢ недостаток на кадар во ЛЕР<br>➢ иако човечки ресурси постојат, тие не се соодветно искористени<br>➢ нееднакви можности, третман и дискриминација при вработување<br>➢ критериумите за мерење на резултатите од локалните економски случувања не се соодветни<br>➢ стремежот кон високи профити со обрт на капиталот на краток рок не дава основа за одржлив развој во општината<br>➢ старите велешки занаети изумираат и го губат својот идентитет | ➢ формирање на нови инкубатори во општината<br>➢ сите институции во општината да бидат вмрежени<br>➢ промоција на локални производи и фирми во заедницата, во државата и во странство<br>➢ зајакнување на инспекцискиот надзор на фирмите во однос на законското вработување, злоупотреба на трудот итн.<br>➢ поголема транспарентност во работењето на ЛЕР и дисеминирање на информации до бизнис секторот<br>➢ унапредување на директната комуникација, промоција, организирање на форуми, саеми<br>➢ да се направи база на потенцијал од човечки ресурси во сите области во општината (економија, социјала, животна средина) и човечките капацитети во општината да бидат искористени во развој на економијата<br>➢ да се направи опсежна анализа и да се дефинираат конкретни проекти што ќе дадат резултати на подолг рок<br>➢ заживување на стари занаети |
| Можности<br><br>➢ општината со децентрализацијата има можност сама да го креира својот развој | Што да правиме за да ги искористиме можностите?<br>➢ добра основа за економско подобрување<br>➢ економските капацитети и стручните лица од |

| | |
|---|---|
| ➢ економска традиција<br>➢ општината има можност за давање на инфраструктурни објекти и услуги под одредени бенефиции<br>➢ агенцијата за вработување со трансформацијата има можност да формира берза на труд | индустрискиот сектор со затворањето на фабриките имаат можност да работат во приватниот сектор<br>➢ зајакнување на стимулативната политика на ЛС за побрзи, поефикасни, поедноставни процедури и поевтини услуги за економски развој<br>➢ институциите да најдат алатки за стимулирање и регистрирање за пријавување на вработените<br>➢ правење на база на податоци со основни и дополнителни квалификации, обуки и знаења на невработените<br>➢ формирање на локални институции за обука и преквалификација на работната сила и зголемување на капацитетите на веќе постоечките |
| Закани<br><br>➢ политичка, економска, социјална состојба во државата<br>➢ бариери на државните институции кон партнерски проекти со приватниот сектор | Што да правиме за да ги избегнеме заканите?<br>➢ да се дејствува на организиран начин преку мрежи од институции и невладини организации<br>➢ да се работи транспарентно - јавно и навремено да се промовираат активностите, проектите и програмите на јавниот сектор кон приватниот - бизнис секторот |

# ГРАЃАНСКИ СЕКТОР



## Здруженија на граѓани и фондации - Невладин сектор (НВО)

Граѓаните можат слободно да се здружуваат во здруженија на граѓани и да основаат фондации заради остварување и заштита на економски, социјални, културни, научни, стручни, технички, хуманитарни, образовни, спортски и други права, интереси и уверувања во согласност со Уставот и законот.

Здруженијата на граѓани се непрофитни организации. Ако во работењето на здруженијата на граѓани и фондациите се оствари добивка, таа мора да биде употребена исклучиво за поддржување и остварување на нивните цели и активности со статутот (член 2 од Закон за здруженија на граѓани и фондациите, Сл. Весник бр. 31 од 02.07.1998).

Здруженијата на граѓани правно се регулирани само со еден закон - Закон за здруженија на граѓани и фондации (ЗГФ).

Со овој закон е уреден начинот, условите и постапката за основање, регистрација, работење и престанок на ЗГФ. Работата на секоја ЗГФ е легализирана со упис во судски регистер во Основниот суд Велес. Здружение на граѓани можат да основаат најмалку 5 полнолетни граѓани на Република Македонија, а основачи може да бидат и странци.

Секое здружение или фондација мора да има сопствени органи: Собрание на организацијата, Извршен орган, Контролен орган и Претседател на организацијата. Работата на сите органи во ЗГФ е регулирана со закон.

### Состојба со НВО секторот во општината

- Бројот на регистрирани здруженија на граѓани и фондации во Велес, на крајот од 2004 година е помеѓу 180-210. Во овој број влегуваат сите здруженија и фондации кои работат на територијата на општините каде е надлежен судот во Велес.
- Во општина Велес активност пројавуваат 150 здруженија на граѓани и мал број на фондации.
- Фондацијата Институт отворено општество - Македонија (ФИООМ) преку проектот "Поддршка на иницијативите на НВО за развој на локалната заедница" во општина Велес има отворено Центар за поддршка на НВО - Велес (ЦПНВО). Центарот има за цел да ја зајакнува улогата на НВО како активен фактор во развојот на локалната заедница, да ги поттикнува партнерствата помеѓу НВОи, НВО и локалните власти, медиуми и приватниот сектор, како и вклучувањето на НВО во креирањето на јавна политика.
- Во Центарот за поддршка на НВО - Велес во периодот јануари 2001 година до декември 2004 година, активност покажале 70-83 НВОи.
- Според информација од Сојузот на спортови во општина Велес има околу 100 спортски здруженија, кои статусот - спортски - го добиваат во согласност со Законот за спорт.
- Според типот на активности или целни групи, НВОите работат во следните сектори (бројките се нецелосни):
  - култура и наука - 15
  - образование - 3
  - лица со посебни потреби - 7
  - деца и млади - 3
  - здравство - 3
  - етнички заедници - 6
  - рекреација - 6

- човекови права, женски права - 5
- маргинализирани групи, стари лица - 10
- екологија и здравство - 9

- Во општина Велес, освен Сојуз на пензионери, ниедно друго здружение нема обезбедено работни простории. 16 НВО имаат добиено канцеларија за работа и тоа преку кирија или користење на деловен простор од Општината или ЈП за станбен и деловен простор.
- Родовата застапеност во НВО секторот е позитивна во секој сегмент од работењето - од основање до лидерство.
- Најчести донатори за НВО секторот во Велес се: УНДП, УСАИД, Светска банка, НДИ - САД, МЦМС, ФИООМ, РЕЦ, ИТЗ, Норвешка амбасада, Амбасада на Кралството Холандија, Амбасада на САД, СДЦ - Швајцарска агенција за развој и соработка и други.

**Медиуми**

Пристапот до потребните информации и секојдневното доближување на проблемите на граѓаните преку брзи и квалитетни вести, на територијата на општина Велес, е овозможено преку сите типови на медиуми.

Граѓаните на Велес имаат непречен пристап до дневниот и неделниот печат што се издава во Репулика Македонија, а и од соседните држави (Бугарија и Србија и Црна Гора). Во мал дел е застапен и печат од други држави.

Дневниот печат за граѓаните е слободно достапен во Градската библиотека и во други институции.

Од електронските медиуми во Велес има:

- 1 јавно локално радио,
- 4 приватни радио станици,
- 2 локални приватни ТВ станици и
- 1 кабелска ТВ и интернет мрежа со пренос на 39 ТВ канали во кои се вклопени и ТВ станици кои се концесионери во Македонија.
- Покрај локалните медиуми во општината професионално свои дописници имаат ангажирано сите електронски и печатени медиуми.
- Во општината нема локален печатен медиум.

Наспроти постојаните финансиски проблеми, недостигот од можности за професионализација, секој од медиумите се одликува со специфични програмски карактеристики обидувајќи се да работи на полето на креативноста.

Проблем за граѓаните е неможноста да имаат пристап до Службен весник на РМ и Службен гласник на Општината Велес, освен преку web страни на Владата и на Општина Велес. Пристапноста до официјалните службени весници на Р. Македонија и Велес се потреба со цел побрзо и навремено да ги добиваат сите донесени акти за секојдневниот живот на граѓаните.

| | МЕДИУМ |
|---|---|
| 1. | ТВ СТАНИЦИ |
| | ТВ Здравкин |
| | ТВ Канал 21 |
| | Кабелска ТВ Спринт |
| 2. | РАДИО СТАНИЦИ |
| | Радио Велес |
| | Радио Голди |
| | Радио ЦД |
| | Радио Мерак 5 ФМ |
| | Радио Си-Би-Ем |
| 3. | ДОПИСНИШТВА |
| | МТВ<br>Стоилко Андреевски |
| | Македонско радио<br>Кире Василевски |
| | ТВ А1<br>Убавка Јаневска |
| | ТВ Канал 5<br>Милка Смилевска |
| | ТВ Телма<br>Јадранка Стефкова |
| | Дневник<br>Петре Печков |
| | Утрински Весник<br>Божана Ќулавкова-Чадиева |
| | Време<br>Антоанела Гајдова-Димитриевска |

## Верски заедници

Правото за изразување на верските убедувања во општината е слободно, согласно со Уставот на Р. Македонија и Законот за верски заедници. Во Велес дејствуваат двете најголеми верски заедници: Македонската православна црква (МПЦ) и Исламска верска заедница (ИВЗ). Покрај овие две верски заедници сопствени активности има и Христијанската адвентистичка црква.

## Синдикати

Во денешно време единствена организација која може да ги штити правата на работниците во работен однос е синдикатот, на кого со устав и закон му е дозволено внатре во претпријатието да се организира и делува за заштита на работата, социјални права, економска сигурност, квалитетно и здраво работно место. За остварување на овие права синдикатот има инструменти кои се во согласност со законските норми во државата. Тие се:

преговарање и договарање за колективните договори, застапување на работниците со повредени работнички права пред управните одбори во претпријатието и судовите, предупредувачки штрајкови, како и организирање штрајкови.

Во нашиот град, до пред 10 години, во синдикатот членуваа околу 26000 работници. Денес овој број е преполовен на штета на работниците, бидејќи голем дел од претпријатијата не ја преживеаја транзицијата: "Порцеланка", "Нокатекс", Топилницата, АД "Лозар", ГП "Младост" и др.

Сојузот на синдикатите на Р. Македонија (ССМ) е организиран во 17 гранкови синдикати каде што членуваат основните организации, организирани во претпријатијата со свои статути, програми за делување, пред се за заштита и остварување на работничките права добиени со Законот за работни односи и колективните договори.

Во склоп на ССМ, по територијата на Р. Македонија, во поголемите градски центри, синдикатот е организиран во Регионални синдикални совети кои делуваат и работат во регионите и самите претпријатија. Таков е Регионалниот синдикален совет во Велес.

## SWOT анализа за категорија - граѓански сектор

| Сили | Што да правиме за да ги искористиме силите? |
|---|---|
| ➢ Центар за поддршка на невладини организации<br>➢ квалитетно развиен сектор со релативно изградени капацитети<br>➢ учество во креирање на јавни политики<br>➢ директно учество во советодавните тела на локалната власт<br>➢ добра соработка на медиумите со НВО<br>➢ присуство на повеќе медиуми во локалната заедница | ➢ центарот да продолжи да функционира и по завршување на проектот<br>➢ надоградување на капацитетите на граѓанскиот сектор |
| **Слабости** | **Што да правиме за да слабостите ги претвориме во сили?** |
| ➢ просторни проблеми<br>➢ слаба одржливост на секторот<br>➢ недоволна спремност за вмрежување<br>➢ постоење на предрасуди меѓу учесниците во граѓанскиот сектор<br>➢ постоење на предрасуди од страна на граѓаните кон граѓанскиот сектор<br>➢ неповрзаност со бизнис секторот<br>➢ слаб пристап до информациите од надлежните институции<br>➢ немање на локален печатен медиум | ➢ синхронизација со економските текови во заедницата<br>➢ зајакнување и унапредување на партнерствата со локалните власти<br>➢ подигнување на јавната свест заради заедничките цели во работењето<br>➢ транспарентно работење<br>➢ суштинско поврзување со бизнис секторот<br>➢ зголемување на пристапноста од надлежните институции<br>➢ профункционирање на локален печатен медиум |
| **Можности** | **Што да правиме за да ги искористиме можностите?** |
| ➢ партнерства со локалните власти, бизнис секторот<br>➢ позитивна законска регулатива | ➢ формирање на партнерства |
| **Закани** | **Што да правиме за да ги избегнеме заканите?** |
| ➢ повлекување на донаторите од државата | ➢ интензивно зајакнување на самоодржливоста |

# ВИЗИЈА

Како сакаме нашата локална заедница да изгледа по 10 години?

**Визија** е опис или слика за она што би сакале да се случи во иднина.
**Визија** е создавање на замисла какво би требало да биде нашето опкружување, нашата општина во иднина, по одреден временски период.

## Велес во 2015 - визија за мојот град

Велес - град со растечка економија и квалитет на живеење, социјално интегриран, цивилизиран кон јавните добра.

Велес - град со образовани, здрави, среќни и задоволни луѓе, активно вклучени во општествениот живот.

Велес - отворен за соработка и со можности за унапредување на граѓаните во сите сфери на животот, со свесни граѓани за нивната улога во функционирањето на градот.

Велес - рехабилитирана општина во однос на животната средина, со пошумени голини и граѓани посветени на сопствената животна средина.

Велес со изграден кеј, регулирана река Вардар, завршен хидро-мелиоративен систем, со колекторски систем и изградена пречистителна станица во централно градско подрачје.

Велес и велешани исполнети со традиционалност и гостопримство, општина по мерка и на граѓаните и на добронамерните странци кои ќе престојуваат во него.

**Велес - интегриран град кој го следи концептот на одржливост.**

# ОДРЕДУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТИ

**Одредувањето на приоритетите е прв чекор во решавањето на проблемите. Тој се фокусира на решавањето на најкритичните проблеми и побарувањата ги насочува кон оние активности кои ги нудат најдобрите решенија во врска со одржливиот развој.**

Одредувањето на приоритети е предуслов за правилно насочување на инвестициите во локалната заедница кон најсериозните проблеми.

Граѓанскиот комитет за одржлив развој спроведе постапка за утврдување на приоритети. Приоритетите се групираа по темите кои се обработуваа со проценката на заедницата. Тие се одредуваа со офанзивен пристап (да се искористат силите и слабостите да се претворат во сили).

Конечната поширока листа на приоритети беше понудена на граѓаните во вид на анкетен прашалник заради одредување на преференциите во јавноста.

Конечната одлука за приоритетите е втемелена врз разбирањето за потребите на луѓето и врз долунаведените критериуми:

- Јавно мислење
- Големина и сериозност на проблемот
- Степенот на негово негативно влијание врз други прашања
- Правни и законски услови
- Способноста на заедницата да влијае
- Други (одржливост, пари, време итн.)

Изборот на приоритети од кои се креираше овој акционен план го направи Граѓанскиот комитет со донесување на консензуална одлука.

Јавноста беше инволвирана во одлучувањето, преку спроведена анкета.

Покрај приоритетите кои се рангираа како најважни за решавање (разработени во акциониот план), треба да се имаат во предвид и останатите од пошироката листа, кои во иднина би можеле да станат приоритетни и да се опфатат во идна ревизија на Локалната агенда 21.

# ПОШИРОКА ЛИСТА НА ПРИОРИТЕТИ

## Локален економски развој

- Дефинирање на стратегија за локален економски развој
- Формирање на партнерства
- Создавање фонд за локален економски развој
- Зајакнување на капацитетите на правните тела за локален економски развој
- Поттикнување на стимулативни мерки и инструменти за поддршка на економскиот развој
- Поттикнување на развој на мали и средни претпријатија
- Развој на услужни дејности (традиционални и карактеристични занаети)
- Поттикнување на туризмот

## Социјала, здравство и образование

- Стимулирање на деца на социјалци кон наставен процес
- Превенција на социјална патологија (превенција од дрога, други болести на зависност, жртви на семејно насилство и информирање за сида)
- Подобрување на здравствената состојба на децата
- Подобрување на рехабилитацијата на децата со посебни потреби
- Подобрување на здравствената состојба на жената
- Превенција од современи болести (циркулаторен систем, малигни заболувања)
- Приближување на здравство во руралните средини
- Подобрување на образовните стандарди
- Прилагодување на образованието на потребите на локалната средина
- Адаптирање на градска читална

## Заштита и унапредување на животна средина

- Управување со отпадот
- Подигнување на јавна свест за зачувување на животна средина
- Пошумување на голините на Велес
- Зголемување на зелени површини во градот
- Заштита од пожари

- Уредување на спортско-рекреативни центри (Бабуна, Младост)
- Евиденција и заштита на реликтни и ендемски растителни и животински видови и природни реткости
- Санирање на последиците од загаденоста на животната средина
- Овозможување на континуирано работење на локален мониторинг систем
- Достапност на информациите и податоците на локално ниво од националниот мониторинг систем

## Урбано планирање

- Гасификација
- Топлификација
- Изградба на комунална инфраструктура во индустриска зона
- Изградба на колекторски систем со пречистителна станица за заштита на акумулација "Лисиче"
- Изградба на колекторски систем во централно градско подрачје и пречистителна станица
- Контрола и одржување на систем за водоснабдување во населени места
- Изградба на пристапни рампи за хендикепирани лица до јавни институции
- Доизградба на кеј на Вардар
- Санирање на последиците од свлечиштето Рамина
- Воведување на нови содржини во зонираните површини (пешачки зони, патна инфраструктура, тесни сообраќајни грла, велосипедски патеки и др.)

## Локален демократски развој

- Подобрување на информираноста на граѓаните за функционирањето и надлежностите на локалната самоуправа
- Зголемување на транспарентноста на локалната самоуправа
- Учество на јавноста во креирање на јавни политики
- Зајакнување на капацитетите на граѓанскиот сектор

# АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

Оваа анкета се спроведува во рамките на проектот "Локална агенда 21 за општина Велес", реализиран од ЕД "Вила Зора" и Општина Велес.

Анкетата има за цел "вклучување на јавноста во локалното планирање и решавање на проблемите од локално значење".

Резултатите од неа ќе претставуваат насока за одредување на приоритетните проблеми во општината.

| **Пол:** | **Возраст:** | **Образование:** |
|---|---|---|
| ❑ машки | ❑ До 25 години | ❑ Основно |
| ❑ женски | ❑ Од 25-45 години | ❑ Средно |
| | ❑ Од 45-65 години | ❑ Вишо илвисоко |
| | ❑ Над 65 години | |

## Кои проблеми ги сметате за најприоритетни?

(ве молиме заокружете најмногу два од секоја категорија)

### Локален економски развој

- ❑ Дефинирање на стратегија за локален економски развој
- ❑ Формирање на партнерства
- ❑ Создавање фонд за локален економски развој
- ❑ Зајакнување на капацитетите на правните тела за локален економски развој
- ❑ Поттикнување на стимулативни мерки и инструменти за поддршка на економскиот развој
- ❑ Поттикнување на развој на мали и средни претпријатија
- ❑ Развој на услужни дејности (традиционални и карактеристични занаети)
- ❑ Поттикнување на туризмот
- ❑ Друго ________________________________________

### Социјала, здравство и образование

- ❑ Стимулирање на деца на социјалци кон наставен процес
- ❑ Превенција на социјална патологија (превенција од дрога, други болести на зависност, жртви на семејно насилство и информирање за сида)
- ❑ Подобрување на здравствената состојба на децата
- ❑ Подобрување на рехабилитацијата на децата со посебни потреби
- ❑ Подобрување на здравствената состојба на жената
- ❑ Превенција од современи болести (циркулаторен систем, малигни заболувања)
- ❑ Приближување на здравство во руралните средини
- ❑ Подобрување на образовните стандарди
- ❑ Прилагодување на образованието на потребите на локалната средина
- ❑ Адаптирање на градска читална
- ❑ Друго ________________________________________

## Заштита и унапредување на животна средина

- ❑ Управување со отпадот
- ❑ Подигнување на јавна свест за зачувување на животна средина
- ❑ Пошумување на голините на Велес
- ❑ Зголемување на зелени површини во градот
- ❑ Заштита од пожари
- ❑ Уредување на спортско-рекреативни центри (Бабуна, Младост)
- ❑ Евиденција и заштита на реликтни и ендемски растителни и животински видови и природни реткости
- ❑ Санирање на последиците од загаденоста на животната средина
- ❑ Овозможување на континуирано работење на локален мониторинг систем
- ❑ Достапност на информациите и податоците на локално ниво од националниот мониторинг систем
- ❑ Друго ____________________________________________

## Урбано планирање

- ❑ Гасификација
- ❑ Топлификација
- ❑ Изградба на комунална инфраструктура во индустриска зона
- ❑ Изградба на колекторски систем со пречистителна станица за заштита на акумулација "Лисиче"
- ❑ Изградба на колекторски систем во централно градско подрачје и пречистителна станица
- ❑ Контрола и одржување на систем за водоснабдување во населени места
- ❑ Изградба на пристапни рампи за хендикепирани лица до јавни институции
- ❑ Доизградба на кеј на Вардар
- ❑ Санирање на последиците од свлечиштето Рамина
- ❑ Воведување на нови содржини во зонираните површини (пешачки зони, патна инфраструктура, тесни сообраќајни грла, велосипедски патеки и др.)
- ❑ Друго ____________________________________________

## Локален демократски развој

- ❑ Подобрување на информираноста на граѓаните за функционирањето и надлежностите на локалната самоуправа
- ❑ Зголемување на транспарентноста на локалната самоуправа
- ❑ Учество на јавноста во креирање на јавни политики
- ❑ Зајакнување на капацитетите на граѓанскиот сектор
- ❑ Друго ____________________________________________

# РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТНИОТ ПРАШАЛНИК ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТИТЕ ВО ОПШТИНАТА

Број на анкетирани: 500 граѓани на општина Велес

## ПОЛОВА СТРУКТУРА

| | |
|---|---|
| машки | **222** |
| женски | **278** |

## СТАРОСНА СТРУКТУРА

| | |
|---|---|
| до 25 години | **100** |
| од 25-45 години | **199** |
| од 45-65 години | **170** |
| над 65 години | **31** |

## ОБРАЗОВНА СТРУКТУРА

| | |
|---|---|
| основно | **43** |
| средно | **264** |
| вишо или високо | **193** |

## ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

| | | |
|---|---|---|
| **1** | Поттикнување на развој на мали и средни претпријатија | **225** |
| **2** | Поттикнување на стимулативни мерки и инструменти за поддршка на економскиот развој | **156** |
| **3** | Дефинирање на стратегија за локален економски развој | **139** |
| **4** | Создавање фонд за локален економски развој | **124** |
| **5** | Развој на услужни дејности (традиционални и карактеристични занаети) | **98** |
| **6** | Зајакнување на капацитетите на правните тела за локален економски развој | **66** |
| **7** | Формирање на партнерства | **41** |
| **8** | Поттикнување на туризмот | **32** |
| **9** | Друго | **3** |

а) преквалификација на кадар според потребите на градот
б) да проработат фабриките
в) да се отворат нови работни места






## СОЦИЈАЛА, ЗДРАВСТВО И ОБРАЗОВАНИЕ

| | | |
|---|---|---|
| **1** | Превенција на социјална патологија (превенција од дрога, други болести на зависност, жртви на семејно насилство и информирање за сида) | **180** |
| **2** | Превенција од современи болести (циркулаторен систем, малигни заболувања) | **162** |
| **3** | Подобрување на здравствената состојба на децата | **133** |
| **4** | Подобрување на здравствената состојба на жената | **116** |
| **5** | Подобрување на образовните стандарди | **98** |
| **6** | Прилагодување на образованието на потребите на локалната средина | **68** |
| **7** | Подобрување на рехабилитацијата на децата со посебни потреби | **60** |
| **8** | Стимулирање на деца на социјалци кон наставен процес | **51** |
| **9** | Приближување на здравство во руралните средини | **35** |
| **10** | Адаптирање на градска читална | **15** |
| **11** | Друго | **4** |

а) бесплатно здравство до 18 год.

б) подобрување на животниот стандард на населението

в) грижа за талентирани ученици

г) ефикасен надзорен и инспекциски апарат за превенција на деликвенција






## ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

| | | |
|---|---|---|
| **1** | Санирање на последиците од загаденоста на животната средина | **173** |
| **2** | Пошумување на голините на Велес | **168** |
| **3** | Подигнување на јавна свест за зачувување на животна средина | **154** |
| **4** | Уредување на спортско-рекреативни центри (Бабуна, Младост) | **128** |
| **5** | Управување со отпадот | **124** |
| **6** | Зголемување на зелени површини во градот | **106** |
| **7** | Овозможување на континуирано работење на локален мониторинг систем | **28** |
| **8** | Достапност на информациите и податоците на локално ниво од националниот мониторинг систем | **25** |
| **9** | Заштита од пожари | **23** |
| **10** | Евиденција и заштита на реликтни и ендемски растителни и животински видови и природни реткости | **13** |
| **11** | Друго | **1** |
| а) | воведување казнени мерки за загадувачите | |






## УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| **1** | Изградба на колекторски систем со пречистителна станица за заштита на акумулација "Лисиче" | **199** |
| **2** | Доизградба на кеј на Вардар | **129** |
| **3** | Гасификација | **103** |
| **4** | Топлификација | **97** |
| **5** | Изградба на колекторски систем во централно градско подрачје и пречистителна станица | **90** |
| **6** | Контрола и одржување на систем за водоснабдување во населени места | **72** |
| **7** | Воведување на нови содржини во зонираните површини (пешачки зони, патна инфраструктура, тесни сообраќајни грла, велосипедски патеки и др.) | **69** |
| **8** | Изградба на комунална инфраструктура во индустриска зона | **58** |
| **9** | Изградба на пристапни рампи за хендикепирани лица до јавни институции | **58** |
| **10** | Санирање на последиците од свлечиштето Рамина | **42** |
| **11** | Друго | **9** |
| а) | регулирање паркинг простори | |
| б) | канализација на Отовица и Речани | |
| в) | изградба на новиот велешки театар | |
| г) | доизградба на социјални станови за млади брачни парови | 4 |
| д) | воведување на комунална и сообраќајна инфраструктура за Речани | |
| ѓ) | да се продолжи со уредување на градот | |






## ЛОКАЛЕН ДЕМОКРАТСКИ РАЗВОЈ

| | | |
|---|---|---|
| **1** | Подобрување на информираноста на граѓаните за функционирањето и надлежностите на локалната самоуправа | **282** |
| **2** | Учество на јавноста во креирање на јавни политики | **256** |
| **3** | Зголемување на транспарентноста на локалната самоуправа | **164** |
| **4** | Зајакнување на капацитетите на граѓанскиот сектор | **136** |
| **5** | Друго | **2** |

а)целосна контрола (финансиска и правна) на НВО секторот

б)политиката - надвор од сите институции






# АКЦИОНЕН ПЛАН

# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

**Економските мерки претставуваат значаен дел во создавањето нова визија за економскиот раст што се базира на концептот на одржлив развој.**

Денес во општината се соочуваме со стремеж на поединци кон високи профити со обрт на капиталот на краток рок кој не дава основа за одржлив развој во општината. Нема доволно критична маса да се повлече економијата, нема воспоставено партнерство помеѓу јавниот и приватниот сектор. Човечки ресурси постојат, но тие не се соодветно искористени. Граѓаните немаат еднакви можности и третман при вработување.

Нашата развојна визија е општината да ја оствари својата стратешка цел - да стане конкурентна, просперитетна и да го подобри стандардот и квалитетот на живот на своето население.

Нашето мото е: **"Најголемиот капитал во една средина се луѓето".**

Општината поседува човечки ресурси, има развиена сообраќајна, енергетска и друга инфраструктура, има богата занаетчиска традиција. Тоа се потенцијали кои треба да се искористат.

Економските мерки од акциониот план предвидуваат изготвување на стратегија за економски развој која ќе ги дефинира ресурсите, можностите и потенцијалите на локалната заедница. Општината, со децентрализацијата, има можност сама да го креира економскиот развој. Формираното одделение за локален економски развој е добра основа за промовирање на идеи, програми и информации за бизнис секторот.

Планот предвидува развој на мали и средни претпријатија, како и поттикнување на стимулативната политика на ЛС за поедноставни, побрзи, поефикасни процедури, услуги, мерки и инструменти за поддршка на економскиот развој.

Развојот на приватниот сектор на локално ниво носи придобивки за целата заедница - приход на претпријатијата, плата на вработените, даноци за државата, а за општините дел од ДДВ и персонален данок на доход.

Паралелно со економскиот развој, треба да бидат вградени и мерките за заштита и унапредување на животната средина преку:

- одржлива експлоатација на природните ресурси;
- воведување на почисти технологии;
- создавање на зелени појаси околу капацитетите.

**И во највисоко развиените економии - малите акции играат пресудна улога.**

# СОЦИЈАЛА, ЗДРАВСТВО И ОБРАЗОВАНИЕ

## Социјална патологија

**Социјалната слика во општината во последните години е видно изменета.**

Голем број на семејства станаа дисфункционални поради постојаниот наплив на проблеми.

На младите им се измеша системот на општествено моралните вредности и тие го одбраа ноќниот живот, како заштита од денот кој со себе ја носи суровата реалност. Повеќето од нив ја напуштија општината и заминаа во други средини или во странство.

Слободното време на младите е неисполнето со активности и доведува до здодевност и остава простор за дејствување на разни негативни фактори и прифаќање на негативни форми на однесување - употреба на алкохол и дрога кој ги туркаат во криминал, измама, проституција.

Овие проблеми се специфични за секое подрачје, затоа мерките и формите на заштита треба е да се градат во местото каде што настануваат. Во локалната заедница е потребен соодветен однос кон социјалните прашања.

### Зависници од дрога и алкохол

Бројот од 60 регистрирани зависници и 180 регистрирани пробатори на дрога во градот е алармантен. Темната бројка е пет пати повисока. Бројот на зависниците од алкохол е далеку поголем.

Но, проблемот има и други димензии. Него го следи семејното насилство чии најчести жртви се жените и децата. Кога односите стануваат неподносливи семејниот систем се распаѓа.

Некои невладини организации прават напори за отворање на клубови на зависници или групи за самопомош.

Зависниците од дрога и алкохол во Велес немаат никакви можности за лекување. Медицинската терапија можат да ја добијат исклучиво во Скопје и тоа со нивни придружник. Тоа значи трошење на многу средства кои зависниците ги немаат, а и државата троши многу средства. Зависникот прима само медико терапија, а нема психо-социјална поддршка, ниту е применета семејна терапија.

Рецидивите од 90% покажуваат дека процесот на лекување е неодржлив.

Во градот е неопходен дневен центар за зависници, кој во себе ќе вклучи и интегриран процес на медико, психо и социо терапија, а потребна е координирана и континуирана едукација на младите за болестите на зависност, но и за промоција на здравиот начин на живеење.

Имајќи го ова во предвид, наша цел е да се промовира **социјална средина заснована на принципот за одржлив развој во чиј центар се луѓето.**

## Унапредување на здравјето

**Доброто здравје зависи од социјалниот и економскиот развој, но и од здравата животна средина.**

Во општината заразните заболувања и смртноста на доенчињата се ставени под контрола, но современите болести бележат значителен пораст.

Болестите на циркулаторниот систем се на прво место во општината како причина за смрт и како заболување.

Неоплазмите кај женската популација бележат пораст и општината е на прво место по овие заболувања во државата.

Бројот на респираторните заболувања кај детската популација кореспондираат со годините на интензивно аерозагадување. Статистичките податоци укажуваат дека загадената животна средина негативно влијаела врз здравјето на луѓето.

Одржливото здравје ги вклучува **превентивните активности**, но и **унапредување на примарната здравствена заштита** која го остварува првиот контакт со граѓаните.

Со децентрализацијата, во управување со мрежата на јавни здравствени организации, на локалната власт ќе припаднат објектите од примарната здравствена заштита. Затоа, акцент во акциониот план се дава на Службата за итна медицинска помош како институција која функционира 24 часа, пружа медицинска помош на итни случаи од градот, но ги опслужува и граѓаните од населените места од општината.

Со добро организирана, унапредена Служба за итна медицинска помош ќе се намалат трошоците во секундарното здравство, бројот на болнички денови, при што локалната заедница овие средства ќе може да ги насочи во превенција, а не во лекување на болните.

Нашата заедница мора да развие програма за одредување на здравствено-еколошките опасности и намалување на ризиците по здравјето.

Целите на акциониот план за здравство одат во насока на промоција на здравјето, здравствено просветување на населението и подигнување на јавната свест за здрави животни навики (избегнување на цигари, алкохол, брза храна, промовирање на движење во природа).

**Раната дијагноза** е битен фактор за унапредување на здравјето на граѓаните.

Заради нарушеното здравје на жената потребно е набавување на неопходната апаратура, особено за гинеколошки прегледи и прегледи на дојка.

Децата, како најосетлива група, трпат и најголеми последици од деградираната животна средина. Нивната активна улога и нивното здравје се неопходни во одржливиот развој на заедниците. Акциониот план предвидува активности за нивно здравствено и еколошко образование и рехабилитација.

## Локални образовни потреби

Реформите во образованието и образовниот систем се сведуваат на подобрување на квалитетот во реализацијата на воспитно-образовниот процес. За таа цел е изработена Националната програма за развој на образованието во Република Македонија (2005-2015). Истата претставува долгорочно планирање, со јасно определена визија и мисија.

Сепак, секоја општина си има своја специфика, свои барања и приоритети во делот на образованието.

Велес е општина која по сите параметри отиде најдалеку во делот на полесно приспособување и вклучување на образованието во процесот на децентрализација. Придобивките се огромни, но тоа е далеку од посакуваната цел.

Нашата визија е: “**Образование за сите ученици кои ќе го реализираат стручни и компетентни наставници со примена на современа образовна технологија преку реализација на нови наставни програми во адекватни просторни услови**“.

Нашето мото е: “**Локална средина во која сите учат**“.

Целта на акциониот план е насочена во следните клучни подрачја на интервенции: образование за сите, унапредување на интелектуалниот раст и учењето, зголемување на можностите за партиципација. Во наредниот период ќе се превземаат мерки за да се овозможи зголемување и подобрување на социјалната инклузија.

Акциониот план предлага активности за унапредување на образованието кај сите учесници во процесот. Инфраструктурните зафати во училиштата не се дел од овој план (а се детализирани во анализата во делот за образованието), заради блок дотациите од Холандската влада и Светската банка со кои ќе се решаваат приоритетните инфраструктурни проблеми во секое училиште.

# ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**Поврзувањето на општествениот и економскиот развој со заштитата на животната средина е вистинскиот пат за остварување на концептот за одржлив развој.**

Денес животната средина закрепнува, но последиците од тридецениското загадување на општината сеуште се чувствуваат.

Податоците укажуваат на значително подобрување на квалитетот на воздухот, подобрување на квалитетот на реката Вардар заради немање на постојан и голем извор на загадување.

Но, почвата е контаминирана со тешки метали и потребна е нејзина ревитализација.

Поради повеќегодишното загадување, апсорпциониот капацитет на природата за дополнително прифаќање на тешки метали е на гранично ниско ниво.

Акциониот план предвидува мерки за санирање на жешките точки, поефикасно **управување со животната средина, мониторинг, контрола**, инволвирање на јавноста во спроведувањето на локалните еколошки политики и стратегии.

Планот дополнително го третира управувањето со отпадот кој е резултат на неодржлива потрошувачка на луѓето. Мерките одат во правец на негово поефикасно собирање, транспортирање и депонирање, иницијативи за негово селектирање и рециклирање, промена на производно-потрошувачките навики на луѓето.

**Шумите се обновливи кога се управува со нив на начин компатибилен за зачувување на животната средина.**

Општина Велес е средно пошумена. Најголема пошуменост има по течението на реките Бабуна и Тополка.

За жал, повеќедецениска стварност се голините во непосредна близина на градот. Затоа од голема важност е создавање на зелен појас околу Велес.

Пошумувањето е неопходна потреба поради загадување на градот, како и поради геолошката подлога на околината на градот позната како ризично еродирано земјиште околу урбаната средина.

Овој зелен појас има за цел природно да го филтрира воздухот над урбаната средина, да го амортизира аерозагадувањето и да ја спречи ерозијата на теренот.

Втората намена на овој зелен појас би била рекреација на граѓаните за време на викендите, а изобилството од зелена маса делува и врз нивната психичката состојба.

Од 2002-2005 година во локалната заедница организирани се масовни граѓански акции за пошумување во непосредна околина на градот, со што се пошумени 265 хектари површина.

Зафатеноста на садниците е 90% - 1 700 садници на хектар и ги задоволува стандардите за пошумување.

Бидејќи овие шуми се бели дробови на градот, акциониот план предвидува мерки и за **одржливо управување и користење на веќе пошумените локации, како и пошумување на нови**.

# УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ

**Урбанизацијата на општеството е дел од развојниот процес. За урбаниот развој да стане одржлив, треба да се подобрат условите за живеење преку програми за урбани обновувања и унапредување на областите со бесправни градби.**

Општина Велес во блиското минато покажуваше криза во однос на животната средина и развој, а локалните екосистеми на градот се силно загадени и регионот има силен кумулативен (натрупувачки) и силен синергетски (вкупен) негативен ефект од делување на тешките метали во изминатите триесеттина години.

Акционот план препорачува зголемување на површините за просторна и духовна рекреација, која е особено значајна за урбани агломерации со загадена животна средина.

Заради ова, урбаното планирање ја зема во предвид сателитската населба на езеро "Младост" како алтернативна површина за живеење во здрава животна средина, но уште повеќе го зема во предвид подобрувањето на условите за живеење во градот.

Бидејќи општината има голем проблем со бесправно изградените објекти, таа би требало да создаде услови и поволности за нивно разрешување.

Хидросистемот "Лисиче" сеуште е во изградба. Според динамиката на работите, се очекува системот да се финализира до крај на 2007г. со што ќе се реши долгорочниот проблем со водоснабдувањето. Но, иако сеуште целосно не е профункциониран, отпадните води од Горно Врановци, Дреново, Горно и Долно Јаболчиште предизвикуваат загадување на вештачката акумулација. Затоа, акциониот план го третира и овој приоритет како врвен.

Предностите што ги има градот со текот на Вардар се слабо искористени, со исклучок на изградба на мал дел од течението во кеј и изградба на Мало мовче. Препораките одат во прилог за продолжување на изградба на кејот со што ќе се регулира коритото на реката (еколошки аспект), ќе се уреди и пејсажно обработи просторот (урбан аспект), ќе се овозможи спорт и рекреација на граѓаните (социјален аспект). Но, со активностите во делот од кејот, предвидена е и изградба на колектор за отпадни води од централното градско подрачје заради интегрално решавање на проблемот.

# ЛОКАЛЕН ДЕМОКРАТСКИ РАЗВОЈ

**Одржливиот развој промовира ефикасно демократско управување на локално ниво.**

Имајќи го во предвид квалитетот на животот на граѓаните, локалниот демократски развој треба да се земе како врвен приоритет преку зајакнување на соработката со различните локални групи, воспоставување на динамично партнерство и јасно дефинирање на нивните улоги.

Наша цел е **ефикасна, отворена општина** која работи во склад со потребите на граѓаните.

Наша цел е да се промовира и поттикне **учеството на граѓаните**, особено на етничките заедници, жените и младите во работата и функционирањето на општината.

Со постигнување на финансиска автономија на локалната власт и фискална децентализација, општината ќе може да ги планира, имплементира и финансира своите активности врз основа на сопствениот буџет и финансиски ресурси.

Транспарентноста и одговорноста треба да бидат основни цели на реформата на локалната самоуправа. Затоа дел од акциониот план содржи активности за постигнување на поголем квалитет во **процесот на децентрализација**.

Изразуваме задоволство што живееме во општина која ги промовира овие вредности во своето работење, но унапредувањето на локалната демократија е долготраен процес кој треба постојано да се надградува.

## ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

| *ПРИОРИТЕТИ* | *ЦЕЛИ* | *ЗАДАЧИ* | *АКТИВНОСТИ* | *ЦЕЛНИ ГРУПИ* |
|---|---|---|---|---|
| **Дефинирање на стратегија за ЛЕР** | Развиена стратегија за ЛЕР до 2008 година<br>. | Креирање на локална политика за ЛЕР | Донесување на општински акти за поддршка на ЛЕР | Бизнис сектор |
| | | | Обука на јавната администрација за управување со општинските ресурси (имот, финансии, човечки ресурси) | Општинска јавна администрација |
| | | | Изготвување на индекс за квалитет на живеење во општината | Граѓани |
| | | | Изготвување на правилник за даночни олеснувања на бизнис сектор влезен во процес на стандардизација за животна средина (ISO 14000) | Бизнис сектор |
| | | | Изработка на маркетинг план на општината како атрактивна локација | Граѓани, донатори, инвеститори |
| | | | Креирање на специфични локални предности (изработка на локален бренд) | Граѓани, донатори, инвеститори |
| | | Создавање база на податоци за човечките потенцијали во општината | Создавање на база за структурата на невработените во општината | Невработени |
| | | | Создавање на база за структурата на вработените во општината | Вработени |
| | | | Евидентирање на граѓаните кои мигрираат во странство | Иселеници |

| ПРИОРИТЕТИ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | АКТИВНОСТИ | ЦЕЛНИ ГРУПИ |
|---|---|---|---|---|
| | | Создавање на повеќе и поквалитетни можности за вработување и преквалификација | Организирање на обуки за невработени во постоечки тренинг центри за:<br>- самовработување<br>- преквалификација<br>- компјутер, интернет<br>- проект менаџмент | Невработени |
| | | | Организирање на обуки за:<br>- развој на претприемништво<br>- ЕУ финансирање | Претприемачи, менаџери на претпријатија |
| | | | Дефинирање на програма за волонтерска пракса во локални претпријатија | Високообразовани млади невработени кадри |
| | | ПЈС за повисок квалитет на производи | Кампања за ПЈС за воведување на стандарди за управување со квалитет<br>- ISO 9001/2000<br>- ISO 14000<br>- HACCP<br>- IPPC | Претприемачи, менаџери на претпријатија |
| | | | Презентација за влијанието на стандардите врз квалитетот на работата и извозот | Претприемачи, менаџери на претпријатија |

| ПРИОРИТЕТИ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | АКТИВНОСТИ | ЦЕЛНИ ГРУПИ |
|---|---|---|---|---|
| **Поттикнување на стимулативни мерки и инструменти за поддршка на економскиот развој** | Постигната конкурентност и компаративна предност на општина Велес пред другите општини во Републиката до 2010 година | Намалување на давачките по основ на инвестирање | Поставување јасно дефинирани и стандардизирани административни постапки за опслужување на инвеститорите | Бизнис сектор |
| | | | Ослободување од комунални давачки за МСП сектор во првите две години на инвестирање | Бизнис сектор |
| | | | Ослободување од комунални давачки за странски инвеститори во првите две години на инвестирање | Странски инвеститори |
| | | Формирање на фонд за ЛЕР | Покренување на иницијатива за формирање на фонд | Регионален центар за мали и средни претпријатија, Дени инкубатор, ЦПНВО |
| | | | Изготвување на предлог програма за работа на фондот со поставување на критериуми за користење на средствата од фондот | Јавен сектор, бизнис сектор, постоечки центри за ЛЕР |
| | | | Формирање на административно тело кое ќе го опслужува фондот | Јавен сектор, бизнис сектор, постоечки центри за ЛЕР |
| | | | Прераснување на административното тело во Агенција за ЛЕР | Јавен сектор, бизнис сектор, постоечки центри за ЛЕР |

| ПРИОРИТЕТИ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | АКТИВНОСТИ | ЦЕЛНИ ГРУПИ |
|---|---|---|---|---|
| | | Развој на капацитетите на веќепостоечките структури за ЛЕР | Изработка на анализа за капацитетите на постоечките структури за ЛЕР | Центри за ЛЕР |
| | | | Искористување на локална експертиза по дадени области | Центри за ЛЕР |
| | | | Формирање на партнерства:<br>- креирање на јавно-приватни партнерства<br>- водење на конкретни проекти за ЛЕР од страна на центрите мандатирани од локалната самоуправа | МСП сектор, start-up бизниси |
| | | Локални инвестиции во инфраструктурата | Пренамена на објекти во сопственост на општината за start-up бизниси | Start-up бизниси, семејни бизниси |
| **Поттикнување и развој на мали и средни претпријатија** | Поттикнат развој на МСП сектор до 2010 година | Информираност на МСП секторот | Изработка на заеднички web портал | МСП сектор |
| | | Промоција на МСП секторот | Организирање на форуми | МСП сектор |
| | | | Организирање трговски мисии на локални со странски претприемачи во соодветна област | МСП сектор |

## СОЦИЈАЛА, ЗДРАВСТВО И ОБРАЗОВАНИЕ

| ПРИОРИТЕТИ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | АКТИВНОСТИ | ЦЕЛНИ ГРУПИ |
|---|---|---|---|---|
| **Превенција на социјална патологија (превенција од дрога, други болести на зависност, жртви на семејно насилство и информирање за сида)** | Намалување на бројот на зависници од дрога и алкохол за 10% до 2015 година | Превенција на болестите на зависност кај децата и младинците | Едукација на едукатори во секое училиште | Наставници, ученици од средни училишта |
| | | | Организирање на интерактивни работилници за ученици и родители | Ученици, родители |
| | | | Кампања за промовирање на здрав начин на живот | Граѓани |
| | | Креирање на локална политика за превенција од зависности | Формирање на локално координативно тело за превенција од зависности | Социјални работници, лекари, наставници, НВО сектор, локална власт |
| | | | Изготвување на стратегија за превенција од зависности и усвојување од страна на Советот на општина Велес | Социјални работници, лекари, наставници, НВО сектор, локална власт |
| | | | Изготвување на годишна програма за работа на координативното тело | Социјални работници, лекари, наставници, НВО сектор, локална власт |
| | | | Вградување на едукативни активности за превенција од зависности во годишните програми на училиштата во подрачјето "Соработка со локална средина" | Стручни лица од Бирото за развој на образованието |

| ПРИОРИТЕТИ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | АКТИВНОСТИ | ЦЕЛНИ ГРУПИ |
|---|---|---|---|---|
| | | Реинтеграција на зависниците во локалната средина со медицинска и психосоцијална терапија | Создавање на предуслови за функционирање на дневен центар за зависници (простор, стручен тим, техничка опрема) | Зависници |
| | | | Формирање на дневен центар за болести на зависност | Зависници |
| | | | Формирање на интересни групи за самопомош | Зависници, апстиненти |
| | | | Воспоставување на соработка со НВО, Центар за вработување | НВО, Центар за вработување, апстиненти |
| | Зајакната стручна служба за социјална заштита | Доекипирање на стручните тимови во Центарот за социјална работа | Вработување на 10 социјални работници | Социјални работници |
| | | | Специјализација на стручни тимови по области (семејства, зависници, стари лица, хендикепирани, малолетничка деликвенција, заштита на децата) | Стручни тимови во Центарот (постоечки кадар и новопработени) |
| | | Обезбедување на нов простор за работа на Центарот за социјална работа | Реконструирање на старата бања во современ простор за работа на Центарот | Вработени во Центарот, сите целни групи со кои работи |

| ***ПРИОРИТЕТИ*** | ***ЦЕЛИ*** | ***ЗАДАЧИ*** | ***АКТИВНОСТИ*** | ***ЦЕЛНИ ГРУПИ*** |
|---|---|---|---|---|
| **Превенција од современи болести (циркулаторен систем, малигни заболувања)** | Намалување на бројот на заболени од кардиоваскуларни и малигни заболувања за 30% до 2015 година | Креирање на локална здравствена политика | Формирање на координативно тело за промоција на здравје | Социјални работници, лекари, наставници, претставници од Црвен крст, претставници од локална власт, НВО |
| | | | Изработка на ЛЗЕАП (Локален здравствен еколошки акционен план) | Социјални работници, лекари, наставници, претставници од Црвен крст, претставници од локална власт, НВО |
| | | | Усвојување на ЛЗЕАП од страна на Советот на Општината | Членови на Советот |
| | | | Доследно спроведување на законот против пушење во јавните институции | Јавни установи, пушачи |
| | | Превенција на заболувањата преку здравствено просветување на населението | Едукација на населението за здрав начин и стил на живот | Граѓани |
| | | | Едукација на населението за превентивни и масовни лекарски прегледи | Граѓани |
| | | | Промоција на спорт и рекреација | Деца и младинци |
| | | Ефикасност и стручност на службата за итна медицинска помош и домашно лекување | Едукација на 3 специјалисти по ургентна медицина | Лекари по општа пракса |
| | | | Стручно доусовршување на постоечкиот персонал за давање на итна медицинска помош и домашно лекување | Медицински персонал од Служба за итна медицинска помош |

| ПРИОРИТЕТИ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | АКТИВНОСТИ | ЦЕЛНИ ГРУПИ |
|---|---|---|---|---|
| | | | Усогласување на бројот на персонал во службата со стандардите на Светската здравствена организација | Служба за итна медицинска помош |
| | | | Реорганизација (формирање на оддел за итна медицинска помош и оддел за домашно лекување) | Служба за итна медицинска помош |
| | | | Обновување на возен парк со адекватни и функционални возила за теренска работа | Служба за итна медицинска помош |
| | | | Купување на опрема (3 ЕКГ апарати и 3 монитори) | Служба за итна медицинска помош |
| | | | Обезбедување на просторија на подолг здравствен третман на пациенти (кои треба да се следат, а за кои не е неопходно болничко лекување) | Пациенти |
| **Подобрување на здравствената состојба на децата** | Намалување на бројот на респираторни заболувања кај децата за 40% до 2015 година | Подобрување на здравствените услуги за децата | Опремување на матичните амбуланти со опрема за лекување на респираторните заболувања (инхалатори) | Деца, новороденчиња |
| | | | Формирање на полуинтензивна единица во болницата за деца болни од респираторни заболувања | Деца |

| ПРИОРИТЕТИ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | АКТИВНОСТИ | ЦЕЛНИ ГРУПИ |
|---|---|---|---|---|
| | | Подигнување на јавната свест за здрави животни навики | Кампања “Излегувај во природа“ | Родители и деца |
| | | | Организирање на еднонеделна настава во природа за еколошко-здравствено просветување и социјализација на децата | Ученици и наставници |
| | | | Организирање на викенд излети од страна на училиштата | Ученици и наставници |
| | | Климатска рехабилитација на децата | Изградба на центар за климатска рехабилитација | Деца, родители |
| **Подобрување на здравствената состојба на жената** | Намалување на бројот на неоплазми кај жените за 50% до 2015 година | Превенција од појавата на неоплазми | Информирање и едукација на жената за превентивни гинеколошки прегледи и самопрегледи на дојка | Жени |
| | | | Изготвување на акционен план за организирани превентивни гинеколошки прегледи | Жени |
| | | Обезбедување на опрема за рана дијагноза на неоплазми | Купување на мамограф | Жени |
| | | | Купување на повеќенаменски ултразвучен апарат | Жени |
| **Подобрување на образовните стандарди** | Применета современа образовна технологија во адекватни просторни услови | Стручно доусовршување на наставниот кадар | Отворање на едукативно - истражувачки центар за наставен кадар | Наставници, педагошко-психолошка служба |
| | | | Испитување на потребите за видот на обука за стручно доусовршување | Наставници |
| | | | Изготвување на програма за работа на едукативниот центар | Наставници |

| *ПРИОРИТЕТИ* | *ЦЕЛИ* | *ЗАДАЧИ* | *АКТИВНОСТИ* | *ЦЕЛНИ ГРУПИ* |
|---|---|---|---|---|
| | | | Отварање на Е-библиотека во едукативниот центар | Наставници |
| | | | Обука на наставниците и директорите | Наставници и директори |
| | | | Обука на педагошко-психолошката служба за професионална ориентација на учениците | Педагошко-психолошка служба |
| | | | Стимулирање на кадри за стручно усовршување за магистри и доктори на наука | Високообразовни кадри |
| | | Подобрување на образовната технологија во училиштата | Воспоставување на критериуми при вработување на нов наставен кадар | Апликанти за работа во образовен процес |
| | | | Адаптација и примена на стандарди на знаење ISO | Ученици, наставници |
| | | | Градење на стандарди за оценување на учениците | Ученици, наставници |
| | | Воведување на современи наставни програми | Изработка на стратегија за отворање на нови насоки | Средношколци |
| | | | Изработка на годишни програми на средните училишта според локалните образовни потреби | Ученици |
| | | Креирање на локална образовна политика | Изготвување на стратегија за соработка со родителите | Родители, ученици |
| | | | Јакнење на соработката со НВО секторот | НВО, училишта |

| ПРИОРИТЕТИ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | АКТИВНОСТИ | ЦЕЛНИ ГРУПИ |
|---|---|---|---|---|
| | | | Анализа за потребите на државата од нова високообразовна институција | Граѓани, студенти |
| | | | Изготвување на стратегија за отворање на отсек во рамките на постоечкиот државен универзитет | Граѓани, студенти |
| | | Подобрување на просторните услови на предучилишните установи и училиштата | Реорганизација на просторните услови во училиштата | Ученици |
| | | | Реорганизација на просторните услови во градинките | Деца од предучилишна возраст |

## ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

| *ПРИОРИТЕТИ* | *ЦЕЛИ* | *ЗАДАЧИ* | *АКТИВНОСТИ* | *ЦЕЛНИ ГРУПИ* |
|---|---|---|---|---|
| **Санирање на последиците по животната средина предизвикани од емисиите** | Ремедијација на жешки точки во општината до 2015 година | Ремедијација на земјоделски површини | Испитувања на степен на загаденост на земјоделски површини (Башино село, Речани, Драњевица, Караслари, Раштани, Превалец, рени бунари) | Земјоделци, потрошувачи на храната |
| | | | Категоризација на земјоделските површини според степенот на загаденост | Земјоделци, потрошувачи на храната |
| | | | Изработка на стратегија за користење на земјоделско земјиште според степенот на загаденост | Граѓани |
| | | | Изработка на пилот проект за пренамена на земјиште | Земјоделци, граѓани |
| | | Ремедијација на градски површини | Испитување на степенот на загаденост на почва во градинки, училишта и паркови | Деца од предучилишна возраст, ученици, посетители на паркови, спортисти и рекреативци |
| | | | Ремедијација на површините кои ги надминуваат пропишаните норми за контаминација | Деца од предучилишна возраст, ученици, посетители на паркови, спортисти и рекреативци |
| | | | Зголемување на фреквенцијата, обемот и опфатот на одржување на улиците | ЈКП “Дервен“, граѓани |

| ПРИОРИТЕТИ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | АКТИВНОСТИ | ЦЕЛНИ ГРУПИ |
|---|---|---|---|---|
| | Воведени системи за управување со животната средина | Креирање на локална политика за управување со животната средина | Изготвување на локални стандарди за животна средина | Граѓани |
| | | | Изготвување на план за приоритетни активности во случај на зголемена загаденост на животната средина | Граѓани |
| | | | Изготвување на надворешен план за спречување и контрола на хавариите со учество на опасни супстанции | Сопственици на стопански субјекти, работници, граѓани |
| | | Воведување на сертифициран систем за управување со животната средина кај 10 претпријатија | Промоција на систем за управување со животната средина | Менаџерски тимови од претпријатија, ЛС |
| | | | Организирање на обука за претпријатијата и локалната самоуправа | Менаџерски тимови од претпријатија, ЛС (служба за животна средина) |
| | | Оспособување на локалната самоуправа за издавање на Б интегрирани дозволи | Институционално организирање на ЛС (формирање на Одделение за животна средина) | ЛС |
| | | | Учество во тренинг програми за Б интегрирани дозволи | ЛС, менаџери на претпријатија |
| | | | Кампања за информирање на операторите за нивните права и обврски кон животната средина | Менаџерски тимови во претпријатијата |
| | | | Оспособување на стручен кадар за обработка на апликации | Стручен кадар во ЛС во делот на животна средина |

| ПРИОРИТЕТИ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | АКТИВНОСТИ | ЦЕЛНИ ГРУПИ |
|---|---|---|---|---|
| | | Мониторинг и известување за состојбата со животната средина | Изготвување на Катастар на загадувачи во општината | Мали и средни претпријатија, индустриски капацитети |
| | | | Прибирање и обработка на податоците од мониторингот | ЛС |
| | | | Вмрежување и дисеминирање на информациите од мониторингот | ЛС, институции, НВОи, граѓани |
| | | Контрола на животната средина | Донесување на општински акти за функционирање на инспекциската служба | Совет на Општина Велес |
| | | | Формирање на инспекциска служба за животна средина | ЛС |
| | | | Обука на 2 инспектора | ЛС |
| **Пошумување на голините на Велес** | Пошумени 65% од вкупните голини на Велес до 2012 година | Пошумување на 385 хектари на локалитетот "Гроот" за 7 години | Машинска обработка на почвата со тешка механизација | Учесници во граѓански акции |
| | | | Обезбедување на контејнерски саден материјал | ЛС |
| | | | Организирање на граѓански акции за пошумување на минимум 55 ха годишно | Граѓани, НВОи, ЛС, ЈКП "Дервен", ШС "Бабуна", ученици, АРМ, корисници на социјална помош |
| | Воведување на сертифициран систем за управување со животната средина кај 10 претпријатија | Промоција на систем за управување со животната средина | Подготвен и дистрибуиран адекватен пропаганден материјал | Количина на дистрибуиран материјал, број на институции кои го примиле, ниво на информираност | 2006 | ЛС | 1 000 |
| | | Организирање на обука за претпријатијата и локалната самоуправа | Реализирани обуки | Број на обуки, број на луѓе, број на фирми, број на обучени | 2007 | ЛС | 2 000 |

| ***Цели на проектот*** | ***Проектни задачи*** | ***Активности*** | ***Очекувани резултати*** | ***Индикатори за успехот*** | ***Период за постигнување на резултати*** | ***Одговорно лице*** | ***Буџет (EURO)*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Оспособување на локалната самоуправа за издавање на Б интегрирани дозволи | Институционално организирање на ЛС (формирање на Одделение за животна средина) | Формирано одделение за животна средина | Интервенција во систематизација на ЛС, профункционирање на одделението | 2005 | ЛС | Од буџет на ЛС |
| | | Учество во тренинг програми за Б интегрирани дозволи | Спроведени тренинг програми | Број на опфатени претставници од ЛС, број на претставници од бизнис сектор | 2005-2008 | ЛС, бизнис сектор | / |
| | | Кампања за информирање на операторите за нивните права и обврски кон животната средина | Спроведена кампања | Ниво на информираност | 2006 | ЛС | 2 000 |

| Цели на проектот | Проектни задачи | Активности | Очекувани резултати | Индикатори за успехот | Период за постигнување на резултати | Одговорно лице | Буџет (EURO) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Оспособување на стручен кадар за обработка на апликации | Оспособен стручен кадар | Квалитет на обработени апликации, број на обработени апликации, време за разгледување и одобрување на апликации | 2005-2006 | ЛС | / |
| | Мониторинг и известување за состојбата со животната средина | Изготвување на Катастар на загадувачи во општината | Изготвена листа на загадувачи | Број на опфатени загадувачи | 2006-2007 | ЛС | според Национален катастар на загадувачи |
| | | Прибирање и обработка на податоците од мониторингот | Континуирано обезбедени и обработени податоци за животната средина | Подготвени временски извештаи (дневни, неделни, месечни, годишни) | 2005 во континуитет | ЛС | / |
| | | Вмрежување и дисеминирање на информациите од мониторингот | Редовно доставени извештаи, воспоставена мрежа | Број на интересни групи кои добиваат информации, достапност до информации | 2005 во континуитет | ЛС | / |

| *Цели на проектот* | *Проектни задачи* | *Активности* | *Очекувани резултати* | *Индикатори за успехот* | *Период за постигнување на резултати* | *Одговорно лице* | *Буџет (EURO)* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Контрола на животната средина | Донесување на општински акти за функционира-ње на инспекциската служба | Усвоени акти | Примена на акти, назначени локални инспектори | 2006 | ЛС | / |
| | | Формирање на инспекциска служба за животна средина | Формирана и профункциони-рана инспекциска служба | Број на инспектирани пријави, број на постапки и решени интервенции, квалитет на обработени пријави | 2006-2007 | ЛС | Од буџетот на општината |
| | | Обука на 2 инспектора | Спроведени тренинг програми | Број на обуки, ниво на обученост | 2006-2007 | ЛС | / |
| **Приоритет: Пошумување на голините на Велес** | | | | | | | |
| **Пошумени 65% од вкупните голини на Велес до 2012 година** | Пошумување на 385 ха на локалитетот "Гроот" за 7 години | Машинска обработка на почвата со тешка механизација | Подготвен терен за садење | метри должни обработена површина за садење | 2006-2013 | ШС "Бабуна" | / |
| | | Обезбедување на контејнерски саден материјал | Обезбедени и посадени садници | Број на садници, квалитет на саден материјал | 2006-2013 | ЛС | 9 000 годишно |

| *Цели на проектот* | *Проектни задачи* | *Активности* | *Очекувани резултати* | *Индикатори за успехот* | *Период за постигнување на резултати* | *Одговорно лице* | *Буџет (EURO)* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Организирање на граѓански акции за пошумување на минимум 55 ха годишно | Реализирани годишни граѓански акции | Број на учесници, пошумена површина, квалитет на пошумување, степен на зафатеност на саден материјал | 2006-2013 | Комитет за пошумување | / |
| | | Поставување на шумочуварска служба | Функционална и ажурна чуварска служба | Број на пријави, број на интервенции, степен на спреченост на уништување на нов и веќепосаден материјал | 2006 | ШС "Бабуна" | / |
| | Одржување на пошумените локалитети | Дефинирање на површини за паша и површини за шумски култури | Добиена слика за површини за паша и за шумски култури | $м^2$ дефинирани површини | 2006 | ШС "Бабуна" ЈП "Пасишта" | / |

| *Цели на проектот* | *Проектни задачи* | *Активности* | *Очекувани резултати* | *Индикатори за успехот* | *Период за постигнување на резултати* | *Одговорно лице* | *Буџет (EURO)* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Осовременување на пунктот за 24 часовна шумочуварска служба на Св. Илија | Современ и деноноќно функционален пункт | Вид на опрема, профункционирање на пунктот | 2006 | ШС "Бабуна" | 10 000 |
| | | Чување на шумските култури од испаша | Функционална и ажурна чуварска служба од испаша | Број на пријави, број на интервенции, степен на спреченост од испаша на пошумен локалитет | 2005 во континуитет | ЈП "Пасишта" | / |
| | | Поставување на дознаки во подигнати шумски култури | Поставени дознаки | Број на дознаки, почитување на пораките од дознаките | 2006-2013 | Комитет за пошумување | 500 |
| | | Одржување и реконструкција на патна мрежа на пошумениот локалитет | Функционална патна мрежа во шумите | метри должни реконструирана патна мрежа, проодност на патишта во пошумени локалитети | 2006-2013 | ШС "Бабуна" | / |

| *Цели на проектот* | *Проектни задачи* | *Активности* | *Очекувани резултати* | *Индикатори за успехот* | *Период за постигнување на резултати* | *Одговорно лице* | *Буџет (EURO)* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Фитопатолошка и ентомолошка заштита | Заштитени нови шуми од болести и штетници | Степен на спреченост на појава на болести и штетници | 2006 во континуитет | Научен институт за фитопатолошка и ентомолошка заштита | 1 000 годишно |
| | Учество на јавноста во одржувањето на подигнатите шумски култури | Активно учество на младинци во акциите за пошумување | Присутни и работно активни младинци на акциите | Број на учесници, ниво на задоволство од учество во акциите | 2006 во континуитет еднаш годишно | Министерство за образование- Подрачна единица Велес | / |
| | | Редовно присуство на членови на Комитетот за пошумување во медиуми | Медиумска застапеност на активностите за пошумување | Број на дадени интервјуа, зголемен интерес за учество во пошумување | 2005-2012 | Комитет за пошумување | / |

| *Цели на проектот* | *Проектни задачи* | *Активности* | *Очекувани резултати* | *Индикатори за успехот* | *Период за постигнување на резултати* | *Одговорно лице* | *Буџет (EURO)* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет: Управување со отпадот** | | | | | | | |
| **Современ начин на собирање и селектирање на отпадот транспорти-ран во регионална депонија до 2015 година** | Подигнување на јавната свест на населението за правилно постапување со отпадот | Печатење на информативни и едукативни материјали за управување со отпадот | Отпечатени и дистрибуирани материјали | Број на отпечатен и доставен пропаганден материјал, ниво на информираност на граѓаните | 2005 во континуитет | НВО сектор | / |
| | | Поставување на информативни и собирни штандови при поголеми случувања во градот | Обезбедени штандови | Стекнати навики за користење на собирните штандови, количество на отпад вон штандови | Континуирано | ЛС, НВО | 1 000 |
| | | Развивање на едукативни програми за учениците за собирање, селектирање и рециклирање на отпадот (програма “Зелено училиште“) | Развиени, прифатени и имплеменитрани едукативни програми | Број на училишта кои ги развиле програмите, број на училишта кои ги имплементирале, навика на учениците за селективно собирање на училишен отпад | 2007-2009 | Биро за развој на образование, НВО | 3 000 |

| *Цели на проектот* | *Проектни задачи* | *Активности* | *Очекувани резултати* | *Индикатори за успехот* | *Период за постигнување на резултати* | *Одговорно лице* | *Буџет (EURO)* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Организирање на собирни акции во училиштата | Реализирани акции | Количина на собрана стара хартија и пластика, број на вклучени ученици | Континуирано | ЛС, НВО | / |
| | Современо собирање и намалување на количините на отпадот | Кампања за намалување на количините на отпадот (промоција на интелигентно купување) | Спроведена кампања | Ниво на информираност на граѓаните | Континуирано | НВО | 1 000 |
| | | Поставување на оптимален број на современи контејнери | Обезбедени и поставени современи контејнери | Број на контејнери | 2006-2010 | ЈКП “Дервен“ | 37 000 |
| | | Воведување на ноќна смена за собирање на отпадот | Организирано собирање на отпад во вечерните часови | Промена на распоред и интервал на собирање | 2006 | ЈКП “Дервен“ | / |

| ***Цели на проектот*** | ***Проектни задачи*** | ***Активности*** | ***Очекувани резултати*** | ***Индикатори за успехот*** | ***Период за постигнување на резултати*** | ***Одговорно лице*** | ***Буџет (EURO)*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Кампања за користење на депонијата за градежен шут | Спроведена кампања | Број на диви депонии на градежен шут, степен на искористеност на постоечката депонија за градежен шут | 2006-2007 | ЛС | 1 000 |
| | | Поттикнување на приватни иницијативи за собирање селектиран отпад | Отворени нови собирни центри за селектиран отпад и подобрена работа на веќепостоечките | Број на новоотворени собирни центри, степен на соработка на центрите со граѓаните и институциите | 2006 во континуитет | ЛС, НВО | / |
| | Безбедно транспорти-рање и депонирање на отпадот | Подобрување на возниот парк за транспортира-ње на отпадот со соодветни возила | Заменети трактори со соодветни современи возила за транспорт на отпадот | Број на соодветни возила | 2007-2015 | ЈКП “Дервен“ | 250 000 |
| | | Спроведување на санитарно-хигиенските прописи на депонијата | Запазени прописи | Задоволени барања од прописи, степен на почитување на прописите | 2006 во континуитет | ЈКП “Дервен“ | / |

| *Цели на проектот* | *Проектни задачи* | *Активности* | *Очекувани резултати* | *Индикатори за успехот* | *Период за постигнување на резултати* | *Одговорно лице* | *Буџет (EURO)* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Изготвување на проект за ревитализација на просторот по затворање на депонијата | Подготвен проект | Обезбедени финансии за имплементација | До 2015 | ЛС | 5 000 |
| | | Поддршка на иницијативите за формирање на регионална депонија | Потпишан меморандум за меѓуопштинска соработка | Број на вклучени општини | 2006 во континуитет | ЛС | / |
| | | Изготвување на локален пропис за начинот на одлагање на трупови и остатоци од животни | Усвоен пропис | Задоволени барања од прописот, број на прекршочни пријави за непочитување | 2006-2007 | ЛС | / |

## УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ

| *Цели на проектот* | *Проектни задачи* | *Активности* | *Очекувани резултати* | *Индикатори за успехот* | *Период за постигнување на резултати* | *Одговорно лице* | *Буџет (EURO)* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет: Дефинирање на намени на површини за градба** | | | | | | | |
| **Обезбедена површина за живеење во здрава животна средина до 2015 година** | Изградба на инфраструктура во сателитска населба “Младост“ | Изработка на проектна документација | Изработена документација | Комплетност на документација | 2006 | ЛС | 4 000 |
| | | Изградба на улици и тротоари | Функционални улици и тротоари со запазени стандарди | Метри должни улици $м^2$ тротоари | 2007-2010 | ЛС | 200 000 |
| | | Изградба на систем за водовод и фекална канализација | Изграден и ставен во функција систем за водовод и фекална канализација | Број на објекти кои се снабдуваат со вода | 2007-2010 | ЛС | 38 400 |
| | | Изградба на атмосферска канализација | Прописно поставен систем за атмосферска канализација | Капацитет за прибирање на атмосферска канализација | 2007-2010 | ЛС | 16 000 |

| *Цели на проектот* | *Проектни задачи* | *Активности* | *Очекувани резултати* | *Индикатори за успехот* | *Период за постигнување на резултати* | *Одговорно лице* | *Буџет (EURO)* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Изградба на довод за електрична енергија, улично осветлување и телефонија | Поставен трансформатор, елементи за улично осветлување, воспоставена телефонска врска | Капацитет на трансформаторот, површина покриена со улично осветлување, соодветен број на можности за телефонски приклучоци со потреби на населбата | 2007-2010 | ЛС | 80 000 |
| | Уредување на јавно-прометни површини со озеленување | Оформување на дрвореди, паркови и тревници | Засадени дрвја, зазеленети површини | $м^2$ зазеленета површина, број на засадени соодветни дрвја | 2006-2010 | ЈКП “Дервен“ | 1 300 |
| | | Поплочување на плоштадки | Поплочени терени | $м^2$ површина | 2006-2010 | ЛС | 16 400 |
| | | Поставување на урбана опрема | Ставена во функција урбана опрема | Капацитет на искористеност | 2006-2010 | ЛС | 4 800 |

| ***Цели на проектот*** | ***Проектни задачи*** | ***Активности*** | ***Очекувани резултати*** | ***Индикатори за успехот*** | ***Период за постигнување на резултати*** | ***Одговорно лице*** | ***Буџет (EURO)*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Изградба на објекти за спорт и рекреација | Изградба на ракометно, кошаркарско, тениско игралиште со придружни содржини | Изградени спортски терени | Степен на искористеност, број на спортски настани | 2006-2010 | ЛС | 30 000 |
| | Промоција на населбата | Медиумска промоција на населбата | Поттикнат интерес кај граѓаните за купување на земјиште | Број на продадени локации | 2006-2007 | ЛС, медиуми | 500 |
| **Создадени услови за разрешување на проблемите со бесправно изградените објекти до 2010 година** | Легализација на бесправно изградени објекти | Изработка на ДУП-ови на просторот на бесправните градби | Подготвени 10 ДУП-ови | Број на подготвени ДУП-ови, степен на бесправни градби влезени во ДУП-ови | 2005-2010 | ЛС | 25 000 |
| | | Создавање на поволности за легализација (Програма за комуналии) | Создадени услови за легализација | Број на реализирани програми, број на легализирани градби, прилив во буџетот на општината | 2005-2010 | ЛС | / |

| *Цели на проектот* | *Проектни задачи* | *Активности* | *Очекувани резултати* | *Индикатори за успехот* | *Период за постигнување на резултати* | *Одговорно лице* | *Буџет (EURO)* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет: Доизградба на кеј на Вардар** | | | | | | | |
| **Изградени 650м должина од кеј на Вардар до 2010 година** | Парцијална изградба на колекторот од централното градско подрачје вдолж трасата на кејот | Усогласување на техничка документација за кејот со студија за колектор | Создадени услови за отпочнување со работа | Комлетирана документација | 2006-2008 | ЛС | 300 000 |
| | | Изведба на проект за колекторот | Изграден колектор | Степен на загаденост на река Вардар | 2008-2010 | ЛС | |
| | Изградба на кејот од Железен мост до Стар мост од лева и десна страна | Градежни активности (ископ, набивање, бетонирање, темели) | Изведени градежни активности | $м^2$ површина | 2006-2010 | ЛС | 1200000 |
| | | Хортикултурно уредување | Озеленети површини на кејот | $м^2$ оплеменет простор | 2006-2010 | ЛС<br>ЈКП<br>"Дервен" | 2 000 |
| | | Опремување со урбана опрема | Поставена урбана опрема | Користење на опремата, намалено количество на отпад на кејот | 2006-2010 | ЛС | 4 000 |
| | | Изградба на патека за тренинг на кајакарите | Изградена кајакарска патека | Степен на користење на патеката, број на одржани тренинзи | 2006-2010 | ЛС | 300 000 |

| Цели на проектот | Проектни задачи | Активности | Очекувани резултати | Индикатори за успехот | Период за постигнување на резултати | Одговорно лице | Буџет (EURO) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Поставување на инсталација за угостителски содржини | Поставена инсталација | Број на приклучени објекти на инсталацијата | 2006-2010 | ЛС | 25 000 |
| | Обезбедување одржливост на кејот | Воведување на такса за јавно-прометни површини | Утврдена оптимална такса | Редовност во плаќање на таксата, зголемен прилив во општинскиот буџет | 2007 | ЛС | / |
| | | Донесување на одлука за начинот на користење на површините | Воспоставени критериуми за користење на површините | Запазеност на критериуми | 2007 | ЛС | / |
| **Приоритет: Изградба на колекторски систем со пречистителна станица за заштита на акумулација "Лисиче"** | | | | | | | |
| **Добиена чиста вода за пиење до 2010 година** | Меѓуопштинска соработка | Склучување на спогодба за соработка меѓу општините Велес и Чашка | Донесена спогодба за соработка | Усвоена спогодба | 2006 | ЛС на општини Велес и Чашка | / |
| | | Формирање на координативно тело од двете општини | Формирано координативно тело | Функционалност на телото, број на донесени и спроведени одлуки | 2006 | ЛС на општини Велес и Чашка | / |

| ***Цели на проектот*** | ***Проектни задачи*** | ***Активности*** | ***Очекувани резултати*** | ***Индикатори за успехот*** | ***Период за постигнување на резултати*** | ***Одговорно лице*** | ***Буџет (EURO)*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Склучување на договор за стопанисување со системот | Склучен договор | Почитување на одредбите од договорот, број на спроведени одредби | 2007 | Совет на оопштини | / |
| | Обезбедување на техничка документација | Изготвување на проектна програма: -обезбедување на геодетски и хидролошки подлоги -геомеханички испитувања | Подготвена проектна програма | Функционалност на програмата | 2007 | ЛС | 3 000 |
| | | Изработка на студија | Изработена студија | Квалитет на студијата | 2007 | ЛС | 3 000 |
| | | Изработка на идеен и главен изведбен проект | Подготвени проекти | Степен на реализираност на проектот | 2008 | ЛС | 4 000 |
| | | Обезбедување на одобрение за градба | Обезбедено одобрение | Запазеност на рокот | 2008 | ЛС | / |

| ***Цели на проектот*** | ***Проектни задачи*** | ***Активности*** | ***Очекувани резултати*** | ***Индикатори за успехот*** | ***Период за постигнување на резултати*** | ***Одговорно лице*** | ***Буџет (EURO)*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Градежни активности на колекторски систем и пречистителна станица | Изградба на колекторски систем | Изграден колекторски систем | Функционалност на колекторот | 2009-2010 | ЛС | 650 000 |
| | | Изградба на пречистителна станица | Изградена пречистителна станица | Функционалност на пречистителната станица, намалена загаденост на акумулацијата | 2009-2010 | ЛС | |

## ЛОКАЛЕН ДЕМОКРАТСКИ РАЗВОЈ

| *Цели на проектот* | *Проектни задачи* | *Активности* | *Очекувани резултати* | *Индикатор и за успехот* | *Период за постигнување на резултати* | *Одговорно лице* | *Буџет (EURO)* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет: Подобрување на информираноста на граѓаните за функционирањето и надлежностите на локалната самоуправа** | | | | | | | |
| **Подобрена информираност на граѓаните за функционирањето и надлежностите на ЛС до 2008 година** | Мотивирање на граѓаните за придобивките од познавањето на надлежностите и функционирањето на ЛС | Медиумско претставување на надлежностите и функционирањето на ЛС од страна на стручни лица | Отвореност во работата на ЛС, институции | Емитувани ТВ емисии, број на написи во весници и број на вклучени експерти, ниво на информираност на граѓаните | 2005-2007 | НВО, ЛС, медиуми | / |

| Цели на проектот | Проектни задачи | Активности | Очекувани резултати | Индикатор и за успехот | Период за постигнување на резултати | Одговорно лице | Буџет (EURO) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Изработка на информативни флаери по области: економија, екологија, култура, урбанизам, комунално уредување, социјална заштита, здравство, образование и др. | Пристапност во работата на институциите | Тираж на издаден информативен материјал, тираж на отпечатен материјал по области, тираж на користен материјал од граѓаните | 2006-2007 | НВО, ЛС, локалните институции | 2 500 |
| | | Изработка на флаери и ТВ спот за правата и обврските на граѓаните | Транспарентност во работата | Емитувани ТВ спотови и дистрибуиран печатен материјал, ниво на запознаеност со правата и обврските | 2005-2006 | НВО, медиуми | 1 500 |

| ***Цели на проектот*** | ***Проектни задачи*** | ***Активности*** | ***Очекувани резултати*** | ***Индикатор и за успехот*** | ***Период за постигнување на резултати*** | ***Одговорно лице*** | ***Буџет (EURO)*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Користење на механизмите за информирањето за полесен пристап на граѓаните до информациите | Именување на лице за односи со јавноста | Информирани граѓани за работата на ЛС, донесени одлуки, поднесени иницијативи и склучени партнерства | Редовни брифинзи и број на организирани прес конференции, соопштенија и изјави | II половина на 2005 | ЛС | / |
| | | Одржување на редовни брифинзи | | Број на присутни медиуми и дадени прилози | Континуирано | Лице за односи со јавноста | / |
| | | Издавање на тромесечен локален весник | | Број на дистрибуиран весник, број на активни новинари во прилози | 2007-2008 | ЛС | 4x500=2 000 |

| *Цели на проектот* | *Проектни задачи* | *Активности* | *Очекувани резултати* | *Индикатор и за успехот* | *Период за постигнување на резултати* | *Одговорно лице* | *Буџет (EURO)* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет: Учество на јавноста во креирање на јавни политики** | | | | | | | |
| **Зголемено вклучување на јавноста во креирање на локалната јавна политика до 2015 година** | Подигнување на јавна свест за придобивките од вклучувањето во креирањето на локалната јавна политика | Кампања “Право да се знае, право да се биде сослушан и право да се влијае“ | Учество на граѓаните во донесување на одлуки од јавен интерес | Одржани трибини, број на присутни граѓани, број на вклучени експерти | 2006-2007 | Граѓански сектор | 2 500 |
| | | Кампања за волонтеризам | Доброволно вклучени граѓани во надминување на тековни проблеми во заедницата | Број на ангажирани волонтери | 2007-2009 | Граѓански сектор | 4 000 |
| | | Кампања за колективна граѓанска солидарност | Солидарно вклучени граѓани во локални акции и акции за помош | Број на поддржани акции од граѓани, број на вклучени НВО, медиуми и институции, ниво на задоволство од вклученоста и помошта | 2009-2011 | Граѓански сектор | 4 000 |

| Цели на проектот | Проектни задачи | Активности | Очекувани резултати | Индикатор и за успехот | Период за постигнување на резултати | Одговорно лице | Буџет (EURO) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Унапредување на функционирањето на урбаните заедници | Обука на претставниците од урбаните заедници за надлежностите и начинот на функционирање на ЛС | Обучени членови на советите на урбаните и месните заедници | Број на учесници во обуката, степен на примена на знаењата во работата | 2006 | Одговорен за урбани и месни заедници од ЛС, ЦПНВО | / |
| | | Техничко опремување на урбаните заедници (14 компјутери и телефонска линија на прием) | Функционални месни канцеларии | Број на корисници за решавање на граѓански проблеми | 2007-2015 | ЛС | 13 000 |
| | | Снабдување на урбаните заедници со книжен фонд | Опремени урбани заедници со литература | Број на корисници | 2006-2015 | Урбани заедници, ЛС, ЦПНВО | Донации |
| | | Доставување на писмен тромесечен извештај за работата на урбаните заедници до одговорното лице од ЛС | Транспарентен отчетен и чесен пристап во работењето на урбаните заедници | Поднесени извештаи | 2007-2015 | Претседатели на урбаните заедници | / |

| ***Цели на проектот*** | ***Проектни задачи*** | ***Активности*** | ***Очекувани резултати*** | ***Индикатор и за успехот*** | ***Период за постигнување на резултати*** | ***Одговорно лице*** | ***Буџет (EURO)*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Воспоставување комуникација на избраните претставници со граѓаните | Отворање на канцеларија за прием на граѓаните од страна на членови на Советот | Ефективно разрешени проблеми на граѓаните и институциите | Број на средби и консултации | 2006 | ЛС | / |
| | Учество во креирање на одлуки, програми и политики | Делување на НВО преку неформални начини за различни потреби | Унапредени демократски процеси | Број на поднесени иницијативи во процес на одлуки, број на донесени одлуки од одлучувачки тела | 2005-2015 | НВОи, ЦПНВО | / |

| Цели на проектот | Проектни задачи | Активности | Очекувани резултати | Индикатор и за успехот | Период за постигнување на резултати | Одговорно лице | Буџет (EURO) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет: Зголемување на транспарентноста на локалната самоуправа** | | | | | | | |
| **Зголемена отчетност, одговорност и отвореност на ЛС до 2015 година** | Постигнување на одржливост на веќе постоечките советодавни тела | Изготвување на деловник за работа на веќе постоечките советодавни тела (ЛЕР, Градски форум, Комитет за пошумување, Комитет за работа на ЈКП "Дервен" и др.) | Ефективна и квалитативна комуникација помеѓу подносителите на иницијативите и членовите на одлучувачките тела | Реализирани состаноци, ефективни дискусии на состаноците и поднесените иницијативи, поднесени препораки | 2006 | Претседатели на советодавни тела | / |
| | | Изготвување на редовни извештаи до Советот и јавно објавување на истите (со барање) | Транспарентен отчетен и чесен пристап во работењето на одлучувачките тела | Број на изготвени извештаи, објавени извештаи во медиумите, број на користени информации од граѓаните | 2006-2015 | Претседатели на советодавни тела | / |

| Цели на проектот | Проектни задачи | Активности | Очекувани резултати | Индикатор и за успехот | Период за постигнување на резултати | Одговорно лице | Буџет (EURO) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Формирање на нови советодавни тела | Континуитет во работата на Граѓанскиот комитет за одржлив развој | Организирани редовни средби по прашања од локално значење и давање препораки од одлучувачките тела | Број на состаноци, број на теми кои се дискутираат на комитетот | 2006-2015 | ГК | / |
| | | Формирање на советодавно тело за Локален демократски развој | Формирање и функционирање на советодавно тело за ЛДР | Одлука за формирање | 2006 | РГ за ЛДР | / |
| | Достапност на информациите од јавен карактер | Формирање на Front office во ЛС | Ефективно и брзо извршени услуги за граѓаните | Број на извршени услуги, ниво на задоволство на граѓаните | 2006-2007 | ЛС | / |
| | | Креирање на банка на податоци за информациите од јавен интерес | Користење на банката на податоци од страна на партнерски организации | Бројот на издадени податоци, степен на користење на банката на податоци | 2008-2015 | ЛС | / |

| ***Цели на проектот*** | ***Проектни задачи*** | ***Активности*** | ***Очекувани резултати*** | ***Индикатор и за успехот*** | ***Период за постигнување на резултати*** | ***Одговорно лице*** | ***Буџет (EURO)*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Партиципативна и консултативна улога на граѓаните во процесот на одлучување со помош на ИКТ | Web страна, е-меилинг листа на институции и други алатки | Воспоставена е-комуникација, размена на документи и побрзо донесување на одлуки | Број на посетеност на web страната, број на е-маил комуникација | 2006-2015 | ЛС | Според стратегијата која ја подготвува општината |

# АНЕКСИ

# Што е одржлив развој?

Развој на општината кој е економски остварлив, еколошки прифатлив, социјално одговорен и кој ќе се потпира на основните постулати на граѓанското општество.

Со одржливиот развој се промовира:

- одржлива употреба на ресурсите
- создавање на подобра социјална, здравствена и хумана сигурност
- развивање на култот на здрав живот
- превентивна здравствена заштита кај младите, жените и ризичните групи
- развивање еколошко и здравствено воспитание
- позеленување на производството
- преструктуирање на стопанството и развој на мали и средни претпријатија
- ослободување од потрошувачки менталитет - користење на автомобили со еколошки горива, помала потрошувачка, штедење на енергија, рециклирање на отпадот.

**Локалната агенда 21**, како стратешки документ за одржлив развој, нуди:

- реална слика за состојбите и реални можности за развој во заедницата;
- примена на принципите на одржливост при идентификување на проблемите и при нивно решавање;
- анализирање на проблемите со тимска работа, мултисекторски пристап, широка вклученост на јавноста;
- правилно насочување на идните акции и инвестиции во општината кон приоритетните проблеми;
- можност за полесно наоѓање на финансии и фондови при спроведување на активностите.

**Локалната агенда 21** ја изготви Граѓанскиот комитет, составен од претставници на:

- локалната власт
- бизнис-секторот
- институциите
- невладиниот сектор.

Со Граѓанскиот комитет се промовира:

- партнерство (бизнис, локална власт, НВО сектор)
- доверба меѓу луѓето
- поделба на идеи помеѓу луѓето од различни сектори кон заедничка цел
- работа на доброволна основа
- преземање на одговорност за сопствените проблеми
- позитивна промена во заедницата.

# Реализирани активности

**Лансирање на проектот**

Идентификување и донесување на сите страни заедно - претставници од локалните власти, бизнис сектор, институции, НВО сектор заради формирање на Граѓанскиот комитет.

**Формирање на Граѓански комитет за одржлив развој**

Граѓанскиот комитет е составен од 22 претставници.

Преку неговата работа се овозможува граѓанска партиципација во донесувањето на одлуки за прашања од локално значење.

Со Граѓанскиот комитет се искористува локална експертиза врз доброволна основа за да се помогне во надминувањето на локалните проблеми во заедницата.

**Формирање на работни групи**

Според категориите и обемот на приоритетите, се формираа 5 работни групи и се избраа нивните претседатели (од редовите на Граѓанскиот комитет).

- Работна група за Локален економски развој
- Работна група за Социјала, здравство и образование
- Работна група за Заштита и унапредување на животната средина
- Работна група за Урбано планирање
- Работна група за Локален демократски развој

**Анализа и проценка на заедницата**

Анализата и проценката на заедницата е основа на долгорочно стратешко планирање.

Граѓанскиот комитет направи проценка на моменталната состојба на елементите на одржлив развој на заедницата.

Извор на информации беа: стручни лица по соодветна проблематика, членови на Граѓанскиот комитет, соодветни општински документи и публикации.

Се анализираа вообичаените категории: демографија, социјална благосостојба, инфраструктура, природна средина, локална власт, локална економија, граѓански сектор.

Анализа на заедницата се вршеше со алатка позната како ***SWOT***.

Се утврдуваа силите и слабостите кои се внатре во заедницата, но и можностите и заканите како надворешни фактори кои влијаат на заедницата.

**Изготвување на визија на заедницата**

Тоа е состојба која ќе ја оствариме со креирањето на новиот стратешки план.

Визијата е насловена како "Добредојдовте во Велес - 2015г."

**Утврдување на приоритетите**

Граѓанскиот комитет спроведе постапка за утврдување на приоритети. Приоритетите се групираа по темите кои се обработуваа во проценката на заедницата:

- Локален економски развој
- Социјала, здравство и образование
- Заштита и унапредување на животна средина
- Урбано планирање
- Локален демократски развој

Конечната поширока листа на приоритети беше понудена на граѓаните во вид на анкетен прашалник заради испитување на преференциите во јавноста.

Изборот на приоритети од кои се креира акционен план го направи Граѓанскиот комитет со донесување на консензуална одлука.

**Развивање на акционен план на заедницата**

Работните групи работеа интензивно и фреквентно на:

- Поставување на јасно мерливи цели и задачи;
- Идентификување и избор на препорачани акции за разрешување на приоритетите со интегрален мултисекторски пристап;
- Изготвување на план за набљудување и оценување.

Акциониот план во основа содржи акции високо исплатливи кон одрживиот развој, технички изводливи за имплементација и со силна поддршка од јавноста во општината.

**Кампања за подигнување на јавната свест за одржлив развој**

Кампањата имаше за цел:

- запознавање на јавноста со одржливиот развој и значењето за заедницата;
- известување на јавноста за чекорите при изработката на стратегијата;
- пристап на јавноста до работата на телата и препорачаните активности;
- запознавање на јавноста со нацрт стратегијата;
- покривање на активностите од медиумите.

Овој дел опфати:

- отпечатен и дистрибуиран леток до граѓаните со информативна, едукативна и промотивна функција на одржливиот развој;
- ТВ спот кој се прикажуваше на локалната ТВ;
- неделни емисии во кои се обработуваа темите од акциониот план;
- давање на изјави за национални и локални медиуми;
- организирање на прес-конференција за промоција на анализата и проценката на заедницата;
- форум за запознавање на граѓаните со проектот.

**Јавна расправа по предлог-стратегијата**

Беше одржана јавна расправа со членовите на Советот на Општина Велес и дел од нивните забелешки беа вградени во документот.

**Усвојување на ЛА 21 од Совет на Општина Велес**

На 29.06.2005г. ЛА 21 беше усвоена од Советот на Општина Велес. Со ова, истата стана официјален документ на Општина Велес.

Граѓанскиот комитет изразува силна поддршка и поттик во имплементација на акциониот план во следните десет години.

.

# Придобивките од проектот за Општина Велес

**Локалните власти и нивните граѓани најдобро ги разбираат нивните локални проблеми, прашања и потреби.**

- Со децентрализацијата, локалната акција се насочува кон специфични потреби на градот.
- Со проектот се овозможи јавен процес на работење при што се креираше визија на заедницата, проценка на потребите, утврдување на приоритетите, размена на мислења, планирање и оценка на идните акции.
- Долгорочно, програмите за локална акција ги идентификуваат нејзините идни рационални чекори, ги водат идните инвестиции во општината и предизвикуваат трајни, позитивни промени во заедниците.
- Програмите за локална акција овозможуваат создавање на "социјален капитал" во заедницата и им се потребни на луѓето да ја преземат одговорноста за нивните сопствени проблеми.

**Зошто јавна партиципација?**

- Јавната партиципација функционира подобро. Колку повеќе луѓе од различни средини придонесуваат за разрешување на проблемот, толку подобри идеи се развиваат. Затоа, програмите за локална акција се мултисекторски.
- Тие ги промовираат решенијата за проблемите, бидејќи заедниците не мора постојано да се потпираат на национална или меѓународна поддршка за реализација на своите идеи.

**Зошто учествуваат припадниците од различни сектори во заедницата?**

- Локалните акции на сите граѓани во заедницата им даваат можност да се соберат заедно, да работат на доброволна основа за да ги дефинираат идните насоки на заедницата и да помогнат таа да стане подобро место за живеење.
- Процесот на јавно учество за решавање на прашања од локално значење е многу битен и незаменлив. Многу од самостојните решенија и идеи во група и со конкретни податоци добиваат нова смисла и тек.
- Процесот бара време. Битно е да се изоди квалитетно и со сите чекори во него.
- Иако учеството во Граѓанскиот комитет е на доброволна основа, ја бара сета сериозност, подготвеност и стручност. Холистичкиот и меѓусекторскиот пристап се многу важни за добра анализа, проценка и нудење на решенија за приоритетите.

НВО секторот од Велес му додели признание на проектот и на ЕД "Вила Зора" за најдобро воден проект заради мобилизирање на повеќе од 40-50 активни учесници во процесот на креирање на стратегијата, мултисекторскиот пристап и транспарентниот начин на работа.

# СТРУКТУРА НА ГРАЃАНСКИ КОМИТЕТ

## Полова структура на ГК




## Старосна структура на ГК




## Секторска структура на ГК



# ЛОКАЛНА АГЕНДА 21

## ПРЕГЛЕД НА ПРОЦЕСОТ

**I Фаза:**

**Лансирање на проектот**

Идентификување на учесниците

↓

Формирање на ГК за одржлив развој

↓

Формирање на работни групи

↓

Обука на ГК

↓

Запознавање на јавноста со проектот

→

**II Фаза:**

**Одредување на приоритети**

Анализа и проценка на заедницата

↓

Изготвување на визија на заедницата

↓

Утврдување на приоритети

→

**III Фаза:**

**Подготовка на ЛА 21**

Кампања за ПЈС

↓

Изготвување на Акционен план

↓

Изготвување на план за набљудување и оценување

→

**IV Фаза:**

**Верифицирање на ЛА 21**

Јавна расправа по предлог-стратегија

↓

Финализирање на предлог-стратегија

↓

Усвојување на ЛА 21 од Совет на Општина Велес

# ЛЕГЕНДА

**БДП** - Бруто домашен производ
**ГП** - Градежно претпријатие
**ГУП** - Генерален урбанистички план
**ДУП** - Детален урбанистички план
**ЕУ** - Европска Унија
**ЕД** - Еколошко друштво
**ЗЗЗ** - Завод за здравствена заштита
**ЗГР** -Здружение на граѓани Роми
**ЗГФ** - Здруженија на граѓани и фондации
**ИКТ** - Информатичко-комуникациска технологија
**ICP** - Индуктивна спрегната плазма
**ИТЗ** - Институт за трајни заедници
**ИВЗ** - Исламска верска заедница
**ЈКП** - Јавно комунално претпријатие
**ЈЗО** -Јавна здравствена организација
**ЈП** - Јавно претпријатие
**ЛА 21** - Локална агенда 21
**ЛС** - Локална самоуправа
**ЛЕАП** - Локален еколошки акционен план
**ЛЗЕАП** - Локален здравствен еколошки акционен план
**ЛЕР** - Локален економски развој
**ЛДР** - Локален демократски развој
**МЗШВ** - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
**МЗ** - Месна заедница
**МЦМС** - Македонски центар за меѓународна соработка
**МСП** - Мали и средни претпријатија
**МПЦ** - Македонска православна црква
**НДИ** - Национален демократски институт
**НВО** - Невладина организација
**ОУ** - Основно училиште
**ПВЦ** - поливинилхлорид
**ПЈС** - Подигнување на јавна свест
**РГ** - Работна група
**РЕЦ** -Регионален еколошки центар
**РМ** - Република Македонија
**СЗО** - Светска здравствена организација
**САД** - Соединетите Американски држави
**СДЦ** - Швајцарска агенција за развој и соработка
**ССМ** - Сојуз на синдикати на Македонија
**УНДП** - Програма за развој на Обединетите нации
**УСАИД** - Американска агенција за меѓународен развој
**ФИООМ** - Фондација Институт отворено општество Македонија
**ХИВ** - Хемиска индустрија Велес
**ХС** - Хидросистем
**ЦПНВО** - Центар за поддршка на невладини организации
**ШС** - Шумско стопанство

# СОДРЖИНА

Предговор …………………………………………………………………. 3

Членови на Граѓанскиот комитет за одржлив развој ………………….. 5

Стручна поддршка кон стратегијата ……………………………………. 6

Работни групи за одржлив развој …..…………………………………… 7

Анализа и проценка на заедницата ……………………………….…….. 9

Демографија ……………………………………………………………… 11

Социјална благосостојба ……………………………………….….……. 15

Инфраструктура ……………………………….…….………………….. 31

Животна средина ………………………………………….……………... 47

Локална власт ……………………………………….…………………… 63

Локална економија …………………………...…………………… 75

Граѓански сектор ………………………………………………………… 85

Визија ……….………………………………………………………….. 92

Одредување на приоритети …………………………….……………… 93

Акционен план …………………………………………….……………. 105

План за набљудување и оценување ………...………….…………… 137

Анекси …………………………………………………………………… 195

THE REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER
*for Central and Eastern Europe*

Овој проект е поддржан од страна на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа со средства обезбедени од EuropeAid Канцеларијата за Соработка на Европската Комисија.